Location:ЈП Службен весник на РСМ
Contact:contact@slvesnik.com.mk
Date:07.02.2025 18:02:25
Reason:Документ со електронски печат
CN=JP Sluzben vesnik na RSM, O=JP Sluzben vesnik na Republika Severna Makedonija, OID.2.5.4.97=NTRMK-4054857, OU=VAT - 4030987108771, C=MK

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## на Република Северна Македонија

**Број 27** **7 февруари 2025, петок** **година LXXXI**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**

**СОДРЖИНА**

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 572. | **Одлука** за давање согласност на Годишната инвестициона програма за 2025 година на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта..... | 3 |
| 573. | **Одлука** за давање согласност на Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности хидросистем „Злетовица“ - Пробиштип за 2025 година.................................... | 3 |
| 574. | **Одлука** за давање согласност на Годишната инвестициона програма за 2025 година на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ – п.о. – Скопје................................................. | 3 |
| 575. | **Одлука** за давање согласност на Годишната програма со финансиски план на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за 2025 година................................................. | 4 |
| 576. | **Одлука** за давање согласност на Среднорочната програма за работа на Фондот за иновации и технолошки развој за период 2025-2027 година.................................................... | 4 |
| 577. | **Одлука** за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина – дијабаз на локалитетот „Врбјани“, Општина Дебарца....... | 4 |
| 578. | **Одлука** за начинот и постапката при распределба на стоки во рамки на тарифни квоти.............................. | 4 |
| 579. | **Одлука** за давање на согласност на Тригодишна инвестициона програма за период од 1.1.2025 до 31.12.2027 година на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.................................................... | 5 |
| 580. | **Одлука** за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Лазар Лазаревски“ Велес...................... | 6 |
| 581. | **Одлука** за давање согласност на Ценовникот за висината на цената за снабдување со сурова вода од Регионалниот водоснабдителен систем Студенчица кон РЕК Осломеј на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица” - Кичево......... | 6 |
| 582. | **Одлука** за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми” п.о. – Скопје за 2025 година.. | 6 |
| 583. | **Одлука** за давање согласност на Годишниот финансиски план на Агенцијата за планирање на просторот за 2025 година............................. | 6 |

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 584. | **Одлука** за давање согласност на Инвестиционата програма на Јавното претпријатие Колекторски систем - Скопје за 2025 година.............. | 7 |
| 585. | **Одлука** за давање согласност на Годишната програма за реализација на Стратешкиот план на Агенцијата за катастар на недвижности за 2025 година.................................................... | 7 |
| 586. | **Одлука** за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад... | 7 |
| 587. | **Одлука** за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Јакимоско Поле“, Општина Виница.................. | 7 |
| 588. | **Одлука** за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Долно Поле“, с.Прибачево Општина Кочани.................................................... | 8 |
| 589. | **Одлука** за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје................................ | 8 |
| 590. | **Одлука** за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – глина на локалитетот „с.Уларци“, Општина Чешиново-Облешево и Општина Карбинци........................................... | 9 |
| 591. | **Одлука** за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба..................................... | 9 |
| 592. | **Одлука** за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба..................................... | 9 |
| 593. | **Одлука** за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба..................................... | 10 |
| 594. | **Одлука** за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба..................................... | 10 |
| 595. | **Одлука** за предавање на недвижност – градежно земјиште во владение на Град Скопје............................ | 10 |
| 596. | **Одлука** за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје................................................. | 11 |
| 597. | **Одлука** за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Општина Крива Паланка.............................. | 11 |
| 598. | **Одлука** за давање на трајно користење на недвижна ствар на Општина Крива Паланка.................................. | 11 |
| 599. | **Програма** за лекување на ретки болести во Република Северна Македонија за 2025 година........................ | 11 |
| 600. | **Програма** за обезбедување на инсулин, глукагон, инсулински игли и ленти за мерење шекер, инсулински пумпи со потрошен материјал и сензори за континуирано мерење на гликемија за 2025 година.................. | 13 |
| 601. | **Програма** „ЗДРАВЈЕ ЗА СИТЕ" за 2025 година........................................ | 14 |
| 602. | **Програма** за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението во Република Северна Македонија за 2025 година............... | 16 |
| 603. | **Програма** за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2025 година........... | 22 |
| 604. | **Програма** за спроведување на мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата, како и контрола на квалитетот на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата за 2025 година........ | 24 |
| 605. | **Програма** за работа на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за 2025 година..... | 25 |
| 606. | **Програма** за користење на средствата за ветеринарно јавно здравство за 2025 година............................ | 30 |
| 607. | **Програма** за организирање и унапредување на крводарителството во Република Северна Македонија за 2025 година....................................... | 32 |
| 608. | **Програма** за основни геолошки истражувања за 2025 година................ | 33 |
| 609. | **Програма** за субвенции од областа на спортот за 2025 година................. | 34 |
| 610. | **Програма** за развој на спорт и млади за 2025 година............................... | 36 |
| 611. | **Програма** за развој на претприемништвото и конкурентноста на малите и средните претпријатија за 2025 година....................................... | 36 |
| 612. | **Програма** за систематски прегледи на учениците и студентите во Република Северна Македонија за 2025 година....................................... | 38 |
| 613. | **Програма** за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2025 година....................................... | 40 |
| 614. | **Програма** за поддршка за социјална сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност за 2025 година........ | 45 |
| 615. | **Програма** за финансиска поддршка во органското земјоделско производство за 2025 година...................... | 46 |
| 616. | **Програма** за рана детекција и скрининг на малигни заболувања во Република Северна Македонија за 2025 година....................................... | 48 |
| 617. | **Програма** за поттикнување на потрошувачка на свежо овошје за 2025 година................................................ | 66 |
| 618. | **Програма** за користење на капиталните дотации за финансирање на инвестициони проекти на општините и општините во Градот Скопје за 2025 година.................................................. | 68 |
| 619. | **Годишна програма** за рекултивација на деградирани простори за 2025 година....................................... | 68 |

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 620. | **Решение** од Судски совет на Република Северна Македонија................. | **69** |
| 621. | **Оглас** од Судски совет на Република Северна Македонија..................... | **69** |
| 622. | **Одлука** за изменување на Одлуката за Методологијата за сигурност на информативниот систем на банката.... | **71** |
| 623. | **Одлука** за изменување на Одлуката за издавање дозволи.......................... | **72** |
| 624. | **Одлука** за изменување на Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка......................... | **73** |
| 625. | **Одлука** за изменување на Одлуката за методологијата за управување со ликвидносниот ризик........................ | **73** |
| 626. | **Одлука** за изменување на Одлуката за начинот на вршење супервизија и надзор................................................ | **74** |
| 627. | **Одлука** за изменување на Одлуката за условите и постапката за спроведување на планот за рехабилитација и планот за пренос на средствата и обврските.......................................... | **75** |
| 628. | **Одлука** за изменување на Одлуката за издавање согласности................... | **76** |
| 629. | **Одлука** за изменување на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот............... | **77** |
| 630. | **Одлука** за изменување на Одлуката за начинот на работење на филијала на странска банка.............................. | **80** |
| 631. | **Одлука** за изменување на Одлуката за задолжителната резерва............... | **80** |
| 632. | **Одлука** за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт........ | **81** |
| | **Огласен дел**...................................... | **1-76** |

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**572.**

Врз основа на членот 11 точка 8 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНАТА ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА ЗА 2025 ГОДИНА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ПАСИШТА

1. Со оваа одлука се дава согласност на Годишната инвестициона програма за 2025 година на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта бр.02-29/3 од 28.1.2025 година, усвоена од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата, одржана на 28.1.2025 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 50-99/6<br>4 февруари 2025 година<br>Скопје | Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Северна Македонија,<br>**Љупчо Димовски,** с.р. |

**573.**

Врз основа на член 11 точка 8 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНАТА ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ВОДОСТОПАНСКИ ДЕЈНОСТИ ХИДРОСИСТЕМ „ЗЛЕТОВИЦА“ - ПРОБИШТИП ЗА 2025 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се дава согласност на Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ - Пробиштип за 2025 година бр.02-716/7 од 27.12.2024 година, усвоена од Управниот одбор на Јавното претпријатие, на седницата одржана на 27.12.2024 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 50-126/6<br>4 февруари 2025 година<br>Скопје | Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Северна Македонија,<br>**Љупчо Димовски,** с.р. |

**574.**

Врз основа на член 11 точка 8 од Законот за јавните претпријатија ( „Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНАТА ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА ЗА 2025 ГОДИНА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДРЖАВНИТЕ ШУМИ „НАЦИОНАЛНИ ШУМИ” – П.О. – СКОПЈЕ

1. Со оваа одлука се дава согласност на Годишната инвестициона програма за 2025 година на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми'' – п.о. – Скопје, бр.02-36/1 од 8.1.2025 година, усвоена од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата, одржана на 10.1.2025 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 50-292/6<br>4 февруари 2025 година<br>Скопје | Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Северна Македонија,<br>**Љупчо Димовски,** с.р. |

**575.**

Врз основа на член 13 став (1) од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија” бр.14/07, 103/08, 130/08 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.13/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА СО ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ ЗА 2025 ГОДИНА**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Годишната програма со Финансиски план на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за 2025 година, бр.01-1562/1 од 16.12.2024 година, донесена од Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, на седницата одржана на 16.12.2024 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 50-438/4<br>4 февруари 2025 година<br>Скопје | Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Северна Македонија,<br>**Љупчо Димовски,** с.р. |

**576.**

Врз основа на член 28 став (2) од Законот за иновациската дејност („Службен весник на Репуб-лика Македонија“ бр. 79/13, 137/13, 41/14, 44/15, 6/16, 53/16, 190/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.235/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СРЕДНОРОЧНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ФОНДОТ ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ ЗА ПЕРИОД 2025-2027 ГОДИНА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Среднорочната програма за работа на Фондот за иновации и технолошки развој за период 2025-2027 година, бр.01-1031/13 од 13.1.2025 година, донесена од Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој, на седницата одржана на 13.1.2025 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 50-490/11<br>4 февруари 2025 година<br>Скопје | Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Северна Македонија,<br>**Љупчо Димовски,** с.р. |

**577.**

Врз основа на член 50 став (3) од Законот за минерални суровини (*) („Службен весник на Република Македонија” бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.99/22, 129/23, 253/23 и 147/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕ НА КОНЦЕСИЈАТА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – ДИЈАБАЗ НА ЛОКАЛИТЕТОТ „ВРБЈАНИ“, ОПШТИНА ДЕБАРЦА**

1. Со оваа одлука концесијата за експлоатација на минерална суровина – дијабаз на локалитетот „Врбјани“, Општина Дебарца, доделена со Договор за концесија за експлоатација за потребите за изградба на автопат А2: Кичево – Охрид на минерална суровина – дијабаз на локалитетот „Врбјани”, Општина Дебарца бр.24-2641/1 од 11.5.2022 година на Јавното претпријатие за државни патишта, престанува да важи заради истек на рокот за периодот на кој е доделена концесијата.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 50-604/3<br>4 февруари 2025 година<br>Скопје | Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Северна Македонија,<br>**Љупчо Димовски,** с.р. |

**578.**

Врз основа на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција, Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Украина, Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и ЕФТА државите, Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници, Спогодбата за партнерство, трговија и соработка меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, Протоколот за пристапување на Република Македонија во Светската трговска организација и член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ПРИ РАСПРЕДЕЛБА НА СТОКИ ВО РАМКИ НА ТАРИФНИ КВОТИ**

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа одлука се определува начинот и постапката при распределба на стоки во рамки на тарифни квоти за преференцијален увоз согласно Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција, Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Украина, Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и ЕФТА државите, Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници, Спогодбата за партнерство, трговија и соработка меѓу Република Северна

Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска и Протоколот за пристапување на Република Македонија во Светската трговска организација (во натамошниот текст: стоки).

Член 2

При увозот на стоките од член 1 на оваа одлука плаќањето на увозните давачки се врши согласно билатералните и мултилатералните договори за слободна трговија, Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници, Спогодбата за партнерство, трговија и соработка меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска и Протоколот за пристапување на Република Македонија во Светската трговска организација.

Член 3

При увозот на стоките од член 1 на оваа одлука ќе се користи принципот на распределба „прв дојден, прв корисник“ (first come, first served), во согласност со склучениот договор и спогодба за слободна трговија и протокол во чии рамки е договорен преференцијален увоз на тарифни квоти.

Член 4

Листите на стоки со квартално утврдени количини за кои се врши распределба се објавуваат во „Службен весник на Република Северна Македонија“ еднаш годишно од страна на Министерството за надворешни работи и надворешна трговија.

Неискористените количини на стоките на крајот на секој квартал се пренесуваат во првиот нареден квартал како дополнување на утврдената количина на стоки од листата на стоки на тарифни квоти.

## II. ПОСТАПКА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СТОКИТЕ ПО ПРИНЦИПОТ ПРВ ДОЈДЕН, ПРВ КОРИСНИК

Член 5

За стоките што подлежат на користење на преференцијал увоз во рамки на тарифни квоти се поднесува електронска царинска декларација со соодветно пополнет податок за број на секоја поединечна квота, што се смета за валидно барање за распределба на тарифни квоти.

Електронската царинска декларација од став 1 на овој член преку Електронскиот систем за обработка на декларации и акцизни документи (во понатамошниот текст: СОЦДАД) се поднесува до една од следниве царински испостави:

| Име на царинската испостава | Шифра |
|---|---|
| I. ЦАРИНАРНИЦА СКОПЈЕ | MK001000 |
| Царинска испостава СКОПЈЕ 1 | MK001010 |
| Царинска испостава СКОПЈЕ 3 | MK001013 |
| Царинска испостава СКОПЈЕ 4 | MK001014 |
| Царинска испостава СКОПЈЕ 2 | MK001015 |
| Царинска испостава БЛАЦЕ - Отсек за стоков промет | MK001075 |
| II. ЦАРИНАРНИЦА КУМАНОВО | MK002000 |
| Царинска испостава КУМАНОВО | MK002010 |
| Царинска испостава ТАБАНОВЦЕ АВТОПАТ-Отсек за стоков промет | MK002030 |
| Царинска испостава ДЕВЕ БАИР - Отсек за за стоков промет | MK002050 |
| III. ЦАРИНАРНИЦА ШТИП | MK003000 |
| Царинска испостава ШТИП | MK003010 |
| Царинска испостава ДЕЛЧЕВО - Отсек за за стоков промет | MK003030 |
| Царинска испостава ВЕЛЕС | MK003050 |
| IV. ЦАРИНАРНИЦА ГЕВГЕЛИЈА | MK004000 |
| Царинска испостава ГЕВГЕЛИЈА | MK004020 |
| Царинска испостава КАВАДАРЦИ | MK004040 |
| Царинска испостава СТРУМИЦА | MK004050 |
| Царинска испостава НОВО СЕЛО - Отсек за стоков промет | MK004060 |
| V. ЦАРИНАРНИЦА БИТОЛА | MK005000 |
| Царинска испостава БИТОЛА | MK005010 |
| Царинска испостава МЕЏИТЛИЈА - Отсек за стоков промет | MK005020 |
| Царинска испостава СТРУГА | MK005060 |
| Царинска испостава ЌАФАСАН- Отсек за стоков промет | MK005070 |

Член 6

Царинската управа врши распределба на тарифните квоти секој работен ден во 15 часот преку Електронскиот систем за интегрирана тарифна околина (во понатамошниот текст: ИТО).

Прифаќањето на електронските царински декларации се врши согласно член 216 став (7) од Уредбата за спроведување на Царинскиот закон.

Сите електронски декларации за тарифни квоти поднесени во текот на еден календарски ден подеднакво конкурираат за распределба на преостанатата тарифна квота.

Ако количините кои се бараат за распределба на тарифната квота се поголеми од количината која што е на располагање, распределбата се врши пропорционално на количините кои се барани на истиот датум.

Член 7

Стоките кои се наоѓаат во транзитна постапка, кои биле привремено чувани или кои се наоѓале во постапка на царинско складирање во претходна календарска година може да учествуваат во распределбата на тарифни квоти за тековната календарска година.

## III. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 8

Со денот на отпочнување на примената на оваа одлука престанува да важи Одлуката за начинот и постапката при распределба на стоки во рамки на тарифни квоти („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 228/19).

Член 9

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-611/11
4 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

---

**579.**

Врз основа на член 13 став (1) од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија” бр. 14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 13/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ НА ТРИГОДИШНА ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА ЗА ПЕРИОД ОД 1.1.2025 ДО 31.12.2027 ГОДИНА НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Тригодишна инвестициона програма за период од 1.1.2025 до 31.12.2027 година на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр.01-1563/1 од 16.12.2024 година, донесена од Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, на седницата, одржана на 16.12.2024 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-949/4
4 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

---

**580.**

Врз основа на член 74 став (4) од Законот за ученичкиот стандард („Службен весник на Ре-публика Македонија“ бр. 52/05, 117/08, 17/11, 135/11, 15/13, 41/14, 146/15, 30/16, 64/18 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 248/20, 302/20 и 235/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА НА ОПШТИНСКИОТ УЧЕНИЧКИ ДОМ „ЛАЗАР ЛАЗАРЕВСКИ“ ВЕЛЕС**

Член 1

Со оваа одлука на Општинскиот ученички дом „Лазар Лазаревски“ Велес му се доделуваат вкупно 3.226.000,00 денари, од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, Раздел 16001, Програма 5, Потпрограма 50, Расходна ставка 464 - Разни трансфери.

Член 2

Средствата од член 1 од оваа одлука, се доделуваат за подмирување на трошоци за тековно работење во однос на режии за греење, електрична енергија и потрошена вода, а кои не можеле да се предвидат и планираат во буџетот на Општинскиот ученички дом „Лазар Ла-заревски“ Велес.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-997/7
4 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

**581.**

Врз основа на член 11 точка 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ЦЕНОВНИКОТ ЗА ВИСИНАТА НА ЦЕНАТА ЗА СНАБДУВАЊЕ СО СУРОВА ВОДА ОД РЕГИОНАЛНИОТ ВОДОСНАБДИТЕЛЕН СИСТЕМ СТУДЕНЧИЦА КОН РЕК ОСЛОМЕЈ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ „СТУДЕНЧИЦА”-КИЧЕВО**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Ценовникот за висината на цената за снабдување со сурова вода од Регионалниот водоснабдителен систем Студенчица кон РЕК Осломеј на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица”-Кичево бр.02-233/1-2 од 4.2.2025 година, донесен од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата, одржана на 4.2.2025 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“ .

Бр. 50-1012/4
4 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

---

**582.**

Врз основа на член 11 точка 6 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Се-верна Македонија“ бр.275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ВРЕДНОСТА НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДРЖАВНИТЕ ШУМИ „НАЦИОНАЛНИ ШУМИ“ П.О. – СКОПЈЕ ЗА 2025 ГОДИНА**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми” п.о. – Скопје за 2025 година, бр.02-73/5 од 29.1.2025 година, донесена од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата, одржана на 29.1.2025 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-1013/5
4 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

---

**583.**

Врз основа на член 79 став (1) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНИОТ ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ЗА 2025 ГОДИНА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Годишниот финансиски план на Агенцијата за планирање на просторот за 2025 година, бр.05-1861/1 од 18.12.2024 година, усвоен од Управниот одбор на оваа агенција, на седницата, одржана на 18.12.2024 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-1047/3
4 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

**584.**

Врз основа на член 11 точка 8 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ИНВЕСТИЦИОНАТА ПРОГРАМА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ КОЛЕКТОРСКИ СИСТЕМ - СКОПЈЕ ЗА 2025 ГОДИНА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Инвестиционата програма на Јавното претпријатие Колекторски систем – Скопје за 2025 година, бр. 02-844/6 од 24.12.2024 година, донесена од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата, одржана на 24.12.2024 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-1059/4
4 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

**585.**

Врз основа на член 4 став (3) од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19 и 155/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН НА АГЕНЦИЈАТА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ ЗА 2025 ГОДИНА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Годишната програма за реализација на Стратешкиот план на Агенцијата за катастар на недвижности за 2025 година, бр. 1415-18097/1 од 29.11.2024 година, донесена од Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности, на седницата одржана на 29.11.2024 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-1063/3
4 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

**586.**

Врз основа на член 42 став (3) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР НА ПРАВНО ЛИЦЕ КОЕ ВРШИ ДЕЈНОСТ ИЛИ ПОСЕДУВА ДОЗВОЛА ЗА СОБИРАЊЕ И/ИЛИ ТРАНСПОРТИРАЊЕ, ПРЕРАБОТКА, РЕЦИКЛИРАЊЕ И УНИШТУВАЊЕ НА ОТПАД**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести-Скопје, да спроведе постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад на движни ствари-опрема кои се дотраени, неупотребливи и технолошки застарени и не можат да се продадат или разменат како такви, согласно Одлуката за усвојување на Извештај за расход на движни ствари бр. 02-3859/4 од 25.12.2024 година, донесена од Управниот одбор на ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести-Скопје.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-1169/6
4 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

**587.**

Врз основа на член 51 став (2) од Законот за минерални суровини (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.99/22, 129/23, 253/23 и 147/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ЕДНОСТРАН РАСКИН НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – ПЕСОК И ЧАКАЛ НА ЛОКАЛИТЕТОТ „ЈАКИМОСКО ПОЛЕ“, ОПШТИНА ВИНИЦА**

1. Со оваа одлука Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Јакимоско Поле“, Општина Виница, бр.24-834/1 од 9.2.2023 година, еднострано се раскинува од страна на концедентот, бидејќи концесионерот нема поднесено барање за издавање на дозвола за експлоатација на минерални суровини во рок од шест месеци од денот на склучување на Договорот за концесија за експлоатација на минерални суровини.

2. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на Друштвото за вработување на инвалидни лица заштитно друштво за градеж-ништво, производство, трговија и услуги ВИН – ИМ ДООЕЛ Виница на локалитетот „Јакимоско Поле“, Општина Виница, бр.41-9384/14 од 25 ноември 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.258/22).

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-1223/4
4 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

**588.**

Врз основа на член 52 став (5) од Законот за минерални суровини (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.99/22, 129/23, 253/23 и 147/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ЕДНОСТРАН РАСКИН НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА - ПЕСОК И ЧАКАЛ НА ЛОКАЛИТЕТОТ „ДОЛНО ПОЛЕ“, С.ПРИБАЧЕВО ОПШТИНА КОЧАНИ**

1. Со оваа одлука Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Долно Поле“, с.Прибачево Општина Кочани бр.24-4103/1 од 9.7.2018 година и бр.24-4103/15 од 30.10.2018 година, еднострано се раскинува по барање на концесионерот Друштвото за градежништво, трговија, услуги и производство ПРИМАГРАДБА ДОО Штип, заради немање на економски интерес за натамошно извршување на концесијата за експлоатација.

2. Со денот на влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на Друштвото за градежништво, трговија, услуги и производство ПРИМАГРАДБА ДОО Штип на локалитетот „Долно Поле“ с.Прибачево, Општина Кочани бр.44-4456/1-17 од 2 мај 2018 година и бр.44-9292/1 од 16 октомври 2018 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.84/18 и 193/18).

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-1225/4
4 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

**589.**

Врз основа на член 85 став (5) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 224/24 и 233/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА ПРАВО НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ, СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје се дава право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, со вкупна површина од 9.299 м2, кое претставува КП бр.2458/7, КО Србица-вон град, градежно неизградено земјиште, со површина од 4.134 м2 и КП бр.2456, КО Србица-вон град, градежно неизградено земјиште, со површина од 1.450 м2, запишани во Имотен лист бр.651 и КП бр.2455/1, КО Србица -вон град, градежно неизградено земјиште, со површина од 3.715 м2, запишано во Имотен лист бр.685, согласно Извод од одобрен урбанистички проект бр.48/2023, Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотонапонска електроцентрала со моќност до 10 MW на локација Осломеј 2 на: КП 5000 дел, КП 2459/1-дел, КП 2459/3-дел, КП 2458-дел, КП 2456, КП 2455-дел и КП 2147 КО Србица вон град, Општина Кичево, со тех. бр. 0701-358 од јуни 2022 година, одобрен од страна на министерот за транспорт и врски со Потврда бр.21-3592/6 од 7.7.2022 година, заради изградба на објект од јавен интерес со намена Е1-Сообраќајни инфраструктури.

Член 2

Правото на трајно користење на градежното земјиште од член 1 на оваа одлука се дава без надоместок.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-1292/5
4 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

**590.**

Врз основа на член 52 став (5) од Законот за минерални суровини (*) („Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.99/22, 129/23, 253/23 и 147/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ЕДНОСТРАН РАСКИН НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – ГЛИНА НА ЛОКАЛИТЕТОТ „С. УЛАРЦИ", ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО И ОПШТИНА КАРБИНЦИ**

1. Со оваа одлука Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – глина на локалитетот „с.Уларци", Општина Чешиново-Облешево и општина Карбин-ци бр.24-5717/1 од 13.11.2014 година, еднострано се раскинува по барање на концесионерот Друштвото за промет и услуги МЕХАНИКА ДОО увоз-извоз Кочани, заради немање на економски интерес за натамошно извршување на концесијата за експлоатација.

2. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за давање на концесија за експлоатација на минералната суровина – керамичка глина на "Механика" Зоранчо ДООЕЛ увоз-извоз Кочани на локалитетот во атарот на с.Уларци – Кочани, бр.19-6245/1 од 19 декември 2006 година („Службен весник на Република Македонија" бр.135/06).

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 50-1311/3
4 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

**591.**

Врз основа на член 38 ставови 3 и 4 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија'' бр.161/19, 178/21, 91/23, 218/24 и 235/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЗАКУП НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ СО НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Марија Голубовиќ, ул. „Партизанска'' бр.42, Росоман, за земјоделско земјиште под долгогодишен насад, кое се наоѓа на дел од КП бр.1358/1, место викано Цинаница, катастарска култура нива, катастарска класа 3, со површина од 17ари 98м2 запишано во Имотен лист бр.94 за КО Росоман, сопственост на Република Северна Македонија.

Член 2

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука ќе го потпише министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука се склучува со времетраење до 6.2.2045 година.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 50-1314/3
4 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

**592.**

Врз основа на член 38 ставови 3 и 4 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија"' бр.161/19, 178/21, 91/23, 218/24 и 235/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЗАКУП НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ СО НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за склучување на договор за закуп на земјоделското земјиште со непосредна спогодба со Иле Илиевски, ул.„Скопска" бр.132, Свети Николе, за земјоделско земјиште под долгогодишен лозов насад, со вкупна површина од 10259м2, кое се наоѓа на КП бр.2229-дел, место викано Село, катастарска култура нива, катастарска класа 3, со површина од 10083м2, запишано во Имотен лист бр.171 за КО Дорфулија и КП бр.2986-дел, место викано Памлуклук, катастарска култура нива, катастарска класа 5, со површина од 176м2, запишано во Имотен лист бр.1171 за КО Дорфулија, во сопственост на Република Северна Македонија.

Член 2

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука ќе го потпише министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука се склучува со времетраење до 2.7.2042 година.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот од објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 50-1315/3
4 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

**593.**

Врз основа на член 38 ставови 3 и 4 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19, 178/21, 91/23, 218/24 и 235/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЗАКУП НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ СО НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Заштитното трговско друштво за производство, трговија и услуги „Унипласт БК“ увоз-извоз ДОО с.Мороишта, Струга, на земјоделско земјиште под долгогодишен насад, кое се наоѓа на КП бр.1143/1-дел, место викано Јасенче, катастарска култура нива, катастарска класа 1, со површина од 7ха 64 ари 85м2, запишано во Имотен лист бр.163 за КО Враништа-вонград, во сопственост на Република Северна Македонија.

Член 2

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука ќе го потпише министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука се склучува со времетраење до 25.7.2042 година.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот од објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-1318/3
4 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

**594.**

Врз основа на член 38 ставови 3 и 4 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија” бр. 135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр. 161/19, 178/21, 91/23, 218/24 и 235/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЗАКУП НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ СО НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги Хем-Алијанс ДООЕЛ Неготино, со седиште ул.Населено место без уличен систем Пепелиште, Неготино, за земјоделско земјиште под долгогодишен насад, кое се наоѓа на КП бр.1601/29-дел, место викано „Бела Земја“, катастарска култура нива и овоштарник, катастарска класа 4 и 2, со површина 7ха 13ари 44м2, запишано во Имотен лист бр.1104 за КО Пепелиште, сопственост на Република Северна Македонија.

Член 2

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука ќе го потпише министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука се склучува со времетраење до 21.4.2041 година.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 50-1321/3
4 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

**595.**

Врз основа на член 33 став (2) од Законот за експропријација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16, 178/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21, 111/23 и 208/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕДАВАЊЕ НА НЕДВИЖНОСТ – ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО ВЛАДЕНИЕ НА ГРАД СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука на Град Скопје – како предлагач на експропријацијата, да му се предаде во владение недвижност - градежно земјиште кое претставува:

1. КП.бр.1184, КО Драчево 2, со површина од 72 м2, запишана во Имотен лист бр.192257, согласно Решение за експропријација У.бр.30-350/21-1 од 10.9.2024 година на Министерство за финансии-Управа за имотно правни работи, Одделение за управна постапка во Кисела Вода - Скопје;

2. Дел од КП.бр.1185 (стара состојба) односно КП.бр.1185/2 (нова состојба) КО Драчево 2, со површина од 26 м2, запишана во Имотен лист бр.192402, согласно Решение за експропријација У.бр.30-350/21-1 од 10.9.2024 година на Министерство за финансии-Управа за имотно правни работи, Одделение за управна постапка во Кисела Вода - Скопје и

3. Дел од КП.бр.1194 (стара состојба) односно 119/133 идеален дел од КП.бр.1194/2 (нова состојба) КО Драчево 2, со површина од 110 м2, запишана во Имотен лист бр.193099, согласно Решение за експропријација У.бр.30-351/21-1 од 11.9.2024 година на Министерство за финансии-Управа за имотно правни работи, Одделение за управна постапка во Кисела Вода - Скопје, за изградба на линиски инфраструктурен објект од јавен интерес булевар „БОРИС ТРАЈКОВ-СКИ“, на потег од Пинтија до Драчево.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“

Бр. 50-1324/3
4 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

**596.**

Врз основа на член 13 став (3) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19 , 275/19 и 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР ВО СОПСТВЕНОСТ НА ГРАД СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука на Град Скопје се пренесува во сопственост, без надоместок, недвижна ствар - објект кој се наоѓа на ул.„Боро Тодоровиќ“ бр.4 Скопје, на КП бр.1814, КО Гази Баба, зграда бр.1, намена на зграда А1, влез 001, кат ПР, бр. 001, намена на посебен/заеднички дел од зграда СТ, со внатрешна површина од 59м², запишан во Имотен лист бр.654, сопственост на Република Северна Македонија.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-1325/3
4 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

**597.**

Врз основа на член 13 став (3) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

Член 1

Со оваа одлука на Општина Крива Паланка се пренесуваат во сопственост, без надомест, недвижни ствари - објекти, кои се наоѓаат на ул. „8-ми Октомври“ бр. 61, Крива Паланка, на КП бр. 2321/1, КО Крива Паланка, запишани во Имотен лист бр. 2468, сопственост на Република Северна Македонија и тоа:

- зграда бр. 1, намена на зграда В4, влез 001, кат 01, број 002, намена на посебен/заеднички дел од зграда О, со внатрешна површина од 281 м2;
- зграда бр. 1, намена на зграда В4, влез 001, кат ПО, број 001, намена на посебен/заеднички дел од зграда П, со внатрешна површина од 280 м2;
- зграда бр. 1, намена на зграда В4, влез 001, кат ПР, број 001, намена на посебен/заеднички дел од зграда О, со внатрешна површина од 294 м2;
- зграда бр. 1, намена на зграда В4, влез 003, кат ПО, број 001, намена на посебен/заеднички дел од зграда П, со внатрешна површина од 118 м2 и
- зграда бр. 2, намена на зграда В4, влез 001, кат ПР, број 001, намена на посебен/заеднички дел од зграда О, со внатрешна површина од 244 м2.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-1442/2
4 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

**598.**

Врз основа на член 18 став (1) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 275/19 и 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

Член 1

Со оваа одлука на општина Крива Паланка, се дава на трајно користење, без надомест, недвижна ствар - објект, кој се наоѓа на ул. „8-ми Октомври“ бр. 61, Крива Паланка, на КП бр. 2321/1, КО Крива Паланка, запишан во Имотен лист бр. 2468, сопственост на Република Северна Македонија, и тоа:

- зграда бр. 3, намена на зграда А3-1, влез 001, кат К1, број 002, намена на посебен/заеднички дел од зграда СТ, со внатрешна површина од 301 м2 и
- зграда бр. 3, намена на зграда А3-1, влез 001, кат ПР, број 001, намена на посебен/заеднички дел од зграда СТ, со внатрешна површина од 301 м2.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-1444/2
4 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

**599.**

Врз основа на член 16 ставови 2 и 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24, 74/24 и 170/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
# ЗА ЛЕКУВАЊЕ НА РЕТКИ БОЛЕСТИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2025 ГОДИНА

## 1. ВОВЕД

Групата на ретки болести е хетерогена група болести кои се генерално хронични и го намалуваат квалитетот и/или должината на животот на заболените лица. Околу 80% од овие заболувања се генетски, а повеќето од нив засега се уште се неизлечиви. И покрај тоа што се различни една од друга по генезата, популацијата што ја зафаќаат, траењето и слично, овие болести имаат многу заеднички карактеристики: потешкотии во нивното препознавање, скапи и тешко достапни дијагностички процедури, ретки и скапи терапевтски можности заради што пациентите се соочени со голем број потешкотии како за дијагностицирање, така и за лекување на својата состојба.

Ретките болести генерално, може да се дефинираат како патолошки состојби кои имаат низок морбидитет во популацијата. Категоријата на ретки болести спаѓаат во групата на хронични незаразни болести со ниска преваленца кои имаат сериозен ризик по животот и вклучуваат трајно губење на одредена функција комплетно или делумно. Кај некои ретки болести можат да се појават и ретки комбинации на коморбидитети.

Согласно експертското мислење на Комисијата за ретки болести при Министерството за здравство, во „Регистар на ретки болести и на пациенти кои боледуваат од ретки болести" се вбројуваат единствено заболувања кои се наведени во ОРФАН листата на ретки болести.

Ретка болест, според Европскиот експертски комитет за ретки болести, е секоја болест или нарушување кое погодува мал дел од населението, односно со преваленца од не повеќе од 5 на 10 000 лица. Во оваа група не се вбројуваат хронично изнемоштени или несоодветно третирани заболувања, како и болни со ретка секундарна компликација на честа болест.

## 2. АНАЛИЗА НА МОМЕНТАЛНАТА СОСТОЈБА

Програмата за лекување на ретки болести започнува и за првпат е донесена во 2009 година за лекување на два пациенти со една иста ретка болест, а во последователните години постојано е зголемувана листата на лекови - ОРФАН и на лекувани пациенти со ретки болести.

Заклучно со декември 2024 година во Електронскиот Регистер на ретки болести има регистрирано вкупно 959 лица, од кои за околу 350 лица се обезбедуваат лекови преку Програмата за ретки болести.

Во 2024 година се воведени четири нови лекови - ОРФАН за терапија и тоа за 7 пациенти со ретка болест.

Заклучно со јавната набавка во 2024 година, преку Програмата за лекување на ретки болести обезбедени се вкупно 51 лек за лекување на пациенти со ретка болест.

Сите пациенти ги исполнуваат критериумите и за нив е дадено позитивно мислење од Националната комисија за ретки болести.

Од 1 јуни 2023 година воспоставен е Електронскиот регистар за ретки болести и електронскиот модул за ретки болести во рамките на електронскиот здравствен систем Мој Термин.

Регистерот ги содржи сите основни податоци за пациентот, дијагнозата на пациентот, терапијата која е потребна, клиниката на која се лекува и докторот кој го лекува, согласно законот за евиденции во областа на здравството.

Со регистарот се воспоставува и целосна евиденција на издавањето на лековите за пациентите со ретки болести, преку вклучување на болничките аптеки при Универзитетските клиники каде се лекуваат пациентите како и целосна евиденција на количината на подигнати лекови од страна на пациентите и на расположивите количини на лекови набавени согласно Праграмата за лекување на пациенти со ретки болести во болничките аптеки како и во веледрогериите со кој се склучени договори за набавка.

На овој начин Министерството за здравство ќе има увид во секој момент со расположивата количина на лековите со кои јавните здравствени установи располагаат, со што би се намалил ризикот за дефицит на потребниот лек за ретки болести.

## 3. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА И МЕРКИ КОИ Е НЕОПХОДНО ДА СЕ ПРЕЗЕМАТ

Основна цел на Програмата за ретки болести е обезбедување на терапија со лекови – ОРФАН за лицата со ретки болести кои се вклучени во Регистарот на ретки болести на Република Северна Македонија, за чиешто лекување постои одобрение од Комисијата за ретки болести при Министерството за здравство. Преку Програмата за ретки болести ќе се лекуваат оние заболувања кои спаѓаат во ОРФАН листата на ретки болести, но чија преваленца во Република Северна Македонија не надминува 1 на 100 000 жители.

Со оваа програма се обезбедува стандард на лекување на лицата со ретки болести, сличен на стандардот на лекување на другите болести во здравствениот систем, согласно светските нормативи за лекување и обезбедениот буџет наменет за ретките болести.

Во Програмата не е вклучено обезбедување на потребите од ортопедски и други помагала, обезбедување на суплементи (масти и витамини и слично), како и за лицата кои се лекуваат преку Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

Комисијата за ретки болести предлага отпочнување на терапија на лице со ретка болест врз основа на усвоена стручна процедура на Комисијата за ретки болести и соодветна документација обезбедена од лекарот што го води пациентот.

За поставување на терапија не може да се одлучува ретроактивно откако е одобрена терапија на друго ниво во државата, отпочнато лекување во друга држава или ако е првично отпочната терапија преку донации. Медицинската документација за овие пациенти потребно е да биде доставена на разгледување до Комисијата за ретки болести преку соодветната Универзитетска клиника каде ќе биде продолжено лекувањето.

За дијагнозите со ретка болест кај кои преваленцата во Република Северна Македонија е надмината, а за кои веќе се набавуваат лекови преку програмата за ретки болести, ќе бидат опфатени со програмата, се додека не се обезбеди нивното лекување преку други извори на финансирање.

При одлучување на комисијата по одредено прашање, во предвид треба да се има следното:

- преку Програмата за ретки болести можат да се лекуваат пациенти со ретки болести дадени во ORPHAN листата за ретки болести
- лекот задолжително треба да биде одобрен од страна на релевантни тела - ЕМА (Europian MedicinesAgency) - Европа или ФДА (Food and Drug Administration) - Соединети Американски држави.
- за болеста мора да постои препорака за лекување со одреден т.н. лек – ОРФАН (сирак) и истиот да не се обезбедува преку Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

- треба да постојат однапред дефинирани критериуми за мерливост на ефектите на лекувањето врз основа на кои понатаму, во строго дефинирани временски периоди ќе се евалуираат ефектите од терапијата од страна на независно тело - комисија одредена од страна на Министерството за здравство,

- експериментална терапија или терапија која е во тек на клинички студии не може да биде одобрена за лекување. Ново-излезени лекови нема да се одобрат се додека не се добие меѓународна потврда дека истите даваат позитивни резултати, дека се препорачани од релевантни институции за употреба и дека се подготвени протоколи за примена,

- доколку има повеќе лекови за иста болест, ќе се земе во предвид: лекот за кој има поголемо позитивно меѓународно искуство, индивидуалниот пристап кон пациентот, мислењето на лекарот кој го дијагностицирал и/или го лекува пациентот во однос на ефектите од лекувањето со истиот, а по потреба на барање на Министерството за здравство и мислење од експерти од соодветната област,

- барање за одобрување за лекување на пациент со ретка болест до Националната комисија за ретки болести може да поднесе само лекар кој го дијагностицирал пациентот и/или го лекува пациентот, кој има позитивно мислење од стручниот колегиум од својата матична универзитетска клиника каде ќе биде лекуван пациентот. Барањето за поставување на пациентот на Програмата за ретки болести треба да биде одобрено од стручниот колегиум и потпишано од Директорот на соодветната ЈЗУ Универзитетска клиника,

- евалуацијата на пациентите за ефектите од терапијата ќе ја врши посебно формирана стручна комисија составена од 3 члена, потврдена од Националната комисијата за ретки болести, од кои барем еден еод областа или од блиска област во која е групирана ретката болест и член на националната комисијата за ретки болести, во строго дефинирани временски периоди, најмалку еднаш годишно или пократко во зависност од видот на болеста,

- сите пациенти со ретки болести кои се регистрирани за лекување се внесуваат во „Електронскиот регистар на ретки болести" и истиот се обновува во годишни интервали врз основа на ефектите од лекувањето.

## 4. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Вкупните средства за реализација на оваа програма, изнесуваат 1.260.000.000,00 денари од кои 260.000.000,00 денари се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година и 1.000.000.000.00 денари се обезбедуваат од сопствени приходи на Министерство за здравство. Со програмата се предвидува и исплата на неизмирени обврски за остварување на правата согласно Програмата за лекување на ретки болести во Република Северна Македонија за 2024 година.

## 5. ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Лековите за терапија на лицата заболени од ретки болести ќе ги набавува Министерството за здравство по пат на јавна набавка, како и дистрибуирањето до јавните здравствени установи - универзитетски клиники каде се лекуваат пациентите со ретки болести, извршители на активностите.

Јавните здравствени установи - универзитетските клиники при Клинички центар „Мајка Тереза"- Скопје кои се извршители на активностите, водат евиденција за пациентите и дадената терапија согласно донесената процедура за дистрибуција и издавање на лекови/терапија, донесено од страна на Министерството за здравство по предлог на Комисијата за ретки болести како стручно советодавно тело на министерот за здравство.

Издавањето на оралната терапијата на пациентите од страна на универзитетските клиники при Клинички центар „Мајка Тереза"- Скопје, кои се извршители на активностите се врши за период од најмногу два (2) месеца, а во вонредни услови за период од најмногу четири (4) месеци.

## 6. ДОСТАВУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАИ

Јавните здравствените установи - универзитетските клиники кои се извршители на оваа програма, имаат обврска, задолжително да ги внесуваат сите податоци за прием на лекови и издавање на терапија на секој пациент во Електронскиот регистар за ретки болести и електронскиот модул за ретки болести во рамките на електронскиот здравствен систем Мој Термин и да доставуваат редовни шестмесечни барања до Министерството за здравство за бројот на пациентите, моменталната залиха на лекови и потребни количини за истите.

## 7. ВЛЕГУВАЊЕ ВО СИЛА

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 50-128/6
4 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

**600.**

Врз основа на член 16 став (1) алинеја 10 и став (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24, 74/24 и 170/24), Владата на Република Северна Македонија на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
# ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ИНСУЛИН, ГЛУКАГОН, ИНСУЛИНСКИ ИГЛИ И ЛЕНТИ ЗА МЕРЕЊЕ ШЕКЕР, ИНСУЛИНСКИ ПУМПИ СО ПОТРОШЕН МАТЕРИЈАЛ И СЕНЗОРИ ЗА КОНТИНУИРАНО МЕРЕЊЕ НА ГЛИКЕМИЈА ЗА 2025 ГОДИНА

## 1. ВОВЕД

Во Република Северна Македонија, дијабетес мелитус претставува едно од најчестите за болувања и според податоците од Националниот систем за електронски евиденции од областа на здравството – „Мој Термин" дијагностицирани се околу 142.000 пациенти со дијабетес мелитус.

1. Дијабетес мелитус - тип 1 Овој вид на дијабетес вообичаено се јавува на помлада возраст и е застапен кај околу 4700 лица.

2. Дијабетес мелитус - тип 2 опфаќа 96% од сите дијагностицирани случаи, од кои 42% се на инсулинска терапија, а останатите користат орална антидијабетична терапија.

## 2. АНАЛИЗА НА МОМЕНТАЛНАТА СОСТОЈБА

Бројот на регистрирани лица со дијабетес кои се на инсулинска терапија во моментов во Република Северна Македонија е 42.000 од кои 4.700 се лица со тип 1 дијабетес и 38.000 со тип 2. Овој број секоја година расте.

Согласно податоците од Интернационалната Дијабетолошка Федерација вкупната преваленца (дијагностициран и недијагностициран) на дијабетесот изнесува 9.8% од населението на возраст од 25-70 години.

Во јавните здравствени установи постојат Кабинети за дијабетес (вкупно 42). Кабинетите за дијабетес се во состав на универзитетските клинки, клиничките болници, општите болници, општите болници со проширена дејност и здравствените домови.

3. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА И МЕРКИ КОИ Е НЕОПХОДНО ДА СЕ ПРЕВЗЕМАТ

Основна цел на Програмата за обезбедување на инсулин, глукагон, инсулински игли и ленти за мерење шекер, инсулински пумпи со потрошен материјал и сензори за континуирано мерење на гликемија за 2025 година е обезбедување на најсовремена терапија за пациенти со дијабетес мелитус тип 1 и дијабетес мелитус тип 2, односно инсулинска терапија, глукагон, антидијабетична терапија, инсулински игли, ленти за мерење гликемија, инсулински пумпи со потрошен материјал, сензори за контиуирано мерење на гликемија.

Министерството за здравство во 2025 година ќе спроведе јавна набавка согласно Програмата за обезбедување на инсулин, глукагон, инсулински игли и ленти за мерење шеќер, инсулински пумпи со потрошен материјал и сензори за континуирано мерење на гликемија за 2025 година, преку придржување до Законот за здравствената заштита во делот за дијабетес мелитус и препораките и заклучоците на Националната комисија за дијабетес.

Во 2025 година планирана е јавна набавка и за сензори за континуирано мерење на гликемија, за 650 пациенти и тоа за деца до 25 годишна возраст со дијабетес тип 1, бремени жени со дијабетес тип 1 и слепи лица со дијабетес тип 1.

Исто така, во 2025 година планирана е јавна набавка за обезбедување на ленти за мерење на шеќерот во крвта. Предвидени се 125 ленти месечно за секој пациент со дијабетес тип 1. За пациентите со дијабетес тип 2 предвидени се 350 ленти годишно.

Согласно медицина базирана на докази и важечките прописи, во оваа програма е предвидено снабдување со инсулински пумпи и потрошни материјали за пациенти со дијабетес тип 1. Обезбедени се 35 системи за континуирана испорака на инсулин, како и потрошен материјал за сите пациенти кои веќе се поставени на инсулинска пумпа.

4. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Вкупните средства за реализација на оваа програма изнесуваат 860.000.000,00 денари, кои се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година.

Со програмата се предвидува и исплата на неизмирени обврски по основ на остварени права согласно Програмата за обезбедување на инсулин, глукагон, инсулински игли и ленти за мерење шекер, инсулински пумпи со потрошен материјал и сензори за континуирано мерење на гликемија за 2024 година.

5. ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Министерството за здравство во 2025 година ќе спроведе двегодишна набавка согласно Програмата за обезбедување на инсулин, глукагон, инсулински игли и ленти за мерење шеќер, инсулински пумпи со потрошен материјал и сензори за континуирано мерење на гликемија за 2025 година, преку придржување до Законот за здравствената заштита во делот за дијабетес мелитус и препораките и заклучоците на Националната комисија за дијабетес.

Терапија за лицата болни од дијабетес мелитус, како и останатите медицински средства, предвидени согласно оваа програма, Министерството за здравство ги дистрибуира до јавните здравствени установи во кои има инсулинска аптека.

Јавните здравствени установи, односно инсулинските аптеки кои се извршители на активностите, водат евиденција за пациентите и евиденција на издадената терапија во Националниот систем за електронско здравство „Мој Термин“, согласно процедурата за дистрибуција и издавање на лекови/терапија, утврдена од страна на Министерството за здравство по предлог на Комисијата за дијабетес, како стручно советодавно тело на министерот за здравство.

Издавањето на терапијата на пациентите од страна на инсулинските аптеки кои се извршители на активностите се врши за период од еден (1) месец, а за пациентите кои патуваат во странство, согласно донесен протокол од страна на Комисијата за дијабетес, најмногу за три (3) месеци еднаш во годината.

6. ДОСТАВУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАИ

Јавните здравствените установи во кои има инсулински аптеки се извршители на оваа програма и истите доставуваат месечни извештаи до Министерството за здравство за бројот на пациентите, количина на потрошени лекови и моментална залиха на истите.

7. ВЛЕГУВАЊЕ ВО СИЛА

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-175/8
4 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

---

**601.**

Врз основа на член 16 ставови (2) и (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24, 74/24 и 170/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

## П Р О Г Р А М А „ЗДРАВЈЕ ЗА СИТЕ“ ЗА 2025 ГОДИНА

I. В О В Е Д

Кардиоваскуларните и респираторните болести се најчести заболувања кај населението како во светски рамки така и во Република Северна Македонија.

Зголемениот крвен притисок, зголемените маснотии во крвта, дебелината, дијабетот, неправилната исхрана, недоволната физичка активност, се најчести ризик фактори за настанување на кардиоваскуларните заболувања.

Најзначајните ризик фактори за појава на незаразни болести, можат да се спречат и да се контролираат.

Масовните незаразни болести се водечка причина за смрт и инвалидитет ширум светот.

Причинители на висока зачестеност на масовни незаразни болести во последните децении од дваесеттиот век и почетокот на овој век се значајните и брзи проме-

ни во начинот и стилот на живот на современиот човек. Најмногу се изразени промените во начинот на исхрана, нивото на физичка активност, зголемената употреба на алкохол и тутун. Во интеракцијата на физичката активност, храната, исхраната и на здравјето на луѓето, вклучени се следните релевантни аспекти: енергетската потрошувачка преку физичката активност како важна компонента на енергетската рамнотежа што ја определува телесната тежина.

Превентивните прегледи за навремена контрола на крвниот притисок, телесната тежина, одредување шеќер и масnotии во крвта се битен елемент за навремено спречување на појава на кардиоваскуларни заболувања.

Едукација на населението за потребата од навремени превентивни прегледи за контрола на сопственото здравје е битен фактор за рано откривање и спречување болести.

Параметри на здравјето кои е потребно да се следат се: крвен притисок, телесна тежина, висина, индекс на телесна маса, шеќер и маснотии во крвта. На граѓаните потребно е во исто време да им се даваат и конкретни совети за грижа за сопственото здравје како совети за промоција на здрави животни стилови, за начинот на исхрана, заштита од високите температури и важноста на превентивните прегледи.

1.Бесплатни прегледи – треба да се спроведува по една акција на секои два месеци - Со оваа активност на сите граѓани им се дава можност да извршат бесплатен превентивен преглед и тоа независно од нивниот статус на здравствено осигурување.

Активностите се состојат во бесплатни лекарски прегледи, мерење крвен притисок, телесна тежина и висина, индекс на телесна маса, одредување шеќер и маснотии во крвта и други лекарски совети. Резултатите од мерењата се соопштуваат на лице место.

При прегледите се даваат и совети за грижа за здравјето, начин на исхрана, заштита од високите температури, а се делат и промотивни печатени едукативни материјали за правилен начин на живот и исхрана.

Активностите се спроведуваат на отворен и затворен простор во зависност од временските прилики, а за местото, денот и времето на спроведување на прегледите, населението ќе биде известено преку локалните медиуми и месните заедници.

Секој здравствен дом и општа болница со проширена дејност треба да обезбеди по шест акции на годишно ниво, во рурално подрачје.

Динамиката на спроведување на активностите ќе биде еднаш на два месеци и тоа по една акција во следните периоди од 01.01.2025 година до 28.02.2025 година, од 01.03.2025 до 30.04.2025 година, од 01.05.2025 до 30.06.2025 година, од 01.07.2025 до 30.08.2025 година, од 01.09.2025 до 30.10.2025 година и од 01.11.2025 до 31.12.2025 година.

Здравствените тимови ќе бидат составени од лекар, медицинска сестра и возач.

Резултатот од анализата ќе се евидентира во евидентен лист и се доставува до Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија.

Извршители - Здравствени домови и општи болници со проширена дејност.

2. Матерјални трошоци за спроведување на акции за бесплатни прегледи.

Извршители - Здравствени домови и општи болници со проширена дејност.

3.Обработка на податоци од мерењата при здравствениот преглед и извештај.

Извршители –Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија.

4. Активности за превентивни прегледи при топлотни бранови кои ќе бидат спроведени од страна на сите здравствени домови и општите болници со проширена дејност.

Извршители –Здравствени домови и општи болници со проширена дејност.

5.Трошоци за гориво за Рурални концесионери - над 25 km оддалеченост од здравствениот дом до руралните концесионери. За остварување на оваа активност ќе се обезбедат трошоци за пат за руралните доктори .

Од 25 до 35km – ќе добиваат 11.000,00 денари максимум за патни трошоци .

Од 35 до 45km – ќе добиваат 13.000,00 денари максимум за патни трошоци.

Над 45km - ќе добиваат 15.000,00 денари максимум за патни трошоци.

Извршители –Руралните концесионери.

## II.ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Целта на оваа програма е активен пристап до граѓаните од руралните средини, контрола на нивното здравје, навремено и соодветно лекување и препораки за превенција на здравјето.

## III. ПОДГОТВИТЕЛНИ АКТИВНОСТИ ЗА ИЗВРШИТЕЛИТЕ

За време на поготвителните активности за целосно и навремено спроведување на оваа програма се организираат средби со одговорните лица на здравствените установи – извршители на активностите. Воедно, навремено се обезбедуваат потребните медицински материјали, промотивни материјали и друг потребен инвентар.

За таа цел ќе се спроведат следните активности:

- изготвување на список со одговорни лица по здравствени установи и општи болници со проширена дејност и нивни телефонски броеви,
- изготвување на календар со локалитети за поставување на пунктови за вршење на превентивните прегледи (на два месеци),
- изготвување на евидентен лист за индивидуалниот превентивен преглед, со содржината за антропометриските мерења за определување на индексот на телесна маса, мерење на нивото на шеќерот и холестеролот во крвта и крвниот притисок,
- набавка на апарати за анализа, ленти за одредување на шеќерот и холестеролот во крвта и ланцети и
- подготовка на анкетните листи во постоечкиот софтвер.

## IV.ЕВАЛУАЦИЈА НА ДОБИЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД ИЗВРШЕНИТЕ ПРЕВЕНТИВНИ ПРЕГЛЕДИ

Секој извршен превентивен преглед се евидентира во посебен евидентен лист кој се доставува до Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија.

По обработката на добиените индивидуални листи за вкупниот период, Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија изготвува студија за добиените резултати од превентивните прегледи по здравствени домови и општи болници со проширена дејност на ниво на државата со препораки за подобрување на здравствената состојба кај граѓаните.

V. ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОГРАМАТА

| Ред. бр. | Активност | Единица/ вредност | Извршители | Износ (во денари) |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Надоместок за ангажирање на тимовите кои ќе одат на терен за спроведување на бесплатни прегледи | **3.200,00 денари** (една посета тим лекар, сестра и возач) (по 6 посети годишно) **33*6*3.200,00 денари** | Здравствени домови и општи болници со проширена дејност | **633.600,00** |
| 2. | Материјални трошоци за спроведување на акции за бесплатни прегледи (кутии, алкохол,бензин, вода, безалкохолни пијалоци и друго) | **33*12.000,00 денари (годишно)** | Здравствени домови и општи болници со проширена дејност | **396.000,00** |
| 3. | Обработка на податоци од мерењата при здравствениот преглед и извештај | **120.000,00 денари (годишно)** | Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија | **120.000,00** |
| 4. | Активности за превентивни прегледи при топлотни бранови | **33*3.200,00 денари (годишно)** | Здравствени домови и општи болници со проширена дејност | **105.600,00** |
| 5. | Трошоци за гориво за Рурални доктори (над 25 km оддалеченост). | За остварување на оваа активност ќе се обезбедат трошоци за гориво за руралните доктори. **Максимална месечна исплата ќе биде до 15.000,00 денари** од потрошените средства за патни трошоци. **од 25 до 35km= 11.000,00денари** **од 35 до 45km= 13.000,00денари** **и над 45km=15.000,00 денари** | Руралните концесионери | **1.744.800,00** |
| | ВКУПНО | | | **3.000.000,00 денари** |

Извршители на оваа програма се здравствените домови, општите болници со проширена дејност, Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија и Руралните концесионери.

Неизмирените обврски по основ на остварени права согласно Програмата „Здравје за сите" за 2024 година, ќе бидат исплатени во текот на 2025 година.

Оваа програма ќе се реализира во рамки на обезбедените средства во Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година во износ од 3.000.000,00 денари.

VI. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 50-192/5
4 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

---

**602.**

Врз основа на член 16 ставови (2) и (3) од¬ Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24, 74/24 и 170/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ТУБЕРКУЛОЗАТА КАЈ НАСЕЛЕНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2025 ГОДИНА

### I. ВОВЕД

Туберкулозата се уште претставува глобален медицински проблем пред се во неразвиените земји и земјите во развој. Денес, една третина од светската популација е инфицирана со туберкулозниот бацил. Кај 10% од инфицираните во текот на животот се развива болест. Според податоците на Светската здравствена организација на глобално ниво во 2023 година, се проценува дека 10,8 милиони луѓе се разболеле од туберкулоза), што претставува зголемување во споредба со претходните години. Инциденцата во 2022 година е 10,7 милиони, во 2021 е 10,4 милиони и во 2020 е 10,1 милиони. Континуираниот пораст ги одразува тековните последици од прекинот на услуги за туберкулоза за време на најлошите години од пандемијата на КОВИД-19 (2020 и 2021 година). Тие опстојуваат поради интервалот потребен да се развие инфекцијата во манифестна болест.

Глобалната стапка на инциденца на туберкулоза (нови случаи на 100 000 жители годишно) се проценува дека се зголемила за 4,6% помеѓу 2020 и 2023 година, по претходниот пад од околу 2% годишно помеѓу 2010 и 2020 година.

Во светот појавата на резистентни форми на туберкулоза чиј број континуирано се зголемува, е една од причините која придонесува за големината на проблемот со туберкулозата. Денес во светот има приближно половина милион заболени од резистентни форми на туберкулоза. Епидемијата на ХИВ/СИДА во светот придонесе за значително зголемување на бројот на болни од туберкулоза. ХИВ инфекцијата е најмоќен познат фактор што овозможува прогресија на туберкулозната инфекција во болест. Фактори кои претставуваат ризик во оваа програма се доцнење со реализација на јавна набавка, доцнење со реализација на активниот скрининг на болни со радиофотографија и нереализација на активностите кои се во надлежност на стационарите, диспанзерите, приватните здравствени установи и патронажата.

## II. СОСТОЈБА ВО ИЗМИНАТИ ГОДИНИ

Во 2023 година Република Северна Македонија со население од околу 1,8 милиони, забележа мешавина од напредок и тековни предизвици во своите напори за управување и контрола на туберкулозата, како што е потврдено од најновите податоци и трендови.

Сегашниот број на пријавени случаи во 2023 година изнесува 190, што дава стапка на инциденца од 10 на 100.000 жители. Ова претставува намалување од стапката во 2019 година од 12 на 100.000 жители што укажува на некое подобрување во контролата на туберкулоза. Намалувањето, сепак, е скромно и ја нагласува постојаната потреба за претпазливост и подобрени стратегии за контрола на туберкулозата.

Меѓу пријавените случаи, ХИВ-позитивните случаи на туберкулоза биле исклучително ретки, со само 1 пријавен, што одговара на стапка помалку од 0,1 на 100.000 жители. Овој мал број може да укажува на ефективно управување со ХИВ во контекст на туберкулозата, но исто така може да укаже на празнини во тестирањето или известувањето. За споредба, инциденцата на мултирезистентна туберкулоза на лекови  и рифампицин-резистентна туберкулоза е исто така ниска, со само 3 пријавени случаи. Ниту еден од овие случаи не покажал резистентност кон флуорохинолони, што е позитивен знак, што укажува на тоа дека соевите отпорни на лекови се моментално под контрола. Справувањето со туберкулозата резистентна на лекови е проактивно. Податоците покажуваат дека 74% од новите и 67% од претходно третираните бактериолошки потврдени случаи на белодробна туберкулоза биле тестирани за резистентност на рифампицин. Оваа висока стапка на тестирање за резистентност е од клучно значење за ефикасно идентификување и лекување на резистентна туберкулоза. Во однос на третманот, имало 2 лабораториски потврдени случаи на резистентност на рифампицин без позната резистентност на флуорохинолони.

Од 2007 година кога е воспоставена електронската база на податоци за болните од туберкулоза, наваму туберкулозата во Република Северна Македонија е во континуирано опаѓање.

За 2023 година, бројот на смртни случаи од туберкулоза кај ХИВ-негативните лица беше 9, што значи стапка на смртност од 1 на 100.000 жители. Ова е релативно ниско, но укажува на тоа дека сè уште постојат некои предизвици во постигнувањето на оптимални резултати од третманот.

Покрај подобрувањето на епидемиолошките параметри, лошата социјално економска состојба поради невработеноста, сиромаштијата, стигмата и големиот број на хронични незаразни болести може да придонесат проблемот со туберкулозата и натаму да перзистира. Ова наметнува потреба од постојана активност од надлежните институции одговорни за контрола на болеста.

## III. МЕРКИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ПРЕЗЕМАТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ

Со цел за што поуспешна контрола на туберкулозата во Република Северна Македонија, намалување на ризикот од ширење на инфекцијата, особено онаа предизвикана од резистентни соеви на микобактериум туберкулозис, спречување на ко-инфекција меѓу туберкулозата со ХИВ инфекцијата, неопходно е да се преземат сите расположливи превентивни мерки кои придонесуваат за рано откривање и спречување на болеста. Сепак најдобра превентивна мерка е правилно и навремено лекување на секој болен од туберкулоза со што се прекинува ланецот на ширење на инфекцијата.

## IV. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Целите на оваа програма се зацртани со секоја програмска активност.

1. Активно пронаоѓање на случаи на туберкулоза кај ризични групи со селективна радиофотографија

Со цел рано откривање на болните од туберкулоза и други неспецифични белодробни заболувања се врши селективно радиофотографско снимање на лица кај кои постои поголема опасност од заболување од туберкулоза. Тоа се лица кои спаѓаат во т.н. ризични групи: затвореници, болни во психијатриски болници, привремено раселени лица, бездомници, лица во домови за стари, популација со поголема стапка на заболување од туберкулоза во однос на националата (Роми), подрачја со поголема стапка на заболување од туберкулоза, корисници на droги и сл. Со радиофотографија во 2025 година ќе бидат опфатени 1062 лица. По извршената активност се изготвува Извештај.

Извршител: Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза- Скопје

2. Дообработка на сомнителни рентген наоди

Цел на активноста е да прегледаните лица со радиофотографско снимање со сомнителни рентгенолошки наоди се обработат со дополнителни иследувања. Во 2025 година се планира со дообработка да бидат опфатени 104 лица. По извршената дообработка се изготвува Извештај.

Извршител: Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза - Скопје

3.Трошоци за скрининг на сомнителни за туберкулоза (партиципација)

Како контакти се испитуваат:

- Сите лица кои биле во контакт со болен од микроскопски позитивна туберкулоза

- Родителите и другите членови на семејството на болно дете (до 14 годишна возраст) Минимум испитувања за преглед на контакти:

- Возрасни: рентгенграфија на бел дроб и директна микроскопија два искашлока

- Деца: испитувањето се состои од туберкулинско тестирање по методата на Манту и квантиферон тест по индикација поставена од лекар, рентгенграфија и директна микроскопија два искашлока.

За испитаните контакти се пополнува формулар кој се доставува во Јавната здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза заедно со фактура за партиципација која не е наплатена од пациентот. Врз основа на фактурите доставени од установите кои ги прегледале контактите ќе биде извршена исплата од Институтот. Со оваа активност се планира да бидат опфатени 266 лица.

Извршители: Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза - Скопје и Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за респираторни заболувања кај децата Козле – Скопје

4. Мониторинг - евалуација и стручно-методолошка помош на здравствените установи кои спроведуваат превенција, дијагноза и лекување на болните од туберкулоза

Со цел да се подобри организацијата на работата, обемот и квалитетот на стручната работа, спроведување на превентивни мерки, водење на медицинската документација за случаите со туберкулоза и слично се спроведува стручно-методолошка помош на здравствените установи кои спроведуваат превенција, дијагноза и лекување на болните од туберкулоза. Тимот за мониторинг и евалуација го сочинуваат експерти од Институтот. Се мониторира и евалуира еднаш годишно работата на установи и тоа: 3 болници, 3 диспанзери, 3 психијатриски болници, 1 специјален завод, 13 Казнено-поправни установи (ако се јави потреба) и 5 микробиолошки лаборатории во Република Северна Македонија. За извршениот стручно-методолошки надзор се изготвува записник кој се потпишува на лице место од присутните при надзорот, а потоа се изготвува Извештај со предлог мерки за надминување на идентификуваните проблеми за секоја установа посебно.

Извршител: Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза – Скопје

5. Исплата на патни трошоци за болните од туберкулоза и лицата кои биле во контакт со нив и кои се јавиле на контролен преглед во Јавната здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза - Скопје и Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за респираторни заболувања кај децата Козле - Скопје

Со цел за се постави дијагноза на туберкулоза како и да спроведат контролни прегледи според препораките на Светската здравствена организација и Европскиот центар за превенција и контрола на болести потребно е сите лица болни од туберкулоза да дојдат на преглед во Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје, а децата во Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за белодробни заболувања кај децата - Козле. Износот на патните трошоци ќе биде исплатен според Одлуката за исплата на патни трошоци на болните од туберкулоза во тек на лекувањето и на лицата кои биле во контакт со нив донесена од страна на Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза - Скопје, врз основа на член 35 од статутот на Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза Скопје. Се планира со оваа активност да бидат опфатени 160 болни и 266 контакти.

Извршители: Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза - Скопје и Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за респираторни заболувања кај децата Козле – Скопје

6. Симпозиум за едукација за туберкулоза (дијагноза, терапија и превентива) со акредитација, за доктори специјалисти, доктори од Примарната здравствена заштита и за медицински и немедицински кадри од казнено-поправни установи и психијатриски болници за туберкулоза за специјалисти со акредитација

Со цел освежување и надополнување на знаењата како и практично да се примени наученото, еднаш годишно се организира предавање за најмногу 30 стручни лица кои работат со туберкулоза, односно доктори од Примарната здравствена заштита, медицински и немедицински кадри од казнено-поправни установи и психијатриски болници со цел подигање на нивото на знаење за туберкулозата. Работилницата е акредитирана од Македонското лекарско друштво и Лекарската Комора на Македонија

Извршител: Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза – Скопје

7. Доброволно доверливо советување и ХИВ тестирање на лица болни од туберкулоза

Сите лица со дијагностицирана туберкулоза пред почеток на лекувањето задолжително се советуваат и тестираат за ХИВ според Протоколот за доброволно доверливо советување и ХИВ тестирање. Во 2025 година се планира да бидат советувани и тестирани 100 лица.

Извршители: Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза – Скопје, диспанзерите и Стационарите

8. Набавка на тврди подлоги со глицерол Ловенстеин Јенсен или еквивалент

За бактериолошка потврда на туберкулозата потребна е набавка на цврсти подлоги Ловенстеин Јенсен во количина од 1.200 подлоги за Јавната здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје.

Извршител: Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза – Скопје

9. Набавка на Елиса тестови за одредување на туберкулозна инфекција

За дијагноза на латентна туберкулозна инфекција има потреба од набавка на 200 теста за 2025 го-дина. Тестот се работи во Националната референтна лабораторија во Институтот.

Извршител: Јавна здравствена установа, Институт за белодробни заболувања и туберкулоза – Скопје

10. Набавка на ПЦР реагенси МТБ/НТМ брза детекција

Набавка на ПЦР реагенси МТБ/НТМ брза детекција на Микобактериум туберкулозис од клинички материјал. Еден од молекуларните тестови за дијагноза на туберкулоза кој е во примена во Институтот од 2022 година. Набавка на Мултиплекс ПВР реагенси за детекција на нетуберкулозни (атипични) и туберкулозни (Микобактериум туберкулозис) бактерии. За 2025 година има потреба од набавка на 500 теста. Тестот се изведува само во националната референтна лабораторија.

Извршител: Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза – Скопје

11. Набавка на ПЦР реагенси МТБ/ХДР е-детекција

Набавка на ПЦР реагенси за брза молекуларна детекција на резистенција на Микобактериум туберкулозис кон антибиотици – МТБ/ХДР е-детекција, во количина од 50 теста.

Извршител: Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза – Скопје

12. Набавка на антитуберкулотици од прва линија за лекување на новорегистрираните случаи на туберкулоза

Набавката на антитуберкулотици од прва линија има за цел да спречи ширењето на туберкулозата преку лекување на сите новорегистрирани случаи на туберкулоза според стандардни режими на лекување препорачани од Светската здравствена организација. Лековите се наменети за лекување на сите болни од туберкулоза во диспанзерите и стационарите.

Во 2025 година потребно е да се издвојат 4.400 000,00 денари за реализација на оваа активност.

Извршител: Министерство за здравство и Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза – Скопје

13. Набавка на лекови за купирање на нус ефектите од антитуберкулотската терапија

Со цел купирање на несаканите ефекти од антитуберкулотската терапија потребна е набавка на хепатопротектори, антихистаминици и Б комплекс за околу 150 лица. Планирано е за реализација на оваа активност да се потрошат 88.210,00 денари.

Извршител: Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза – Скопје

14. Набавка на услуги за дезинфекција дезинсекција и дератизација

За задолжителна дезинфекција, дезинсекција и дератизација на Јавната здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза - Скопје, поточно на магацинот за лекови и други простории, овие услуги потребно е да се реализираат два пати годишно.

Извршител: Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза – Скопје

15. Одржување и надградба на софтверот за електронска обработка на податоците за болните од туберкулоза во Република Северна Македонија

Јавната здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза – Скопје, раководи со базата на податоци за случаите на туберкулоза во Република Северна Македонија. Софтверот е лоциран во Институтот и има потреба од континуирано одржување.

Извршител: Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза – Скопје

16. Набавка на софтвер/сервер за потребите на Централниот регистар за туберкулоза

За континуирано и непречено функционирање и водење на електронска евиденција на податоците во регистарот на заболени од туберкулоза, потребна е набавка на нов софтвер и сервер.

Извршител: Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза – Скопје

## V. НОСИТЕЛ НА ПРОГРАМАТА

- Министерство за здравство

## VI. ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

- Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза - Скопје;
- Министерство за здравство
- Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за респираторни заболувања кај децата Козле - Скопје;
- Другите стационари;
- Диспанзерите за белодробни заболувања и туберкулоза во Република Северна Македонија;
- Избрани лекари;
- Поливалентна патронажа.

## VII. ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Табела 1. Финансиски средства за реализација на програмата

| Редбр | Опис на активност | Извршител | Индикатор (количина) | Единична цена (во денари) | Вкупна цена (денари) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Активно пронаоѓање на случаи на туберкулоза кај ризични групи со селективна радиофотографија | Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза - Скопје | 1.062 | 1.000,00 | 1.062.000,00 |
| 2 | Дообработка на сомнителни рентген наоди | Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза - Скопје | 104 | 2.900,00 | 301.600,00 |
| 3 | Трошоци за скрининг на сомнителни од туберкулоза (партиципација) | Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза – Скопје, Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за респираторни заболувања кај децата Козле - Скопје, другите стационари и диспанзерите за белодробни заболувања и туберкулоза | 266 лица | / | 120.000,00 |
| 4 | Мониторинг- евалуација и стручно -методолошка помош на здравствените установи кои спроведуваат превенција, дијагноза и лекување на болните од туберкулоза | Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза - Скопје | 15 | 4.700,00 | 70.500,00 |
| 5 | Исплата на патни трошоци за болните од туберкулоза и лицата кои биле во контакт со нив и кои се јавиле на контролен преглед во Јавната здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза и Јавна здравствена установа, Универзитетска клиника за респираторни заболувања кај децата Козле - Скопје | Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза – Скопје и Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за респираторни заболувања кај децата Козле - Скопје | 160 болни и 266 лица од контакт со болен | различна е сумата за исплата за секој пациент во зависност од кое населено место доаѓа | 140.000,00 |
| 6 | Симпозиум за едукација за туберкулоза (дијагноза, терапија и превентива) со акредитација, за доктори специјалисти, доктори од примарната здравствена заштита и за медицински и немедицински кадри од казнено-поправни установи и психијатриски болници за туберкулоза за специјалисти со акредитација | Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза - Скопје | 1 | 26.640,00 | 26.640,00 |
| 7 | Доброволно доверливо советување и ХИВ тестирање на лица болни од туберкулоза | Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза – Скопје, диспанзерите и стационарите | 100 | 240,00 | 24.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 8 | Набавка на тврди подлоги со глицерол Ловенстеин Јенсен или еквивалент | Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза - Скопје | 1.200 | 80,00 | 96.000,00 |
| 9 | Набавка на Елиса тестови за одредување на туберкулозна инфекција | Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза - Скопје | 200 | 3.422,00 | 684.400,00 |
| 10 | Набавка на ПЦР реагенси МТБ/НТМ брза детекција | Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза - Скопје | 500 | 1.416,00 | 708.000,00 |
| 11 | Набавка на ПЦР реагенси МТБ/ХДР е-детекција | Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза - Скопје | 50 | 2.242,00 | 112.100,00 |
| 12 | Набавка на антитуберкулотици од прва линија за лекување на новорегистрираните случаи на туберкулоза | Министерство за здравство и Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза - Скопје | / | 4.400.000,00 | 4.400.000,00 |
| 13 | Набавка на лекови за купирање на нус ефектите од антитуберкулотската терапија | Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза - Скопје | / | 88.210,00 | 88.210,00 |
| 14 | Набавка на услуги за дезинфекција дезинсекција и дератизација | Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза - Скопје | 2 | 12.000,00 | 24.000,00 |
| 15 | Одржување и надградба на софтверот за електронска обработка на податоците за болните од туберкулоза во Република Северна Македонија | Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза - Скопје | 4 | 30.000,00 | 120.000,00 |
| 16 | Набавка на софтвер за потребите на Централен регистар за туберкулоза | Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза - Скопје | / | 731.782,00 | 731.782,00 |
| 17 | Неизмирени обврски од Програмата за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението во Република Северна Македонија за 2024 година | Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза - Скопје | / | 1.290.768,00 | 1.290.768,00 |
| | **Вкупно** | | | | **10.000.000,00** |

Распределбата на средствата од оваа програма ќе ја врши Министерството за здравство, квартално кон извршителите на активностите, врз основа на доставени фактури изготвени според приложените формати за изготвување на фактури. Ќе се врши исплата по склучени договори согласно програмата за туберкулоза и барања за повлекување на средства со уредно пополнети наративни извештаи за имплементација на активностите, прегледи на трошоци, поддржани со останати материјали (фотографии, аудио и видео снимки, написи, списоци на учесници, докази за извршена набавка, договори и друга документација дефинирана во договорите). Извршителите на активностите подготвуваат и доставуваат квартални извештаи во рок од 10 дена по завршување на кварталот до Министерството за здравство.

Во Програмата за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението во Република Северна Македонија за 2025 година се пренесува исплата на неизмирени обврски од Програмата за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението во Република Северна Македонија за 2024 година во износ од 1.290.768,00 денари.

Извор на средства за реализирање на планираните активности во Програмата за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението во Република Северна Македонија за 2025 година е Буџетот на Република Северна Македонија, во висина од 10.000.000.00 денари.

VIII. ВЛЕГУВАЊЕ ВО СИЛА

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-252/5
4 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

**603.**

Врз основа на член 36 став (5) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО, КОНКУРЕНТНОСТА И ИНОВАТИВНОСТА НА МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО 2025 ГОДИНА**

Член 1

Со оваа програма се уредува намената на средствата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија (во натамошниот текст: МСП) обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, Раздел 10001–Министерство за економија и труд, Програма 4, Потпрограма 40–Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: АППРСМ) Сметка на самофинансирачки активности-787-17, Сметка на основен буџет–630 Ставка 425-договорни услуги и Ставка 464-Разни трансфери, во вкупен износ од 42.787.500,00 (четириесет и два милиона седумстотини осумдесет и седум илјади и петстотини) денари.

Член 2

Средствата од член 1 од оваа програма ќе се користат за следните намени:

1.Поддршка за самовработување (претприемништво)

Изработка на одржливи бизнис планови со советодавна поддршка од советници регистрирани во Каталогот на советници при АППРСМ, со цел поддршка за невработените да започнат сопствен бизнис. Поддршката се реализира согласно Оперативниот план 2025 година на Министерството за економија и труд, а преку Ваучерскиот систем на советување на АППРСМ. Реализацијата на оваа активност ќе се одвива преку организациите за деловна поддршка. Програмската активност ќе се реализира од Сметка на основен буџет-630, Ставка 425-договорни услуги и Сметката на самофинансирачки активности 787-17 од членот 1 од оваа програма.

Оваа програмска активност ќе се спроведе по донесувањето на Оперативниот план 2025 година од Владата на Република Северна Македонија.

Постапката за доделување на средствата од оваа точка ќе се изврши согласно Прирачникот за процедури на Ваучерскиот систем на советување и преку објавување на јавни повици за избор на организации за деловна поддршка на претприемништвото, објавени на веб-страниците на АППРСМ–www.apprm.gov.mk и/или во печатените медиуми.

30.244.500,00 денари

2. Обука за претприемништво и развој на бизнис вештини

Организирање на дводневна обука за 2.250 невработени лица учесници во програмата за самовработување. Обуката ќе се изведува од страна на одбрани тренери преку повеќе модули на работа, со цел да се поттикне претприемачкиот дух кај сите оние што сакаат да основаат свој бизнис, да ја разбуди креативноста и проактивноста и да помогне при справувањето со предизвиците на идните претприемачи. Програмската активност ќе се реализира од Сметката на самофинансирачки активности 787-17 од членот 1 од оваа програма.

Оваа програмска активност ќе се спроведе по донесувањето на Оперативниот план 2025 година од Владата на Република Северна Македонија.

5.183.000,00 денари

3. Ваучерски систем на советување

Имплементација на ваучерски систем за советување за советодавни услуги кај 35 клиенти со цел давање поддршка на зајакнувањето на конкурентноста на постоечките МСП и основање на нови претпријатија, ширење на ваучерскиот систем за советување како инструмент за подобрување на работењето на секторот на МСП и одржување на веб-страницата за консултанти.

Реализацијата на оваа активност ќе се одвива преку организациите за деловна поддршка.

Постапката за доделување на средства од оваа точка ќе се изврши согласно Прирачникот за процедури на Ваучерскиот систем на советување и преку објавување на јавни повици за избор на организации за деловна поддршка на претприемништвото, објавени на веб-страницата на АППРСМ–www.apprm.gov.mk и/или во печатените медиуми, како и повик до потенцијалните претприемачи и активните МСП за аплицирање на оваа програмска активност.

При поддршката на потенцијалните претприемачи и активните МСП, особено внимание ќе се обрне на зголемено учество на жените во оваа програмска активност, при што најмалку 150.000,00 денари од предвидените ќе се наменат за поддршка на жени претприемачи.

1.500.000,00 денари

4. Стандардизирани менторски услуги

Во рамките на регионалниот проект—„Зајакнување и проширување на менторските услуги за МСП во земјите од Западен Балкан“, поддржан од Јапонската агенција за меѓународна соработка (JICA), во текот на 2025 година ќе бидат обучени нови ментори, со вклучување и на нови организации за деловна поддршка. Во 2025 година, менторската програма ќе се прошири со нови специјализирани содржини во полето на продуктивноста на МСП, интернационализација и регионална деловна соработка. Ново обучените ментори, заедно со веќе постоечките, ќе извршат менторирање на активни МСП, во согласност со Методологијата за стандардизирани менторски услуги наменети за МСП изработена по стандарди од Јапонската агенција за меѓународна соработка (JICA).

Постапката за доделување на средства од оваа точка ќе се изврши преку објавување на јавни повици за избор на организации за деловна поддршка на претприемништвото, објавени на веб-страницата на АППРСМ– www.apprm.gov.mk и и/или во печатените медиуми, како и повик за учество и промоција на активностите насочени кон зголемување на учеството на ново-основаните и постоечките мали и средни претпријатија за аплицирање на оваа програмска активност.

При поддршката на активните МСП, особено внимание ќе се обрне на зголемено учество на жените во оваа програмска активност, при што најмалку 320.000,00 денари од предвидените ќе се наменат за поддршка на жени претприемачи.

3.200.000,00 денари

5. Инфо пулт - проект во соработка со регионалните центри

Поддршка на организациите за деловна поддршка на претприемништвото во активностите поврзани со понатамошно функционирање на мрежа на центри и имплементација на програми за помош, информирање и советување на МСП, со цел давање на информативна, промотивна, советодавна и логистичка поддршка на 450 МСП и потенцијалните претприемачи кои сакаат да се самовработат, како и дистрибуција на релевантни и корисни информации за МСП и потенцијалните претприемачи.

Постапката за доделување на средства од оваа точка ќе се изврши преку објавување на јавен повик за избор на организации за деловна поддршка на претприемништвото објавен на веб-страницата на АППРСМ– www.apprm.gov.mk и/или во печатените медиуми.

450.000,00 денари

6. Претприемачко образование–биди претприемач

Организирање на пет работилници за промоција на претприемништвото и подигање на свеста за претприемништвото кај младите луѓе (со вкупен опфат на 75 учесници–ученици, студенти и невработени лица), како и развој на претприемачкиот дух и култура потребни за отворање на сопствен бизнис, со посебен осврт на дигиталните вештини.

300.000,00 денари

7. Организирање на обуки за подготовка на бизнис план

Организирање на осум обуки (со вкупен опфат од 160 учесници – ученици и студенти) на различни теми за подготовка на бизнис план, наменети за студенти и ученици од средните училишта. При организирањето на обуките ќе се води сметка за регионалната застапеност.

300.000,00 денари

8. Организирање на обука за наставници/професори кои го предаваат предметот претприемништво и бизнис

Организирање на три еднодневни обуки за најмалку 60 професори од средните училишта и од факултетите кои го предаваат предметот претприемништво и бизнис, со цел зголемување на нивните капацитети за најновите претприемачки трендови за дигитално и зелено претприемништво, проширување на нивните знаења и здобивање со нови вештини поврзани со претприемачкото учење.

200.000,00 денари

9. Организирање на работилници за подигање на свеста за дигитализација кај МСП

Организирање на шест работилници за МСП (со вкупен опфат од 90 учесници) за потребата од дигитализација и подигање на свеста за зелена економија во МСП од повеќе дејности, со цел зголемување на продуктивноста и конкурентноста за настап на странски пазари. Посебен осврт на работилниците ќе се даде на градење на заеднички ставови и настап во однос на политиките кои влијаат на економската клима и условите за нивно работење во земјата.

450.000,00 денари

10. Организирање на обуки за локални консултанти

Организирање на три обуки (со вкупен опфат од 45 учесници–локални консултанти) за здобивање на дополнителни знаења и вештини со кои ќе им се помогне на претпријатијата во зајакнувањето на нивната конкурентност на домашниот и странскиот пазар, согласно досегашните анализи за потребите од обуки кај малите и средните претпријатија изработени во Република Северна Македонија. Обуките ќе бидат дизајнирани согласно новите трендови за развој на МСП, како дигитализација, зелена економија и вештачка интелигенција.

250.000,00 денари

11. Поддршка за женско претприемништво

Организирање на две обуки за жени претприемачи ( со вкупен опфат на 40 учесници – жени претприемачи) за веќе постоечки претпријатија раководени од страна на жени претприемачи и жени потенцијални претприемачи. Целта на овие обуки е да се обезбеди широка информираност на жените претприемачи за инструментите за финансиска поддршка на женско претприемништво.

150.000,00 денари

12. Кофинансирање на национален натпревар на средношколци на Џуниор Ачивмент Македонија

Кофинансирање на национален натпревар на средношколци од Република Северна Македонија, кој ќе се одржи во месец мај 2025 година, во организација на Џуниор Ачивмент Македонија, како дел од Светската организација на Џуниор Ачивмент која претставува глобална мрежа на програми за претприемачко образование, во рамките на „Програмата за претприемничко образование-ученичка компанија“ и церемонија за прогласување на победници, со учество и поддршка на претставници од бизнис секторот, невладини организации, донатори и АППРСМ.

200.000,00 денари

13. Подготовка на годишен извештај - Опсерваторија за МСП

Подготовка на годишен извештај за состојбата кај МСП и трендовите на овој сектор во 2024 година. Извештајот опфаќа споредба на бројот на МСП, нивното учество во бруто домашниот производ, во извозот, итн. Програмската активност ќе се реализира од сметка на Основен буџет-630 Ставка 425 – договорни услуги од членот 1 од оваа програма.

360.000,00 денари

Член 3

АППРСМ до 31.3.2026 година, да достави извештај до Владата на Република Северна Македонија со финансиски показатели за реализација на оваа програма, во кои ќе бидат опфатени постигнатите резултати, како и образложението за евентуални отстапувања од планираните активности.

Член 4

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-266/8
4 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

---

**604.**

Врз основа на член 42 став (2) од Законот за квалитет и безбедност на ѓубрињa, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 154/15, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.150/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА МОНИТОРИНГ ВО ОБЛАСТА НА ПРОИЗВОДСТВОТО, ПРЕРАБОТКАТА, СКЛАДИРАЊЕТО, ДИСТРИБУЦИЈАТА, УПОТРЕБАТА И СООБРАЗНОСТА НА ЃУБРИЊАТА, БИОСТИМУЛАТОРИТЕ И ПОДОБРУВАЧИТЕ НА СВОЈСТВАТА НА ПОЧВАТА, КАКО И КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТОТ НА ЃУБРИЊАТА, БИОСТИМУЛАТОРИТЕ И ПОДОБРУВАЧИТЕ НА СВОЈСТВАТА НА ПОЧВАТА ЗА 2025 ГОДИНА**

I

Со оваа програма се спроведува мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата, како и контрола на квалитет на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата, односно се утврдуваат износите на средства за спроведување на активностите, видовите на мониторинг, видовите и типовите на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата, вкупниот број на мостри за временскиот период на реализација на активностите и субјектите кои ќе ја спроведуваат оваа програма.

II

Средствата за реализација на оваа програма во износ од 379.300,00 денари се утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, Раздел 14001-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Програма 5-Заштита на растенијата и семе и саден материјал, Потпрограма 51-Заштита на растенијата, Ставка 46-Субвенции и трансфери, Потставка 464-Разни трансфери, Сметка 637.

III

Средствата утврдени во дел II од оваа програма ќе се користат за:

1. Мониторинг на производство на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата во износ од 69.170,00 денари и

2. Мониторинг на внатрешен промет на ѓубрињa, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, кој опфаќа земање на мостри од неоргански и органски ѓубрињa, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, како и исполнување на квалитетот и сообразноста на компоненти со декларираните податоци во износ од 310.130,00 денари.

Вкупниот број на мостри кои ќе бидат земени и анализирани изнесува 77 мостри.

IV

Средствата од дел III точка 1 од оваа програма ќе се користат за:

| **тип на ѓубре** | **вкупен број на мостри** | **цена на единечна мостра со вклучен ДДВ (18%) во денари** | **планирани средства од Буџетот (денари)** |
|---|---|---|---|
| еднокомпонентни неоргански ѓубрињa (еден елемент) | 1 | 2.950,00 | 2.950,00 |
| двокомпонентни неоргански ѓубрињa (два елементи) | 1 | 4.130,00 | 4.130,00 |
| трокомпонентни неоргански ѓубрињa (три елементи N + P + K) | 3 | 4.720,00 | 14.160,00 |
| трокомпонентни неоргански ѓубрињa со присуство на еден секундарен макроелемент или микроелемент | 1 | 5.220,00 | 5.220,00 |
| трокомпонентни неоргански ѓубрињa со присуство на четири секундарни макроелементи или микроелементи | 2 | 6.720,00 | 13.440,00 |
| трокомпонентни неоргански ѓубрињa со присуство на шест секундарни макроелементи или микроелементи | 1 | 7.720,00 | 7.720,00 |
| органски ѓубрињa | 4 | 5.387,50 | 21.550,00 |
| **Вкупно** | **13** | | **69.170,00** |

V

Средствата од дел III точка 2 од оваа програма ќе се користат за:

| **тип на ѓубрињa, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата** | **вкупен број на мостри** | **цена на единечна мостра со вклучен ДДВ (18%) во денари** | **планирани средства од Буџетот (денари)** |
|---|---|---|---|
| еднокомпонентни неоргански ѓубрињa (еден елемент) | 5 | 2.950,00 | 14.750,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| двокомпонентни неоргански ѓубрива (два елементи) | 5 | 4.130,00 | 20.650,00 |
| трокомпонентни неоргански ѓубрива (три елементи N + P + K) | 10 | 4.772,00 | 47.720,00 |
| трокомпонентни неоргански ѓубрива со присуство на еден секундарен макроелемент или микроелемент | 5 | 5.220,00 | 26.100,00 |
| трокомпонентни неоргански ѓубрива со присуство на два секундарни макроелементи или микроелементи | 5 | 5.720,00 | 28.600,00 |
| трокомпонентни неоргански ѓубрива со присуство на три секундарни макроелементи или микроелементи | 5 | 6.220,00 | 31.100,00 |
| трокомпонентни неоргански ѓубрива со присуство на четири секундарни макроелементи или микроелементи | 6 | 6.720,00 | 40.320,00 |
| органски ѓубрива | 5 | 5.310,00 | 26.550,00 |
| органоминерални ѓубрива | 5 | 4.130.00 | 20.650,00 |
| биостимулатори | 5 | 4.130.00 | 20.650,00 |
| подобрувачи на својствата на почвата | 8 | 4.130,00 | 33.040,00 |
| **Вкупно** | **64** | | **310.130,00** |

VI

За реализација на оваа програма се грижи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Фитосанитарна управа.

Спроведувањето на мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата ја координира Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Фитосанитарната управа, мостриите ги земаат државните инспектори за земјоделство, а лабораториските анализи ги спроведуваат акредитирани лаборатории во Република Северна Македонија.

VII

Средствата од деловите IV и V од оваа програма ќе се исплаќаат врз основа на решение на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, по претходно доставен извештај за спроведените активности.

VIII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-302/8
4 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

**605.**

Врз основа на член 5 став (2) од Законот за акредитација („Службен весник на Република Македонија“ бр.120/09, 53/11, 41/14, 53/16 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА РАБОТА НА ИНСТИТУТОТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2025 ГОДИНА

### I. Вовед

Согласно Законот за акредитација, Институтот за акредитација на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: ИАРСМ) е јавна установа која ги врши работите и задачите на единствено национално тело за акредитација, согласно пропишана постапка за акредитирање врз основа на овој и други закони и врши надзор над исполнувањето на барањата за акредитација.

Акредитацијата е постапка за формално признавање на оспособеноста за извршување на одредени дејности во смисла дека определено тело за оцена на сообразност ги задоволува барањата предвидени со националните, европските и меѓународните стандарди, соодветната правна регулатива, процедурите на ИАРСМ, како и препораките на европската и светските организации за акредитација. Имајќи ја предвид нејзината улога како алатка на регулаторите и државата, во одредени области акредитацијата е пропишана како законски услов кој одреден субјект мора да го исполнува, доколку за своето работење треба да се здобие со одредено овластување издадено од надлежен државен орган.

Основни области во кои се изведуваат постапките на акредитација се:
- лаборатории за тестирање и калибрација,
- медицински лаборатории,
- тела кои вршат сертификација на производи, процеси и услуги
- тела кои вршат сертификација на системи за управување и
- тела кои вршат инспекција.

Акредитацијата е меѓународно призната алатка со која посредно се: обезбедува и гарантира безбедност и квалитет на производите и услугите, слободен развој на меѓународната трговија, се намалуваат трошоците и грешките во работењето, на сметка на зголемување на ефикасноста и економичноста во искористеноста на материјалните и човечките ресурси.

Акредитацијата обезбедува олеснување на светската трговија. Примарното значење или придобивката од акредитацијата се состои во тоа што еднаш испитаните/сертифицираните производи и услуги под знакот на акредитацијата, немаат потреба од повторно испитување. Имајќи го предвид фактот дека ИАРСМ е потписник на три значајни меѓународни договори со кои се обезбедува оваа придобивка, таа важи и за домашните производи и услуги кога се пласираат во и надвор од земјата.

Имено, ИАРСМ како полноправен член на Европската и Светските организации за акредитација е потписник на меѓународните Договори за взаемно признавање на сертификатите за акредитација со нив, и тоа:

- со Европската организација за акредитација (ЕА) е потписник на EA-MLA (Multilateral agreement – MLA1),
- со Меѓународната (светската) организација за акредитација на лаборатории, инспекциски тела и организатори на тестирања за оспособеност (ILAC) е потписник на ILAC-MRA (Mutual Recognition Arrangement- MRA2) и
- со Меѓународниот форум за акредитација (IAF) е потписник на IAF-MLA Multilateral agreement – MLA3) за прифаќање на сертификати и извештаи издадени од акредитираните тела за оцена на сообразност во светот.

Со потпишувањето на Договорите, ИАРСМ ги отвори вратите за домашните производи и услуги на европскиот и светскиот пазар, согласно принципот „еднаш акредитиран, насекаде прифатен".

Имено, основната придобивка од Договорите е тоа што издадените документи од македонските акредитирани тела за оцена на сообразност, согласно стандардите МКС EN ISO/IEC 17025 за лаборатории за тестирање и калибрација, МКС EN ISO/IEC 17020 за инспекциски тела, МКС EN ISO 15189 за медицински лаборатории, МКС EN ISO/IEC 17065 за сертификациски тела за производи, процеси и услуги и МКС EN ISO/IEC 17021-1 за сертификациски тела за системи за управување, се признаваат на европско и светско ниво.

Досегашното успешно реализирање на клучните определби на ИАРСМ на меѓународен план, се само дополнителен поттик, но воедно и обврска, за исполнување на стратешкиот интерес и визија на ИАРСМ во правец на одржување и зајакнување на статусот на полноправен член во меѓународните организации за акредитација.

## II. Цели на Програмата за работа на ИАРСМ за 2025 година

Стратешки интерес и цел на ИАРСМ е континуирано одржување и зајакнување на системот за акредитација, кој ќе обезбеди доверба во компетентноста на телата за оцена на сообразност (сертификациските тела, лабораториите за тестирање и калибрација, медицинските лаборатории и инспекциските тела) и во нивните издадени документи и воедно ја обезбедува слободната трговија со домашните производи и услуги на пазарите во Европа и светот.

Акредитацијата, како во светот, така и во Република Северна Македонија игра важна улога во јакнењето на внатрешниот пазар, квалитетот и безбедноста на живеење, а приматот во нејзината улога е развој на домашното стопанство и негово интегрирање во светски рамки. Но, за Република Северна Македонија таа е особено важен инструмент и како поддршка за нејзиното интегрирање кон Европската Унија.

Имајќи ги предвид придобивките од реализацијата на претходно зацртаните планови и цели на ИАРСМ, кои се признание за успешно вршење на акредитациската дејност, како и потенцијалите што произлегуваат од нив, треба да се има предвид и нивното повеќенаменско значење.

Оттука, главните активности на ИАРСМ во 2025 година ќе бидат насочени кон одржување и надградба на системот за управување со квалитет согласно барањата на стандардот МКС EN ISO/IEC 17011:2018, како основен услов за одржување на договорите.

1. Примарна цел за реализација на Програмата:

Одржување и надградба на системот за управување со квалитет на ИАРСМ согласно барањата на стандардот МКС EN ISO/IEC 17011:2018, како основен и единствен стандард по кој ИАРСМ работи и ги изведува постапките за акредитација.

2. Посебни цели за реализацијата на Програмата се:

- реализација на годишните активности поврзани со оценувачките постапки за одржување на акредитацијата кај веќе акредитираните тела и спроведување на постапки за иницијално оценување и прогресивно зголемување на бројот на акредитирани тела од страна на ИАРСМ, што ќе зависи од институционално зајакнување преку нови кадровски и организациски решенија,
- институционално зајакнување преку нови кадровски и организациски решенија и координирање на акредитациските активности преку зголемување на бројот на технички оценувачи и експерти и надградба на компетенциите на оценувачите и вработените во ИАРСМ,
- подготовка за претстојната четврта ре-евалуација од ЕА по потпишување на ЕА- МЛА Договорот,
- постојано залагање за олеснување на глобалната трговија преку прифаќање на резултатите од акредитираните тела за оцена на сообразност,
- зголемување на активноста на техничките комитети со цел пружање на неопходна техничка поддршка за акредитациските активности,
- промовирање на придобивките од акредитираните активности на телата за оцена на сообразност акредитирани од ИАРСМ,
- дигитализација на работниот процес во ИАРСМ,
- зајакнување на соработката и давање техничка поддршка на министерствата и останатите институции за сите прашања поврзани со постапките за акредитација,
- активна регионална соработка и соработка со европските и меѓународните организации за акредитација,
- постојани активности за стекнување поголема доверба кај заинтересираните страни,
- зајакнување на веќе воспоставената соработка со Стопанските комори во Република Северна Македонија, Организацијата на потрошувачи на Република Северна Македонија, економските оператори и други стопански субјекти,
- зајакнување и проширување на соработката со националните тела за акредитација од регионот, Европа и светот и
- учество во реализација на меѓународни проекти.

Реализацијата на програмските цели ќе се обезбеди преку средствата обезбедени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, како и преку учество во проекти како на пр.: TAIEX Инструментот на Европската комисија, GIZ Германското друштво за меѓународна соработка и други проектни активности.

## III. Предвидени активности за реализација на Програмата

Во Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.254/24), раздел 10001 – Министерство за економија, во Подпрограма 51 – ИАРСМ, за категориите 40 – Плати и надоместоци, 42 – стоки и услуги и 48 – капитални расходи, планирани се финансиски средства во износ од 12.540.000,00 денари на сметка 637/603, 32.776.000,00 денари на сметката 631 или вкупно 45.316.000,00 денари.

---

1 EA-MLA претставува договор потпишан помеѓу акредитациските тела, членки на ЕА, за признавање на еднаквост и доверливост, а со тоа и прифаќање на акредитираните сертификациски, инспекциски, калибрациски сертификати и извештаи од тестирање низ цела Европа.

2 ILAC-MRA претставува договор потпишан помеѓу акредитациските тела, членки на ILAC, за признавање на еднаквост и доверливост, а со тоа и прифаќање на акредитираните инспекциски сертификати и извештаи од тестирање низ светот.

3 IAF-MLA претставува договор потпишан помеѓу акредитациските тела, членки на IAF, за признавање на еднаквост и доверливост, а со тоа и прифаќање на акредитираните сертификати издадени од акредитираните сертификациски тела за производи и системи за управување во светот.

- Околу 26% од средствата се наменети за плати на вработените од Буџетот на Република Северна Македонија - сметка 637/603 ИАРСМ.
- Околу 66% се наменети за стоки и услуги од сметка 637/603 и 631 ИАРСМ.
- Околу 8% од средствата се наменети за капитални расходи.

**Институт за акредитација на Република Северна Македонија**

| Категорија Ставка | Опис | Буџет 2025 ( во 000 денари) | | Вкупно расходи |
|---|---|---|---|---|
| | | 637/603 | 631 | |
| | Расходи | **12,540** | **32,776** | **45,316** |
| 40 | Плати и надоместоци | **11,850** | **0** | **11,850** |
| 401 | Основни плати | 8,300 | | **8,300** |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 3,300 | | **3,300** |
| 404 | Надоместоци | 250 | | **250** |
| 42 | Стоки и услуги | **690** | **29250** | **29940** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 0 | 1,950 | **1,950** |
| 421 | Комунални услуги, греење комуникција, транспорт | 50 | 4,000 | **4,050** |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 40 | 1,500 | **1,540** |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 100 | 3,300 | **3,400** |
| 425 | Договорни услуги | 500 | 13,500 | **14,000** |
| 426 | Други тековни расходи | | 5,000 | **5,000** |
| 427 | Привремени вработувања | | 0 | **0** |
| 46 | Субвенции и трансфери | 0 | 200 | 200 |
| 464 | Други трансфери | | 200 | **200** |
| 48 | Капитални расходи | 0 | 3326 | 3326 |
| 480 | Купување на опрема и машини | | 816 | **816** |
| 481 | Градежни објекти | | 510 | **510** |
| 485 | Вложување и нефинансиски средства | | 2,000 | **2,000** |

За ревидирање и одржување на ефикасноста и за надградба на воспоставениот национален систем за акредитација согласно: Законот за акредитација, стандардот МКС EN ISO/IEC 17011:2018, правилата на Европската организација за акредитација, Светската организација за акредитација на лабораториите и Меѓународниот форум за акредитација (EA, ILAC и IAF) и интерните документи на ИАРСМ, потребно е да се реализираат следниве активности:

1. Акредитациски активности

Во официјалниот регистар на ИАРСМ во моментот на подготовка на оваа програма има 222 активни акредитирани тела за оцена на сообразност, а во тек се постапки и по нови пријави за акредитација. Во 2025 година ќе се извршат редовни надзори на веќе акредитираните тела, а воедно ИАРСМ ќе постапува и по новодоставени пријави за акредитација, врз основа на што очекува зголемување на бројот на акредитирани тела за оцена на сообразност. Во 2025 година, ИАРСМ ќе се насочи кон реализирање на подготвениот план за транзиција кон новиот стандард МКС EN ISO 15189:2022, при што се очекува акредитираните медицински лаборатории кои поднеле пријава за акредитација кон новиот стандард, да ја завршат транзицијата.

Согласно Законот за акредитација, како и обврските што произлегуваат од потпишаните меѓународни договори, ИАРСМ континуирано ќе го одржува и подобрува целокупниот систем за акредитација.

Во рамките на развојните активности, поради недостиг на стручен и компетентен кадар, ИАРСМ во моментов се соочува со проблем да одговори на евентуален предизвик да развива нови шеми и области за акредитација. Инаку, овие активности се одвиваат во случај на доставено барање и истражување на пазарот кое би требало да се изврши во соработка со заинтересираните страни, потпомогнати со работата на Техничките комитети, согласно специфичните потреби на Република Северна Македонија и потребите на клиенти.

Евентуалниот развој на нови шеми и области е предусловен од институционалното зајакнување и унапредување на капацитетите на ИАРСМ, што подразбира и зголемување на платите на вработените кои се најниски споредено со сродните регионални институции, што е основен предуслов да се спречи одлив на кадарот и да се обезбеди непристрасност и независност во работата.

Исто така, во текот на 2025 година ќе продолжат активностите за изведување на акредитациски активности и во странство, согласно правилата за прекуграничната акредитација.

Потребни средства …………20.981.000,00 денари

2. Подготовка за четврта редовна ре-евалуација по потпишување на Договорот за взаемно признавање на сертификатите за акредитација со Европската организација за акредитација (EA-MLA)

Согласно правилата, плановите и програмата за работа на Европската организација за акредитација (EA), четвртиот редовен надзор по потпишувањето на Договорот за взаемно признавање на сертификатите за акредитација со Европската организација за акредитација (EA-MLA) треба да се реализира во 2026 година. Надзорната оцена ќе опфати севкупна оцена на системот за акредитација и работењето на ИАРСМ, па оттука во тековната година во фокусот на интерес ќе биде преземање на подготвителни активности за интерна преоцена и подобрување на системот и севкупното работење пред оцената. Активностите ќе опфатат надградба и ревидирање на документите од системот за квалитет на ИАРСМ, кадровско зајакнување, надградба на компетенции преку едукативни активности, активности за хармонизација во работењето, планирање на организационо-технички ресурси и извори за организација на оцената и друго.

3. Организирање на обуки

Одржувањето и надградувањето на компетентноста како на вработените оценувачи, така и на надворешните лица - оценувачи и експерти на ИАРСМ е неопходна

потреба, но и примарна обврска што за ИАРСМ произлегува од меѓународните договори, бидејќи е основен предуслов за квалитетно и правилно изведување на постапките за акредитација.

Во време на подготовка на оваа програма, Листата на оценувачи и експерти - активни ја сочинуваат: 35 водечки оценувачи, 116 технички оценувачи и 76 експерти. Осум од водечките оценувачи се од редот на вработените во ИАРСМ, а останатите се надворешни соработници. Во листите покрај оценувачи и експерти од Република Северна Македонија, има оценувачи и експерти од други тела за акредитација, кои се членки на ЕА или со кои ИАРСМ има потпишан договор за соработка. Имено, со цел да бидат задоволени барањата на стандардите за акредитација, како и да се одговори на пројавените потреби за акредитација, во постапките за акредитација се ангажираат и технички оценувачи и експерти од странство. Процентот на нивен ангажман, од година во година се намалува, бидејќи ИАРСМ континуирано настојува да го зголеми бројот на компетентни домашни оценувачи и експерти, со цел да се зголеми нивниот ангажман во постапките за акредитација.

Оттука, и во 2025 година ќе се води сметка за зајакнување на пулот на оценувачи преку обезбедување на учество на обуки, семинари и работилници со учество на кандидатите за оценувачи и техничките оценувачи и обуки со вклучување во оценувања под надзор.

Во 2025 година ИАРСМ планира да ги организира односно да обезбеди учество на следниве обуки/работилници:

- Обуки за вработените и членовите на Советот на ИАРСМ за барањата на стандардот МКС EN ISO/IEC 17011:2018 - Општи барања за телата за акредитација кои акредитираат тела за оцена на сообраз-носта, стандард по кој работи ИАРСМ и за интерните правила и процедури (задолжително, заради одржување на системот за акредитација),
- Обука за хармонизација на оценувачите и координаторите во ИАРСМ,
- Обука за хармонизација на водечки и технички оценувачи за интерните правила и процедури согласно барањата на стандардот МКС EN ISO/IEC 17011:2018,
- Работилници во рамки на Техничките Комитети поврзани со критериумите за акредитација дадени во Правилниците на ИАРСМ (доколку е потребно),
- Обуки за оценувачи за ISO/IEC 17024 за сертификациски тела за персонал,
- Обуки за барањата на ISO 22000 и ISO 22003,
- Обуки за барањата на ISO/IEC 27001 и ISO/IEC 27006,
- Обука за клиничка и форензичка аутопсија (доколку е достапен соодветен организатор на обуката),
- Обука за модули во форензика согласно ISO 17025 и ILAC G19,
- Обука за ISO 20387 (Биобанкарство),
- Размена на искуства поврзани со ризиците кон непристрасност и акредитацискиот процес,
- Обука за барањата на стандардот EN ISO/IEC 17011:2017 - (размена на искуства),
- Обука за тренери за барањата на стандардот ISO/IEC 17043:2023- општи барања за компетентност на организаторите на тестирање на оспособеност,
- Обука/работилница за барањата за новото издание на стандардот ISO 15189:2022 за медицински лаборатории наменети за водечките и техничките оценувачи за медицински лаборатории,
- Обуки за квалитет на земјоделски производи (PDO, PGI и TSI),
- Обука за флексибилен опсег на акредитација,
- Обука за барањата на стандардот EN ISO/IEC 17025:2017,
- Обуки за специфични барања на стандардот EN ISO/IEC 17025:2017-мерна несигурност и правила за изјава за сообразност,
- Обука за акредитација за цели на нотификација/одобрување/овластување во област на Регулатива (ЕС) 305/2011 (CPR – Градежни производи),
- Обука за нова регулатива за градежни производи (ЕС) 2024/3110 и користење на СЕ ознака на градежни производи,
- Обука за акредитација за нотификација/овластување во однос на Директивата 2010/35/EU (TPED-Пренослива опрема под притисок) дополнително ADR/ADN/RID,
- Обука за валидација и верификација, EN ISO/IEC 17029 и EN ISO 14065,
- Обуки за оценувачи на ЕА,
- Обуки/ работилници во организација на Комитетите при ЕА,
- Обуки за промените на стандардот 17020:2012,
- Обуки за документи од европската и меѓународните организации за акредитација (доколку се смета за неоходно),
- Обуки за оценувачи во Областа на органското производство ( со сите негови специфики) особено органско производство во трети земји и за Регулатива 848/2018,
- Обука за ISO 16140-1:2016 Микробиологија на синџирот на исхрана.

Обуките ќе се организираат според планираните проектни активности и планот за обуките според пројавени потреби и на истите ќе учествуваат вработените од ИАРСМ и заинтересирани страни, оценувачи и експерти.

Дел од обуките се планира да бидат организирани од страна на ИАРСМ, а дел во рамки на проектни активности, ЕА и во соработка со други акредитациони тела.

Исто така, во рамки на Годишниот План за обуки на вработените во ИАРСМ ќе се реализираат и генерички и специјализирани обуки, согласно законските барања за надградба на професионалноста и компетентноста на административните службеници.

Потребни средства …………2.000.000,00 денари

4. Човечки ресурси

Во Институтот за акредитација на Република Северна Македонија редовно се вработени вкупно 13 лица-административни службеници.

Институтот последниве години континуирано бележи одлив на кадар по разни основи и има потреба, но и обврска согласно барањата на стандардот 17011:2018 и правилата на европската и меѓународните организации за акредитација да обезбеди односно да располага со соодветен кадровски капацитет на стручни и компетентни лица. Оттука, во тековнава година задолжително е да се реализираат вработувања на поголем број извршители и унапредувања и зголемување на платите, со цел да се обезбедат оптимални човечки ресурси како основно барање на правилата за организациската и функционална поставеност на едно национално тело за акредитација. Во средствата за работа се обезбедени средства за исплата на плати, како и за исплата на надоместоци за други права од работен однос.

Потребни средства . ………11.850.000,00 денари

5. Дигитализација на работниот процес на ИАРСМ

Во ИАРСМ се спроведува процесна дигитална трансформација на работните текови. Воведен е единствен акредитациски информациски систем (АИС) како интегрирано софтверско решение, а услугите за негово од-

ржување и надградба се обезбедуваат преку склучување на договори за јавна набавка. Тековно се работи истовремено на хартија и во електронска форма, а во 2025 година се планира да се тестираат неколку различни портали за поддршка на дигиталното работење, по што би се ставиле во функција. Сајбер безбедноста на работниот процес се обезбедува и преку набавка и употреба на лиценцирани софтверски програми и антивирусна заштита, како и преку набавка на системска надградба за обезбедување на Disaster recovery (DR) заштита.

Потребни средства …………….2.000.000,00 денари

6. Соработка со државни органи

ИАРСМ ќе продолжи со активности за продлабочување на активната соработка со државните органи преку учество во работата на повеќе работни групи формирани од страна на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за економија и труд, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Бирото за метрологија, Министерство за дигитална трансформација, Министерство за финансии-Биро за јавни набавки, како и други ресорни министерства и државни органи.

Исто така, ИАРСМ ќе продолжи учество во работата на Техничките комитети при Институтот за стандардизација на Република  Северна Македонија.

Соработката може да се воспостави и со други субјекти кои можат партнерски и стратешки да придонесат за промоција на акредитацијата и нејзиното значење и подобрување на состојбата на инфраструктурата за квалитет преку здружување на сите чинители на националната инфраструктура за квалитет и заинтересирани страни во соодветен правен субјект на ниво на македонско друштво за квалитет (универзитети, државни органи, организација на потрошувачи, стопански комори, претставници на бизнис заедницата).

Потребни средства ……………. 150.000,00 денари

7. Спроведување на интерна проверка

Согласно барањата на стандардот МКС EN ISO/IEC 17011:2018 реализирањето на редовната интерна проверка на вработените во ИАРСМ е задолжителна обврска и потреба заради одржување и унапредување на системот за управување со квалитет во ИАРСМ. Интерната проверка во 2025 година ќе се спроведе согласно барањата на стандардот МКС EN ISO/IEC 17011:2018.

8. Преиспитување на раководството

Согласно Политиката за квалитет и Процедурите за работа на ИАРСМ и барањата на МКС EN ISO/IEC 17011:2018 еднаш годишно се реализира преиспитување на раководството на ИАРСМ (директор, претседател на Совет, менаџер за квалитет, раководители на сектори и одделенија).

Целта на преиспитувањето е преку анализа на документи, извештаи, жалби, приговори, забелешки и несообразности да се дефинираат и редифинираат политиките и целите на ИАРСМ и да се испита ефективноста на системот за управување со квалитет на ИАРСМ.

9. Промовирање на системот на акредитација

Промоцијата на системот на акредитација е од клучно значење за јакнење на свеста за значењето и улогата што ја има акредитацијата во секојдневниот живот и за економијата. Неопходно е информирање на јавноста за начинот на аплицирање и за начинот на добивање статус на акредитирано тело, односно приближување на заинтересираните страни до условите за  акредитација, како и промовирање на придобивките од неа.

Самостојно или во соработка со релевантни чинители во економијата, ИАРСМ планира да организира промотивни настани со кои сите заинтересирани страни ќе бидат запознати со придобивките и корисноста од потпишувањето на меѓународните договори EA-MLA, ILAC-MRA, IAF-MLA и употребата на знаците со кои се докажува потписничкиот статус на истите.

Во рамките на промовирање на системот за акредитација, се планираат следниве активности:

- Подготовка и издавање на промотивен и едукативен материјал од областа на акредитацијата, на теми препорачани од европската и светските организации за акредитација,
- Медиумска промоција на акредитацијата,
- Издавање на Годишен извештај за работата на ИАРСМ за 2024 година,
- Промоција за доделување на сертификати на акредитираните тела, по повод 9ти Јуни „Меѓународниот ден на акредитацијата“,
- Организирање и/или учество на конференции или други видови на собири на теми од значење за улогата на акредитацијата,
- Одржување и надградба на официјалната интернет страница на ИАРСМ.

Потребни средства ……………..1.700.000,00 денари

10. Работа на Советот на ИАРСМ и Одборот за надзор на материјално -  финансиското работење на ИАРСМ

Согласно Законот за акредитација, Советот на ИАРСМ го сочинуваат 11 члена, а Одборот за надзор на материјално -  финансиското работење на ИАРСМ го сочинуваат 3 члена.

Во време на подготовка на Програмата, Советот брои и работи со вкупно осум именувани членови и истиот треба да се докомплетира со уште тројца членови.

Потребни средства …………… 1.935.000,00 денари

11. Меѓународни активности

ИАРСМ е полноправен член на: Европската организација за акредитација (EA), Меѓународната (светската) организација за акредитација на лабораториите (ILAC) и Меѓународниот форум за акредитација (IAF).

Како полноправен член на трите организации, ИАРСМ задолжително треба да учествува на годишните состаноци на Генералните собранија на EA, ILAC и IAF, бидејќи е член со активно право и должност да учествува и гласа за нови мерки и резолуции од областа на акредитацијата во светски рамки, а кои потоа вертикално треба да се транспонираат на национално ниво во соодветна правна форма. Исто така, вработените на ИАРСМ задолжително учествуваат на состаноците во рамки на Техничките Комитети на EA, ILAC и IAF и нивните работни групи, во насока да дадат свој придонес во донесување на документите на овие организации кои се од мандаторен и советодавен карактер.

Во својство на полноправен член на EA, дел од вработените се вклучени како евалуатори во рамки на EA тимовите за евалуација и ре-евалуација на други акредитациони тела кои се потписници на EA MLA Договорот. Оваа активност спрема EA, Институтот е должен да ја испорача во определен број евалуаторски денови, а во постапка е и обучување и на други оценувачи. Учеството во оценските мисии на EA е на сметка на националното тело за акредитација од каде се делегирани членовите на оценувачкиот тим.

По основ на полноправното членство, ИАРСМ е задолжен да плаќа соодветен износ на име годишна членарина за 2025 година, и тоа:

- по основ на полноправно членство во ЕА и статус на потписник на MLA Договорот, ИАРСМ треба да плати годишна членарина во износ од 10,800.00 евра.
- по основ на полноправно членство во ILAC и статус на потписник на MRA Договорот, ИАРСМ има обврска за плаќање на годишна членарина во износ од 5.100,00 австралиски долари,
- по основ на полноправно членство во IAF и статус на потписник на MLA Договорот, ИАРСМ има обврска за плаќање на годишна членарина во износ од 1.700,00 американски долари.

ИАРСМ ќе ја одржува и надградува соработката со националните тела за акредитација од регионот согласно потпишаните билатерални договори со: Србија, Црна Гора, Бугарија, Албанија, Хрватска, Турција, Косово, Босна и Херцеговина и Молдавија. Свој активен придонес ИАРСМ учествува и во склучениот Договор за соработка со националните тела за акредитација на земјите од регионот во рамки на иницијативата „Отворен Балкан".

Исто така, ИАРСМ ќе ги одржува и надградува договорите за соработка склучени со Акредитацискиот сервис на Велика Британија (UKAS), Германското тело за акредитација (DAkkS), Федералната служба за акредитација на Руската Федерација (RusAccreditation), како и Договорот со Бугарската акредитација (BAS), Чешката акредитација (CAI) и Словенската акредитација (SA).

Според пројавените потреби ИАРСМ ќе пристапи кон склучување на нови договори за соработка и со други национални тела за акредитација.

Целта на овие договори е организација на заеднички обуки за оценувачи, размена искуства, размена на експерти и оценувачи на регионално ниво, прекугранична акредитација што севкупно ќе придонесе за изградба на ефикасен систем за акредитација. Во рамки на договорената регионална соработка ќе се продолжи со активности на взаемно учество на набљудување при изведување на оцени од националните тела за акредитација од регионот.

Потребни средства …………….3.000.000,00 денари

12. Менаџмент и тековно работење на ИАРСМ

За непречено одвивање на тековните активности на ИАРСМ средствата за работа на ИАРСМ се обезбедуваат во Буџетот на ИАРСМ за 2025 година, при што истите се наменски испланирани за одржување и надградба на ИКТ-инфраструктурата, дигитализација на севкупното работење на ИАРСМ преку одржување и надградба на единствениот информациски систем за акредитација (АИС), замена на технолошки застарената опрема, одржување и надградба на хардверски и софтверски решенија, кои треба да обезбедат ефективно, ефикасно, сигурно и безбедно работење на Институтот. Процесот на дигитализација е во согласност и со владиниот проект за дигитализација и обезбедување на лесен пристап до услугите за крајните корисници. Тековното одржување опфаќа и одржување на просториите, одржување на превозни средства, набавка на информатичко-комуникациска опрема и сл.

Потребни средства ………….. 1.700.000,00 денари

IV. Завршни одредби

Заклучно со 31.03.2026 година, ИАРСМ ќе достави Извештај за реализација на Програмата за работа на ИАРСМ за 2025 година до Владата на Република Северна Македонија, во кој ќе бидат опфатени постигнатите резултати и финансиските показатели, како и образложение за евентуалните отстапувања од планираните активности.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 50-410/6
4 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

---

**606.**

Врз основа на член 57 став (3) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија" бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА ВЕТЕРИНАРНО ЈАВНО ЗДРАВСТВО ЗА 2025 ГОДИНА

I

Средствата за ветеринарно јавно здравство за 2025 година се утврдуваат во износ од 22.000.000,00 денари и тоа од следниот извор:

| | |
|---|---|
| Средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, Раздел 14005 – Агенција за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија, Програма 4, Потпрограма 40, ставка 464. | 22.000.000,00 денари |

II

Средствата за ветеринарно јавно здравство за 2025 година ќе бидат искористени за плаќање на заостанати обврски во износ од 3.000.000,00 денари направени по активности предвидени со Програмата за ветеринарно јавно здравство во 2024 година и средства во износ од 19.000.000,00 денари за тековни активности.

III

Активностите за ветеринарно јавно здравство за 2025 година ги опфаќаат следните ставки:

| | |
|---|---|
| 1. Мониторинг на присуство на резидуи од фармаколошки активни супстанции, резидуи од пестициди и контаминенти кај живи животни, производи и суровини од животинско потекло | 12.500.000,00 денари |
| 2. Мониторинг на исполнувањето на критериумите за микробиолошка исправност на храната од животинско потекло | 1.350.000,00 денари |
| 3. Мониторинг на критериумите за сурово млеко кај молзните грла чие млеко се користи за исхрана на луѓето | 450.000,00 денари |
| 4. Мониторингот на зоонози и причинители на зоонози и мониторинг на антимикробна отпорност | 500.000,00 денари |
| 5. Мониторинг на квалитет на храна од животинско потекло | 650.000,00 денари |
| 6. Мониторинг на безбедноста на храната за животни и други производи за исхрана на животните | 700.000,00 денари |

| | |
|---|---|
| 7. Мониторинг на безбедноста на нуспроизводите од животинско потекло | 300.000,00 денари |
| 8. Мерки за контрола на трансмисивни спонгиоформни енцефалопатии - спонгиоформни енцефалопати кај говеда (СЕГ) и трансмисивни спонгиоформни енцефалопатии кај овци и кози (скрепи) | 2.550.000,00 денари |
| ВКУПНО | 19.000.000,00 денари |

IV

Средствата од дел III точка 1 на оваа програма во износ од 12.500.000 денари, ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| - трошоци за мониторинг на присуство на резидуи од фармаколошки активни супстанции, резидуи од пестициди и контаминенти кај живи животни, производи и суровини од животинско потекло | 11.100.000,00 денари |
| - трошоци за мониторинг на присуство на резидуи од фармаколошки активни супстанции, резидуи од пестициди и контаминенти кај живи животни, производи и суровини од животинско потекло од увоз | 1.400.000,00 денари |

V

Средствата од дел III точка 2 на оваа програма во износ од 1.350.000,00 денари, ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| - трошоци за мониторинг на исполнување на критериумите за микробиолошка исправност на храната од животинско потекло | 1.000.000,00 денари |
| - трошоци за мониторинг на исполнување на критериумите за микробиолошка исправност на храната од животинско потекло од увоз | 350.000,00 денари |

VI

Средствата од дел III точка 3 на оваа програма во износ од 450.000,00 денари, ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| - трошоци за мониторинг на критериумите за сурово млеко кај молзните грла чие млеко се користи за исхрана на луѓето | 450.000,00 денари |

VII

Средствата од дел III точка 4 на оваа програма во износ од 500.000,00 денари, ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| - трошоци за мониторинг на зоонози и причинителите на зоонози и антимикробната отпорност | 400.000,00 денари |
| - трошоци за мониторинг на зоонози и причинителите на зоонози и антимикробната отпорност од увоз | 100.000,00 денари |

VIII

Средствата од дел III точка 5 на оваа програма во износ од 650.000,00 денари, ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| - трошоци за мониторинг на квалитет на храна од животинско потекло | 500.000,00 денари |
| - трошоци за мониторинг на квалитет на храната од животинско потекло од увоз | 150.000,00 денари |

IX

Средствата од дел III точка 6 на оваа програма во износ од 700.000,00 денари, ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| - трошоци за мониторинг на безбедноста на храната за животни и другите производи за исхрана на животните | 500.000,00 денари |
| - трошоци за мониторинг на безбедноста на храната за животни и другите производи за исхрана на животните од увоз | 200.000,00 денари |

X

Средствата од дел III точка 7 на оваа програма во износ од 300.000,00 денари, ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| - трошоци за мониторинг на безбедноста на нуспроизводите од животинско потекло | 200.000,00 денари |
| - трошоци за мониторинг на безбедноста на нуспроизводите од животинско потекло од увоз | 100.000,00 денари |

XI

Средствата од дел III точка 8 на оваа програма во износ од 2.550.000,00 денари, ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| - трошоци за контрола на трансмисивни спонгиоформни енцефалопатии - спонгиоформни енцефалопати кај говеда (СЕГ) и трансмисивни спонгиоформни енцефалопатии кај овци и кози (скрепи) | 2.550.000,00 денари |

XII

Приоритет во спроведување на мерките на оваа програма ќе имаат активностите за следење и откривање на присуство на резидуи од фармаколошки активни супстанции, пестициди и контаминенти кај живи животни, производи и суровини од животинско потекло и мониторинг на трансмисивни спонгиоформни енцефалопатии - спонгиоформни енцефалопати кај говеда (СЕГ) и трансмисивни спонгиоформни енцефалопатии кај овци и кози (скрепи).

XIII

За спроведувањето на оваа програма се грижи Агенцијата за храна и ветеринарство.

XIV

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-419/4
4 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

**607.**

Врз основа на член 16 став (1) алинеја 7 и став (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24,74/24 и 170/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА КРВОДАРИТЕЛСТВОТО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2025 ГОДИНА**

I. ВОВЕД

Крводарителството има нагласено општествено значење и претставува дејност од општ интерес за Република Северна Македонија. Без потребните количества на крв и крвни продукти не е можно да се обезбеди современа и квалитетна здравствена заштита. Во Република Северна Македонија крводарителството е доброволно и се спроведува преку крводарителски акции кои се организирани од Црвениот крст на Република Северна Македонија, а со помош на стручни тимови од ЈЗУ Институтот за трансфузиона медицина на Република Северна Македонија, Скопје. Програмата претставува поддршка на крводарителството во Република Северна Македонија, а во неа се содржани мерки и активности за организирање и спроведување на крводарителски акции.

Министерството за здравство утврдува потреби на државата од единици на крв, крвни продукти и резерви, во соработка со ЈЗУ Институтот за трансфузиона медицина на Република Северна Македонија,Скопје врши надзор над учесниците во спроведувањето на Програмата и утврдува систем на квалитет.

Министерството за здравство ги обезбедува финансиските средства и врз основа на доставени фактури и извештаи, врши исплата.

II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Програмата претставува поддршка на крводарителството во Република Северна Македонија, а во неа се содржани мерки и активности за организирање и спроведување на крводарителски акции, изготвување на здравствено - воспитни пропагандни материјали, мотивациски средства за крводарителите, надоместок на трошоци за организирање на крводарителски акции за општинските организации на Црвениот крст на Република Северна Македонија по единица крв, активности на ЈЗУ Институтот за трансфузиона медицина на Република Северна Македонија, Скопје и партиципација при користење на здравствени услуги на дарители со над 10 крводарувања.

Недостаток во обезбедување крв во државата, ќе предизвика застој на хируршки и други интервенции за кои е потребно апликација на крв и спасување на многу животи.

III. ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА И ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ

Црвениот крст на Република Северна Македонија и ЈЗУ Институтот за трансфузиона медици-на на Република Северна Македонија, Скопје, се извршители на Програмата, кои преку по-единечни и заеднички активности ги реализираат планираните активностите.

1. Црвениот крст на Република Северна Македонија во областа на крводарителството, при реализација на Програмата, ги врши следните активности:

- Континуирана здравствено-воспитна и мотивациска работа кај населението;
- Непосредна подготовка на крводарителските акции во сите средини;
- Изготвување на информативно-пропаганден материјал;
- Анкетирање и изготвување на списоци на потенцијални дарители на крв;
- Учество на волонтери на самата акција за прифаќање на дарителите на крв;
- Евиденција на крводарителските акции на посебни формулари;
- Изготвување на периодични и годишни извештаи за работа, што ги доставува до Мини-стерството за здравство;
- Доделување на признанија на крводарителите;

2. ЈЗУ Институтот за трансфузиона медицина на Република Северна Македонија, Скопје и трансфузиолошките служби, при реализација на Програмата, ги вршат следните активности:

- Ги утврдуваат потребите за крв и крвни продукти за населението во Република Северна Македонија, заедно со Министерството за здравство;
- Вршат организирано прибирање на крв од доброволни дарители со мобилни екипи и во службите за трансфузиологија при болничките центри;
- Вршат контрола на крв, приготвување на крвни компоненти, нивно чување и експедиција;
- Во соработка со клиниките или болничките центри при медицинските центри вршат кон-трола на употребените крвни продукти;
- Обезбедуваат стандарди за прибирање на крв (стандарден состав на екипи, опременост, минимални ресурси за работа, стандарден број на единици кои треба да се прибираат дневно, месечно, годишно);
- Вршат здравствена контрола и се грижат за здравјето на дарителите на крв;
- Водат национален регистар за дарители на крв (според местото на давање, крвни групи, крвни групи, типизирани, одбиени крводарители, дарители на плазма и клеточни елементи);
- Изготвуваат книшка за дарители на крв (со код за секој крводарител, крвна група, картон за возач со крвна група);
- Учествуваат во здравствено-воспитна, мотивациска, истражувачка работа за развој и уна-предување на крводарителството;
- Обезбедуваат унифициран благодарен оброк за дарители на крв.

3. Заеднички активности на Црвениот крст на Република Северна Македонија и ЈЗУ Институтот за трансфузиона медицина на Република Северна Македонија, Скопје:

- Планирање и организирање на крводарителските акции, како и изготвување на програма, оперативни планови, обврски и извештаи за реализација на Програмата за крводарител-ство;
- Планирање и утврдување на термин за изведување на крводарителска акција во одредена средини;
- Редовни контакти и посети во средина во која се планира да се изведе акцијата;
- Договор со организаторите за обезбедување на соодветен простор и услови за оптимално изведување на акцијата;
- Евалуација на постигнатите резултати, на терен и во установите за прибирање крв;
- Предлози за измени и дополнувања на програмата за организирање и унапредување на крводарителството;
- Прилагодување на новонастанати состојби и потреби од крв и крвни продукти (вонредни акции, сезонски потреби, ретки крвни групи);- Организирање на вонредни крводарителски акции во случај на недостиг на единици на крв;- Учество во работа на комисиите за крвода-рителство на разни нивоа;

- Редовно информирање за сите крводарителски акции преку средствата за јавно инфор-мирање;
- Постојано осовременување на промотивни материјали за крводарителство и соработка со размена на искуства од други земји;
- Севкупна анализа и конкретен тримесечен увид во извршените активности и нивното фи-нансиско обезбедување.

IV. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Вкупните средства за реализација на Програмата изнесуваат 29.400.000,00 денари.

Програмата ќе се реализира во рамките на обезбедените средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, во вкупен износ од 29.400.000,00 денари. Од овие средства ќе се плаќаат и неизмирените обврски за партиципација при користење на здравствени услуги за дарители со над 10 крводарувања кон јавните здравствените установи за 2022 година, 2023 година и 2024 година.

Програмските активности и финансиската рамка преставени се во табелите бр. 1 и 2:

1.Средствата за надоместок на трошоци за подготвување и организирање на крводарителски акции

| Опис на активност | Единечна цена (ден.) | Вкупно (ден ) |
|---|---|---|
| **За планирани 54.000 крводарувања на ООЦК** | **100,00** | **5.400,00** |

2.Средства за надоместок за партиципација

| Опис на активност | Единечна цена (ден.) |
|---|---|
| **Партиципација при користење на здравствени услуги за дарители со над 10 крводарувања** | **24.000.000,00** |

Средствата за надоместок за партиципација при користење на здравствени услуги за дарители со над 10 крводарувања кои се трансферираат на квартално ниво (тромесечно) до јавните здравствени установи за околу 6.000 крводарители.

Бројот на крводарители за исплатена партиципација е во зависност од висината на пресметаната партиципација за користење на здравствени услуги по крводарител во вкупен износ од 24.000.000,00 денари.

Вкупно потребни средства за реализација по извршители:

| Опис на активност | Извршители | Вкупно (ден.) |
|---|---|---|
| Организација на крводарителство | Црвен крст на Република Северна Македонија ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина на Република Северна Македонија, Скопје | 5. 400.000,00 |
| Партиципација при Користење на здравствени услуги за дарители со над 10 крводарувања | Јавни здравствени установи | 24.000.000,00 |
| **Вкупно** | | **29.400.000,00** |

V. РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА

Распределбата на средствата по Програмата се врши квартално до извршителите на активностите, врз основа на доставени извештаи и фактури за реализација на мерките и активностите содржани во Програмата, и тоа за активностите во последниот квартал од 2024 година и за првите три квартали од 2025 година.

Распределба на средствата за надоместок за партиципација при користење на здравствени услуги на дарители со над 10 крводарувања се врши квартално до јавните здравствени установи на Република Северна Македонија за тековната година, а врз основа на доставена фактура, извештај/спецификација за периодот кој се фактурира за последниот квартал од 2024 година и за првите три квартали од 2025 година. Доставувањето на фактура, извештај/спецификација за периодот кој се фактурира е 10 дена по завршување на кваратлот за кој се однесува фактурата.

VI. МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Мониторинг и евалуација за спроведување на оваа програма континуирано во текот на годината ќе врши Црвениот крст на Република Северна Македонија и за тоа во извештаите ќе го информира Министерството за здравство.

Црвениот крст на Република Северна Македонија во соработка со ЈЗУ Институтот за трансфузиона медицина на Република Северна Македонија Скопје, формира стручен тим кој заедно со комисијата за развој и унапредување на крводарителството при Црвениот крст на Република Северна Македонија, ќе ги следи и проценува зацртаните цели во оваа програма и ќе предлага мерки за надминување на одредени проблеми кои можат да произлезат во процесот на имплементација на утврдените задачи и активности во оваа програма.

VII. ДОСТАВУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАИ

Црвениот крст на Република Северна Македонија најдоцна до 31.1.2026 година доставува до Министерството за здравство годишен извештај за реализираните активности предвидени со Програмата за организирање и унапредување на крводарителството во Република Северна Македонија за 2025 година.

VIII. ВЛЕГУВАЊЕ ВО СИЛА

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-434/5
4 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

---

**608.**

Врз основа на член 5 алинеја 1 од Законот за Геолошкиот завод на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 136/12, 41/14, 61/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 147/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ОСНОВНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА ЗА 2025 ГОДИНА**

I

Со оваа програма се утврдува висината на средствата, намената и начинот за нивното користење, видот и обемот на основните геолошки истражувања за 2025 година.

II

Средствата за финансирање на оваа програма се во износ од 9.000.000 (девет милиони) денари, обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, раздел - 10101, програма 2, потпрограма 21 - Геолошки завод, категорија 48 - капитални расходи, ставка 485 - вложувања и не-финансиски средства.

III

Средствата за финансирање на оваа програма се со цел обезбедување на основните геолошки, хидрогеолошки и инженерскогеолошки карти, како и креирање на централна и дигитална база од геолошка документација и платформа за користење и споделување на геолошка документација и ќе се користат за следната намена:

| **Ред. бр.** | **Опис** | **Износ (денари)** |
|---|---|---|
| 1. | Изработка на Основна инженерскогеолошка карта на Република Северна Македонија во размер 1:100 000, лист Скопје (IV фаза на реализација) | 4.300.000 |
| 2. | Веб портал - Единствен геолошки информациски систем на Република Северна Македонија и пропратни сервиси | 2.000.000 |
| 3. | Апликација за дигитализација и просторно управување со геолошка документација | 1.000.000 |
| 4. | Проект за катастар на свлечишта и нестабилни падини во Република Северна Македонија | 1.000.000 |
| 5. | Проект за интеграција на иновативни методи на далечинско управување во основните геолошки истражувања | 700.000 |
| 6. | Макропроект за Основна геолошка карта (ОГК - 2), Пелагон во размер 1:50 000, руден реон Селечка Планина | не се потребни средства |
| 7. | Проект за идентификација и мапирање на критични минерални суровини и ретки елементи во Република Северна Македонија | не се потребни средства |
| 8. | Комплетирање во изработката на Основна геолошка карта (ОГК) во размер 1:100 000 | не се потребни средства |
| 9. | Комплетирање во изработката на Основна геолошка карта (ОГК) во размер 1:25 000 | не се потребни средства |
| 10. | Дигитализација, векторизација и просторно поврзување на геолошка документација (Формирање на Единствен информациски геолошки систем на Република Северна Македонија – Фаза 1) | не се потребни средства |
| | ВКУПНО: | 9.000.000 |

IV

Реализацијата на проектите под реден број 1, 2 и 3 од делот III од оваа програма ќе се врши врз осно-ва на склучени договори со изведувачи кои ќе се изберат со објавување на јавен повик и спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка на услуги. Со најповолниот понудувач Геолош-киот завод на Република Северна Македонија ќе склучи договор за јавна набавка на услуги.

Реализацијата на проектот под реден број 4 од делот III од оваа програма ќе се врши врз основа на склучен договор за соработка помеѓу Геолошкиот завод на Република Северна Македонија и Гра-дежниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ -Скопје.

Реализацијата на проектот под реден број 5 од делот III од оваа програма ќе се врши врз основа на склучен договор за соработка помеѓу Геолошкиот завод на Република Северна Македонија и Факул-тетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Реализацијата на проектите под реден број 6, 7, 8, 9 и 10 од делот III на оваа програма ќе биде извршена самостојно и во целост од страна на Геолошкиот завод на Република Северна Македонија.

V

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Ре-публика Северна Македонија”.

Бр. 50-501/6
4 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

---

**609.**

Врз основа на член 36 став (5) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), а во врска со член 22 од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 244/19, 53/24, 74/24 и 170/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА СУБВЕНЦИИ ОД ОБЛАСТА НА СПОРТОТ ЗА 2025 ГОДИНА**

I. Со оваа програма се распределуваат средства за партиципација во финансирањето на субјекти-корисници од дејноста спорт: националните спортски федерации, спортските клубови, спортистите кои се натпреваруваат во индивидуалните спортови и други субјекти кои имаат решение за дејност спорт во рамки на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година.

Со партиципацијата во финансирањето на односните субјекти-корисници се поттикнува развојот на македонскиот спорт во повеќе сегменти, односно: за развој на националниот систем на натпревари кој го реализираат националните спортски федерации, за остварување тренажни процеси на спортисти поединци, национални тимови и клупски екипи заради нивно учество во рамки на меѓународен систем на натпревари и учество на спортските клубови во рамки на меѓународен клупски систем на натпревари, за обезбедување услови за функционирање на органите и телата на националните

спортски федерации и спортските клубови, за организација на светски, европски и регионални меѓународни спортски натпревари и традиционални спортски манифестации, за примена на науката во спортот преку вршење антрополошки мерења на спортистите од страна на јавна високообразовна установа која обезбедува наставна, научна и апликативна дејност од областа на спортот, за поттикнување на развојот на параолимпискиот, училишниот и универзитетски спорт и спортот за лица со оштетен вид и слух, како и за поттикнување на спортската рекреација.

Средствата за реализација на оваа програма во вкупен износ од 440.000.000,00 денари ќе се обезбедат од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 254/24) во Раздел 16201 - Министерство за спорт, а Министерството за спорт се определува истите да ги користи за:

I-a. Програма 5, Потпрограма 50 - Субвенции од областа на спортот, ставка 463 - Трансфер до невладини организации, за што се утврдени средства во износ од 440.000.000,00 денари.

Опис на планирани активности и распределба на финансиски средства обезбедени со Програма 5, Потпрограма 50 - Субвенции од областа на спортот, ставка 463-Трансфер до невладини организации:

| Реден бр. | Опис | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1. | За НАЦИОНАЛНИ СПОРТСКИ ФЕДЕРАЦИИ - 13% од вкупниот износ од 440.000.000,00 денари | 57.200.000,00 |
| 1.1 | За ЕКИПНИ ОЛИМПИСКИ СПОРТОВИ - 49% од вкупниот износ од точка 1 - за националните спортски федерации | 28.028.000,00 |
| 1.2 | За ИНДИВИДУАЛНИ ОЛИМПИСКИ СПОРТОВИ - 42,5% од вкупниот износ од точка 1 - за националните спортски федерации | 24.310.000,00 |
| 1.3 | За НЕОЛИМПИСКИ СПОРТОВИ - 8,5% од вкупниот износ од точка 1 - за националните спортски федерации | 4.862.000,00 |
| 2. | За АКТИВНИ СПОРТСКИ КЛУБОВИ - 82,7% од вкупниот износ од 440.000.000,00 | 363.880.000,00 |
| 2.1 | За СПОРТСКИТЕ КЛУБОВИ ОД ЕКИПНИТЕ ОЛИМПИСКИ СПОРТОВИ (ракомет, фудбал, кошарка и одбојка) за 2 степени на натпреварувања (прв и втор степен) - 72,6% од вкупниот износ од точка 2 - за спортските клубови | 264.176.880,00 |
| 2.2 | За СПОРТСКИТЕ КЛУБОВИ ОД ИНДИВИДУАЛНИТЕ ОЛИМПИСКИ И НЕОЛИМПИСКИ СПОРТОВИ - 25,4% од вкупниот износ од точка 2 - за спортските клубови | 92.425.520,00 |
| 2.3 | За СПОРТСКИТЕ КЛУБОВИ ОД ДРУГИТЕ ПРАВНИ ЛИЦА со решение за дејност спорт - 2% од вкупниот износ од точка 2 - за спортските клубови | 7.277.600,00 |
| 3. | За АКТИВНИ СПОРТИСТИ ОД ИНДИВИДУАЛНИТЕ ОЛИМПИСКИ И НЕОЛИМПИСКИ СПОРТОВИ - 2,3 % од вкупниот износ од 440.000.000,00 денари | 10.120.000,00 |
| 4. | За ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА со решение за вршење дејност спорт - 2% од вкупниот износ од 440.000.000,00 денари | 8.800.000,00 |
| | Вкупно | 440.000.000,00 |

1. Партиципација за финансирање на НАЦИОНАЛНИТЕ СПОРТСКИ ФЕДЕРАЦИИ. Средствата се наменети за партиципација во финансирањето на националните спортски федерации заради: организација на национален систем на натпревари, турнири, традиционални спортски манифестации, регионални спортски натпревари, меѓународни спортски натпревари кои се дел од календарите за натпревари на соодветните меѓународни спортски асоцијации, подготовки на национални тимови и спортисти поединци за нивно учество во рамки на меѓународни спортски натпревари, редовно регулирање на обврските поврзани со годишни членарини и котизации за учество на спортистите во рамки на меѓународните спортски натпревари, обезбедување нивна функционалност (просторни ресурси, спортска опрема и реквизити, човечки ресурси и администрирање, тренажен кадар за националните тимови), за примена на науката во спортот преку вршење антрополошки мерења на спортистите и обезбедување здравствена заштита, пензиско и инвалидско осигурување и осигурување од последици од несреќен случај и ризици на спортистите, за што се утврдени средства во износ од 57.200.000,00 денари.

2. Партиципација за финансирање на АКТИВНИТЕ СПОРТСКИ КЛУБОВИ. Средствата се наменети за партиципација во финансирањето на активностите на активните спортски клубови заради: учество во национален систем на натпревари, учество во меѓународен систем на натпревари за индивидуалните олимписки и неолимписки спортови и меѓународен клупски систем на натпревари за екипните олимписки спортови (ракомет, фудбал, кошарка и одбојка), обезбедување тренажни процеси на спортисти поединци и клупски екипи, обезбедување нивна функционалност (просторни ресурси, спортска опрема и реквизити, човечки ресурси и администрирање, тренажен кадар за националните тимови), организација на натпревари, бонуси за натпреварувачите и тренерите, за примена на науката во спортот преку вршење антрополошки мерења на спортистите и обезбедување здравствена заштита, пензиско и инвалидско осигурување и осигурување од последици од несреќен случај и ризици на спортистите, за што се утврдени средства во износ од 363.880.000,00 денари.

3. Партиципација за финансирање на АКТИВНИТЕ СПОРТИСТИ ОД ИНДИВИДУАЛНИТЕ ОЛИМПИСКИ И НЕОЛИМПИСКИ СПОРТОВИ. Средствата се наменети за партиципација во финансирањето на активните спортисти од индивидуалните олимписки и неолимписки спортови заради: учество во национален и меѓународен систем на натпревари, обезбедување тренажни процеси на спортисти поединци и национални тимови, обезбедување спортска опрема и реквизити и обезбедување здравствена заштита, пензиско и инвалидско осигурување и осигурување од последици од несреќен случај и ризици на спортистите, за што се утврдени средства во износ од 10.120.000,00 денари.

4. Партиципација за финансирање на ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА со решение за вршење дејност спорт (националните спортски федерации за училишен спорт, универзитетски спорт, за спортска рекреација, за слепи, за глуви, сојуз на спортски федерации). Средствата се наменети за партиципација во финансирањето други правни лица со решение за вршење дејност спорт заради: организација на национален систем на натпревари, турнири, традиционални спортски манифестации, регионални спортски натпревари, меѓународни спортски натпревари кои се дел од календарите за натпревари на соодветните меѓународни спортски асоцијации, подготовки на национални тимови и спортисти поединци за нивно учество во рамки на меѓународни спортски натпре-

вари, редовно регулирање на обврските поврзани со годишни членарини и котизации за учество на спортистите во рамки на меѓународните спортски натпревари, обезбедување нивна функционалност (просторни ресурси, спортска опрема и реквизити, човечки ресурси и администрирање, тренажен кадар за националните тимови), за примена на науката во спортот преку вршење антрополошки мерења на спортистите и обезбедување здравствена заштита, пензиско и инвалидско осигурување и осигурување од последици од несреќен случај и ризици на спортистите, за што се утврдени средства во износ од 8.800.000,00 денари.

II. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-563/8
4 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

---

**610.**

Врз основа на член 43 став (3) од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 254/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА РАЗВОЈ НА СПОРТ И МЛАДИ
## ЗА 2025 ГОДИНА

I. Со оваа програма се распределуваат средства за партиципација во финансирањето на субјекти-корисници од дејноста спорт, односно, националните спортски федерации кои реализираат национален и меѓународен систем на натпревари за лица со оштетен вид и слух и специјална олимпијада во рамки на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година за развој на спортот преку зголемена вклученост на младите лица со оштетен вид и слух во истиот.

Со партиципацијата во финансирањето на субјектите-корисници се поттикнува развојот на македонскиот спорт преку реализација на активности поврзани со зголемување на вклученоста на лицата со оштетен вид и слух и специјална олимпијада во системот на натпревари кој го реализираат националните спортски федерации за овие категории на спортисти.

Средствата за реализација на оваа програма во вкупен износ од 4.000.000,00 денари ќе се обезбедат од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 254/24) во Раздел 16201 - Министерство за спорт, а Министерството за спорт се определува истите да ги користи за:

I-а. Програма 4, Потпрограма 40 - Меѓународна програма, ставка 463 - Трансфер до невладини организации за што се утврдени средства во износ од 4.000.000,00 денари.

I-б. Раздел 162.01 - Министерство за спорт
Програма 4
Потпрограма 40 - Меѓународна програма
Ставка 463 - Трансфер до невладини организации

Опис на планирани активности и распределба на финансиски средства обезбедени со Програма 4, Потпрограма 40 - Меѓународна програма, ставка 463-Трансфер до невладини организации:

| | Опис | Износ во денари |
|---|---|---|
| | Партиципација за финансирање на програми на националните спортски федерации за лица со оштетен вид и слух и специјална олимпијада | 4.000.000,00 |

Партиципација за финансирање на програми на националните спортски федерации за лица со оштетен вид и слух и специјална олимпијада. Средствата се наменети за партиципација во финансирањето на програми на националните спортски федерации за лица со оштетен вид и слух и специјална олимпијада заради обезбедување нивна функционалност, односно: организација на национален систем на натпревари, обезбедување просторни ресурси, спортска опрема и реквизити, човечки ресурси и администрирање, тренажен кадар за националните тимови, за што се утврдени средства во износ од 4.000.000,00 денари.

II. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-565/8
4 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

---

**611.**

Врз основа на член 36 став (5) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА РАЗВОЈ НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО И КОНКУРЕНТНОСТА НА МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ЗА 2025 ГОДИНА

Член 1

Со оваа програма се уредува намената на средствата за развој на претприемништвото и конкурентноста на малите и средните претпријатија.

Средствата во износ од 18.530.000 (осумнаесет милиони и петстотини и триесет илјади) денари се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, раздел 10001 Министерство за економија и труд, Програма Д, Потпрограма ДГ–Поддршка на развојот на мали и средни претпријатија, ставка 462 и 464, наменети за развој на микро, мали и средни претпријатија и занаетчии.

Средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година наменети за реализација на оваа програма, ги распределува Министерството за економија и труд.

Член 2

Средствата од член 1 од оваа програма, ќе се користат за следните намени:

МЕРКА 1. Финансиска поддршка за микро, мали и средни претпријатија во вкупен износ од 5.530.000 денари.

Предмет на мерката 1 е субвенционирање на микро, мали и средни претпријатија, кои вработуваат најмалку две лица преку кофинансирање на 40% од докажаните трошоци, но не повеќе од 150.000 денари вкупно по апликант, направени за следните намени:

- Развој или набавка на дигитални решенија и технологии со цел дигитална трансформација на деловните процеси или производство и/или

- Имплементација, адаптација и интеграција на дигитални решенија и технологии.

МЕРКА 2. Субвенционирање на трошоци на занаетчии во вкупен износ од 3.000.000 денари.

Предмет на мерката 2 е субвенционирање на занаетчии и вршители на занаетчиска дејност преку кофинансирање на 40% од докажаните трошоци, но не повеќе од 120.000 денари по апликант, направени за:

- набавка на нови машини и алати и

- дизајн на нов производ.

МЕРКА 3. Надоместување на дел од трошоците на микро, мали и средни претпријатија за сертификација на системи за квалитет според ИСО стандарди во вкупен износ од 1.500.000 денари.

Предмет на мерката 3 е надоместување на дел од трошоците на микро, мали и средни претпријатија за сертификација на системи за квалитет според ИСО стандарди и тоа 40% од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 150.000 денари поединечно за секој апликант.

МЕРКА 4. Надоместување на дел од трошоците на микро, мали и средни претпријатија за сертификација на ХАЛАЛ систем во вкупен износ од 1.500.000 денари.

Предмет на мерката 4 е надоместување на дел од трошоците на микро, мали и средни претпријатија за сертификација на ХАЛАЛ систем и тоа 40% од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 150.000 денари поединечно за секој апликант.

МЕРКА 5. Кофинансирање на проекти за развој и промоција на претприемништвото и занаетчиството, како и програмски активности на мрежите на бизнис ангели во вкупен износ од 7.000.000 денари и тоа:

1. 1. Кофинансирање на проекти на фондации и здруженија кои се однесуваат на нефинансиска поддршка за развој на претприемништвото и конкурентноста на мали и средни претпријатија преку кофинансирање на 70% од трошоците за реализација на проект, но не повеќе од 350.000 денари по апликант за следните приоритетни области:

- зелена економија,

- електронска трговија,

- пристап до финансии и алтернативни форми на финансирање,

- интернационализација,

- циркуларна економија,

- дигитализација на процесите,

- вештачка интелегенција,

- промотивни активности за концептот на бизнис ангели и

- креирање на култура на социјално претприемништво.

2. Кофинансирање на проекти на здруженија, фондации и занаетчиски комори за развој и промоција на занаетчиството преку кофинансирање на 70% од трошоците за реализација на проект, но не повеќе од 350.000 денари по апликант за следните активности:

- организирање на обуки за поединечни занаетчиски дејности и креативни занаети,

- организирање на форуми,

- организирање на промотивни активности и

- обуки за јакнење на свеста за придобивките од легализација на занаетчискиот бизнис.

3. Кофинансирање на проекти за програмски активности на мрежите на бизнис ангели преку кофинансирање на 70% од докажаните трошоци, но не повеќе од 350.000 денари поединечно за секоја мрежа-барател и тоа за реализација на проекти кои вклучуваат:

- обуки на претприемачи за средба со бизнис ангели,

- обуки за стекнување на неопходните вештини на потенцијални инвеститори (бизнис ангели) за водење на постапката на инвестирање и

- организирање средби меѓу претприемачи и бизнис ангели за презентирање на бизнис идеи.

Член 3

Доделувањето на средствата од мерките од член 2 од оваа програма, ќе се изврши преку објавување на јавни повици на веб - страницата на Министерството за економија и труд www.economy.gov.mk.

Член 4

Со цел придонесување кон рамномерен регионален развој, барателите на финансиска поддршка за мерките 1 и 2 од член 2 од оваа програма ќе добијат дополнителна финансиска поддршка во зависност од планскиот регион од каде аплицира барателот.

За потребите на пресметка на дополнителната финансиска поддршка од ставот 1 на овој член, ќе се користат последните достапни податоци за БДП по глава на жител по региони кои ги објавува Државниот завод за статистика.

Дополнителната финансиска поддршка ќе се пресметува врз основа на процентуална разлика помеѓу планскиот регион со највисока вредност на БДП по глава на жител и вредноста на БДП по глава на жител на планскиот регион во кој е седиштето на барателот на финансиска поддршка.

Член 5

Поединечниот износ на средства за кофинансирање на секој апликант за мерките 1, 2, 3 и 4 утврден согласно членовите 2 и 4 од оваа програма може да биде изменет односно процентуално намален, доколку вкупно одобрениот износ на средства за субвенционирање на сите апликанти кои ги исполнуваат предвидените услови во Јавниот повик го надминува планираниот износ на средства за реализација на мерките 1, 2, 3, и 4 од оваа програма.

Процентот на рамномерно намалување на поединечниот износ на средства за кофинансирање на секој апликант ќе се утврди во зависност од разликата меѓу потребните и расположливите средства за субвенционирање.

Член 6

За реализирање на оваа програма ќе се грижи Министерството за економија и труд.

Министерството за економија и труд, заклучно со 31 март 2026 година, до Владата на Република Северна Македонија ќе достави извештај со финансиски показатели за реализација на Програмата и наменско користење на средствата.

Член 7

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-730/7
4 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

**612.**

Врз основа на член 16 ставови (2) и (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24, 74/24 и 170/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИТЕ И СТУДЕНТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2025 ГОДИНА**

I. Вовед

Децата од училишна возраст се посебна популациона група која се карактеризира со интензивни физички, психолошки и социјални промени, што ги прави исклучително ранливи на неповолните ризик фактори од околината. Промените во правец на стекнување поголема независност придружено со склоноста кон експериментирање со нови животни стилови и активности, креираат нови здравствени ризици поврзани во прв ред со однесувањето. Поради тоа, раната детекција на здравствените како и на психо-социјалните, развојните и бихејвиоралните ризици треба да претставува приоритет во грижата за училишните деца и младина. Најчестите причини за морбидитет и морталитет кај оваа возрасна група се намерните и ненамерни повреди, последиците од ризичното сексуално однесување, пореметувања на менталното здравје (депресија, анорексија, булимија), недоволна физичка активност и неправилна исхрана.

Класичен метод за скрининг на здравјето на училишните деца и младина се систематските прегледи, кои се вршат организирано во јавните здравствени установи од страна на службите за превентивна здравствена заштита и превентивна стоматолошка заштита на училишни деца.

При систематскиот преглед се врши и редовна имунизација против заразни заболувања според Календарот за имунизација на Република Северна Македонија.

Посебно вулнерабилната група на деца и адолесценти е онаа која е надвор од образовниот систем. Здравствениот сектор во соработка со патронажната служба, Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија и невладините организации преземаат активен пристап во откривањето на овие деца и нивно упатување до превентивните тимови кои обезбедуваат превентивна здравствена заштита на децата. Овој проблем е особено голем кај децата Роми кои не ги посетуваат редовно основните и средни училишта.

Целта на систематскиот преглед е:
- Следење на физичкиот и психосоцијалниот развој,
- Рана детекција на здравствени проблеми и навремен третман,
- Рано препознавање на ризични видови на однесување - детекција на бихејвиорални ризи-ци,
- Едукација за усвојување на здрави животни стилови,
- Едукација за важноста на навремената и целосна вакцинација.

Возраст на вршење на систематски прегледи:

Задолжителни систематски прегледи се вршат во 1-во, 3-то, 5-то, 7-мо и 9-то одделение. Средношколците се опфатени со систематски прегледи во 1-ви и 4-ти клас, а студентите во 1-ва година. Содржината на систематскиот преглед зависи од возраста на ученикот.

Содржина на систематскиот преглед:

1. Општ лекарски преглед:
- мерење на телесната тежина и висина и одредување на ИТМ;
- преглед на кожата;
- согледување на постоење на деформитети на локомоторниот систем;
- општ лекарски преглед и преглед по системи (кардиоваскуларен, респираторен, дигести-вен, нервен, урогенитален систем);
- мерење на пулсот и крвниот притисок;
- испитување на вид, слух и говорот;
- земање на податоци во врска со пубертетот кај двата пола и menarha (кај ученички и сту-дентки);
- земање податоци во врска со сексуалната активност на адолесцентите и употребата на кон-трацепција и заштита од СПИ;
- земање на податоци за употреба и злоупотреба на супстанци (пушење, алкохол, таблети, дроги);
- земање податоци за рано откривање на знаци на депресија и други пореметувања на мен-талното здравје;
- земање на податоци за постоење на насилно однесување (булинг);
- давање препорака за понатамошни специјалистички прегледи доколку е потребно;
- прибирање на податоци од наставниците и психолозите за успехот и однесувањето на уче-никот и давање на потребни совети;
- контрола на извршените вакцинации и ревакцинации и преземање мерки за комплетирање на вакциналниот статус.

Наодите од систематскиот преглед се евидентираат во Картонот за систематски прегледи на училишни деца, изготвен од Заводот за здравствена заштита на мајки и деца, а отстапувањата се запишуваат во картонот со преземање на соодветни мерки за санирање и следење.

Контролни и целни прегледи: Во зависност од констатираните претходни состојби, се вршат контролни и целни прегледи за поедини видови на однесување или заболување/состојба.

2. Лабораториски преглед:
- хемоглобин во крв и
- албумен и билирубин во урина.

3. Стоматолошки преглед:
- контрола и евиденција на состојбата на забалото (млечни, трајни заби, кариес, екстракција и пломба индекс);
- откривање на деформитети и неправилности во развојот на забите и вилиците;
- евиденција на констатираната состојба во здравствениот картон;
- задолжителен преглед за сите ученици секоја учебна година од прво одделение во основ-но образование до завршна година на образование во средното образование.

4. Превентивна стоматолошка заштита

Превентивните стоматолошки тимови од Јавните здравствени установи-Здравствени домови во Република Северна Македонија спроведуваат превентивни активности кај деца до 14 години, меѓу другите:
- залевање на фисурите и јамичките (кај сите деца кои посетуваат прво одделение), при што се залеваат 4-те први трајни молари;
- кај дел од децата со специјални потреби кај кои има висок кариес ризик, потребни се мате-ријали за локална заштита на нивните заби со траен ефект.

За извршување на овие активности и набавка на потребните материјали одговорни се ЈЗУ Здравствени домови и ЈЗУ Општи болници со проширена дејност во Република Северна Македонија и нивните превентивни тимови (стоматолог-сестра).

5. Превентивни прегледи за рана дијагностика на пречки во развојот на слух, говор и глас

Превентивните прегледи на децата од 4-6 годишна возраст ќе се спроведуваат во насока на рана дијагностика на пречки во развојот на слухот,говорот и гласот. Прегледите ќе се спроведуваат од страна на стручните тимови на ЈЗУ Центар за рехабилитација на патологија на вербалната комуникација Скопје и ЈЗУ Центар за рехабилитација на патологија на вербалната комуникација Битола со рамномерно распоредување на прегледите на територијата на целата држава. Целта на овие прегледи е рано откривање на деца со:

- Пречки во развојот на говорот од полесна до најтешка форма;
- Лесно до најтешко оштетување на слухот;
- Ортодонтски аномалии;
- Аутистичен спектар на симптоми и аутизам.

## II. Мерки кои треба да се преземат за подобрување на состојбите

Во насока на подобрување на здравствената состојба и квалитетот на превентивната здравствена заштита на децата од училишна возраст и младината, како и обезбедување на одржлив систем на надзор врз подобрување на здравјето, потребно е извршување на следните мерки:

1. Мерки за подобрување на превентивната здравствена заштита на децата од училишна воз-раст и младина:

- систематски прегледи во 1-во, 3-то, 5-то, 7-мо и 9-то одделение како и во 1-ва и 4-та година од средното образование;
- систематски прегледи на студенти во 1-ва година факултет;
- дополнителни превентивни контролни и целни прегледи кај учениците каде е најдено отста-пување;
- превентивни стоматолошки прегледи.

2. Следење и евалуација на здравствената состојба на децата и адолесцентите:

- унапредување на системот на раководење со податоци за превентивна здравствена заштита на деца од училишна возраст и младина;
- воспоставување на систем за документирање на наодите од систематскитепрегледи преку примена на Картони за систематски прегледи кај училишни деца;
- изготвување на Извештај за здравствена состојба и заштита на децата со предлог мерки за унапредување на состојбата.

## III. Цели на Програмата

Главна цел на оваа програма е да обезбеди услови за зачувување и унапредување на здравјето на сите деца од училишна возраст и студентите преку превенција и рана детекција на здравствените ризици и нарушувањата на здравјето.

1. Специфични цели:

1.1. Превенција и рана детекција на здравствените ризици и нарушувањата на здравјето на учениците и студентите.

1.2. Документирање на податоци за здравствената состојба и здравственото однесување на учениците и студентите во национална база на податоци која ќе послужи како основа за креирање на навремени и соодветни јавно-здравствени интервенции.

## IV. Очекувани резултати (индикатори на успешност):

- Обем на извршени систематски прегледи (над 90%).
- Број на откриени и прегледани деца вон образовниот систем на терен.
- Број (процент) на залеани заби кај ученици од прво одделение во однос на вкупниот број на деца.

1. Проценка на бројот на ученици и студенти за 2025 година

Бројот на учениците и студентите кои треба да бидат систематски прегледани во 2025 година е добиен од Министерство за образование и наука.

1.1. Основно образование:

Во 2025 година со систематски прегледи треба да бидат опфатени 97.206 ученици од основните училишта, од кои:

- 18.714 ученици во 1 одделение;
- 19.635 ученици во 3 одделение;
- 19.967 ученици во 5 одделение;
- 19.481 ученици во 7 одделение.
- 19.409 ученици во 9 одделение.

1.2. Средно образование:

Во средните училишта во текот на 2025 година, со систематски прегледи треба да бидат опфатени 32.220 ученици, и тоа:

- 17.449 ученици во први клас;
- 14.771 ученици во четврти клас.

1.3. Високо образование:

Во 2025 година, со систематски прегледи треба да бидат опфатени 12.351 студенти од прва година високо образование.

Вкупно ученици (основно и средно), како и студенти кои треба да бидат опфатени со систематски прегледи се 141.777.

## V. Потребни финансиски средства

| | ПРОГРАМА ЗА СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ | Потребни финансиски средства во денари |
|---|---|---|
| **1** | Партиципација за осигурани студенти и ученици како и за лица од 7-18 години неопфатени во образовниот систем за извршени систематски прегледи која се трансферира до ЈЗУ | **4.500.000,00** |
| **2** | Општ систематски преглед, систематски стоматолошки и лабораториски систематски прегледи на неосигурани лица од 7-18 години неопфатени во образовниот систем. 1000 прегледи х 400 ден. | **400.000,00** |
| **3** | Превентивни прегледи за рана дијагностика на пречки во равојот на слух , говор и глас кај деца 3500 прегледи х 500 ден. | **1.750.000,00** |
| **4** | 4.1. Средства за стоматолошки материјал за заштита (залевање, запечатување) на првите трајни молари кај децата во прво одделение. | **1.900.000,00** |
| | 4.2. Средства за пасти за локална примена кај деца со посебни потреби наменети за превенција од кариес (за деца со посебни потреби до 14 години и со тежок вид на ментална и физичка попреченост во развојот). | **1.400.000,00** |

| | | |
|---|---|---|
| **5** | Доставување на извештај со анализа и коментар за систематските прегледи извршени во 2024 година (ИЈЗ) | **50.000,00** |
| | Од основен Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година | **10.000.000,00** |
| | **ВКУПНО** | **10.000.000,00** |

VI. Финансирање

Оваа програма ќе се реализира со финансиски средства Од основен Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година во висина од 10.000.000,00 денари.

Неизмирените обврски по основ на остварени права согласно Програмата за систематски прегледи на учениците и студентите во Република Северна Македонија за 2024 година, ќе бидат исплатени во текот на 2025 година.

Распределбата на средствата по Програмата ја врши Министерството за здравство квартално на ЈЗУ - извршители на активностите, врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во оваа програма.

VII. Извршители на Програмата

Систематските прегледи ќе ги извршуваат превентивните тимови од ЈЗУ- здравствени домови (доктор-сестра), а за студентите систематските прегледи ќе ги извршуваат превентивни тимови од здравствените домови, како и специјализирани тимови за таа дејност во рамките на универзитите во градовите каде се наоѓаат универзитетите.

Превентивната стоматолошка заштита и набавката на потребните материјали ќе ја извршуваат превентивните стоматолошки тимови (стоматолог-сестра) од ЈЗУ-Здравствени домови.

Заводот за здравствената заштита на мајки и деца во соработка со поливалентната патронажна служба и Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија ќе учествува во откривање на семејства кои имаат деца надвор од образовниот систем со цел вклучување на истите во здравствениот систем заради изведување на систематски прегледи, вакцинација и унапредување на нивното здравје.

Прегледите за рана дијагностика на пречки во развојот на слухот, говорот и гласот ќе се спроведуваат од страна на стручните тимови на ЈЗУ Центар за рехабилитација на патологија на вербалната комуникација - Скопје и ЈЗУ Центар за рехабилитација на патологија на вербалната комуникација - Битола.

Заводот за здравствената заштита на мајки и деца во соработка со превентивните тимови и членовите на локалните заедници и граѓанскиот сектор ќе учествуваат во здравствена едукација на деца од училишна возраст и младина кои живеат во рурални средини или припаѓаат на ромските заедници и не посетуваат училиште.

VIII. Доставување на Годишни извештаи и рокови

Заводот за здравствената заштита на мајки и деца во соработка со Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија ќе достави Информација за извршување на мерките од Програмата до Министерството за здравство најдоцна до 31.12.2025 година.

Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија ќе изготви извештај за наодите од систематските прегледи и ќе го достави до Министерството за здравство најдоцна до 31.12.2025 година.

IX. Влегување во сила

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-733/7
4 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

---

**613.**

Врз основа член на 15 од Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/08, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13, 116/14, 154/15, 193/15, 39/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.150/21), а во врска со член 112 од Законот за рибарство и аквакултура (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 64/24) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО РИБАРСТВОТО И АКВАКУЛТУРАТА ЗА 2025 ГОДИНА

I

Средствата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2025 година во вкупен износ од 90.000.000,00 денари, обезбедени согласно Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 254/24) раздел 14004 – Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (во натамошниот текст: Агенцијата), Потпрограма 20 – Финансиска поддршка во земјоделството, Ставка 464 - разни трансфери во износ од 60.000.000,00 денари и Потпрограма 2А-Финансиска поддршка на рурален развој, Ставка 489 - Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации во износ од 30.000.000,00 денари, ќе се користат според намените, критериумите и условите утврдени со оваа програма и тоа за:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Финансиска поддршка во рибарството | 12.500.000,00 |
| 2. | Финансиска поддршка во аквакултурата и преработката на риби | 44.000.000,00 |
| 3. | Техничка поддршка | 1.500.000,00 |
| 4. | Развој на нови пазари и промотивни кампањи | 2.000.000,00 |
| 5. | Заостанати обврски од Програмите за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата по однос на склучени договори и поднесени барања за исплата од 2022, 2023 и 2024 година | 30.000.000,00 |
| | Вкупно | 90.000.000,00 |

II

(1) Средствата од дел I точка 1 од оваа програма наменети за финансиска поддршка во рибарството во вкупен износ од 12.500.000,00 ќе се користат за реализација на следните активности:

| 1. | Финансиска поддршка во рибарството | | |
|---|---|---|---|
| | Мерка | Опис | Средства |
| 1. 1. | Финансиска поддршка за порибување на риболовно подрачје Охридско езеро со подмладок од охридска пастрмка | 100% од прифатливи трошоци | 5.000.000,00 |
| 1. 2. | Финансиска поддршка за порибување на риболовно подрачје Дојранско езеро со подмладок од крап | 100% од прифатливи трошоци | 600.000,00 |
| 1. 3. | Финансиска поддршка за порибување на риболовно подрачје Преспанско езеро со подмладок од крап | 100% од прифатливи трошоци | 600.000,00 |
| 1. 4. | Финансиска поддршка за порибување на риболовни води без концесионер/ корисник | 100% од прифатливи трошоци | 300.000,00 |
| 1. 5. | Финансиска поддршка за доградба, надградба и опремување на постоечките капацитети - репроцентри/мрестилишта за производство на репродуктивен и порибителен материјал | 100% од прифатливи/одобрени трошоци | 2.000.000,00 |
| 1. 6. | Дополнителна заштита на рибите во риболовните води | 100% од прифатливи трошоци | 1.500.000,00 |
| 1. 7. | Набавка на опрема за заштита на рибите во риболовните води | 100% од прифатливи трошоци | 500.000,00 |
| 1. 8. | Финансиска подршка за отстранување на постоечките нарушувања на животната средина | 100% од прифатливи трошоци | 1.000.000,00 |
| 1. 9. | Финансиска подршка за рехабилитација на риболовни води | 100% од прифатливи трошоци | 1.000.000,00 |
| | Вкупно | | 12.500.000,00 |

(2) Средствата од став (1) потточка 1.1. на овој дел се наменети за надомест на прифатливи трошоци за изведување на активностите за вештачки мрест и порибување на риболовното подрачје Охридско езеро со подмладок од охридска пастрмка предвидени во Програма за изведување вештачки мрест и порибување на риболовното подрачје Охридско езеро со активности за 2025/2026 година, изработена од регистриран репроцентар/мрестилиште за одгледување на порибителен материјал од диви ахтони видови риби и други водни организми.

(3) Средствата од став (1) потточки 1.2. и 1.3. на овој дел се наменети за надомест на прифатливи трошоци за порибување на риболовните подрачја Дојранско и Преспанско езеро со подмладок од крап предвидени во Програмите за изведување вештачки мрест и порибување на риболовните подрачја Дојранско и Преспанско езеро во 2025 година, изработени од регистрирани репроцентри/мрестилишта за одгледување на порибителен материјал од диви ахтони видови риби и други водни организми.

(4) Средствата од став (1) потточка 1.4. на овој дел се наменети за обезбедување на подмладок од видовите пастрмка и крап и порибување на риболовните води без концесионер/корисник.

(5) Средствата од став (1) потточка 1.5. на овој дел се наменети за доградба, надградба и опремување на постоечките капацитети за производство на репродуктивен и порибителен материјал во регистрираните репроцентри/мрестилишта и тоа за:

- интелектуални услуги за изработка на градежен проект не повеќе од 3 % од вкупната прифатлива вредност на проектот за услуги за изработка на градежен проект;
- изградба и обновување на рибни базени - градежни работи;
- обновување на мрестилишна сала - градежни и занатски работи;
- обновување и опремување на рибни базени;
- набавка и инсталирање на опрема (филтри, апарати за аерација, UV стерилизатори, заштитни мрежи и друга потребна опрема);
- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција наменети за обновување и /или подигнување нови базени, кади, матични базени, одгледувалишта, растилишта и младичници;
- набавка на градежни метеријали и елементи за конскструкција наменети за инкубациска сала и инкубација на икра вклучително и опрема за мрестење и инкубација на икра (инкубатори и лежници);
- набавка на опрема за чување на храна и хранење на рибите;
- набавка на опрема за сортирање риба во репроцентри/мрестилишта;
- набавка на опрема за прочистување на влезни или испусни води (пумпи, филтри и цевки);
- набавка на опрема за транспорт на жива риба;
- набавка на опрема за аерирање на вода;
- оперативни трошоци за градење, инсталирање на елементи за конструкција и опрема, вклучително и софтвер;
- набавка и инсталирање на опрема за следење на хемиски карактеристики на вода;
- набавка на агрегат за струја и
- набавка на пумпи за вода на течни горива.

(6) Средствата од став (1) потточка 1.6. на овој дел се наменети за надомест на прифатливи трошоци за дополнителна физичка заштита на рибите која се врши во време на природен мрест на рибите утврден во донесеното решение за забрана на риболов по одделни риболовни води за периодот од 1 ноември 2024 година до 30 септември 2025 година.

(7) Средствата од став (1) потточка 1.6. на овој дел ќе се користат за надомест на направени трошоци и тоа за:

- услуги од трети лица (рибочувари) за физичка заштита на рибите во висина од не повеќе од просечна месечна бруто плата во дејноста по ангажирано лице;
- набавено гориво за пловни објекти во сопственост на концесионерот/корисникот или даден на користење на концесионерот/корисникот;
- набавено гориво за возила во сопственост или дадени на користење на концесионерот/корисникот и
- изнајмување на пловни објекти од трети лица.

(8) Средствата од став (1) потточка 1.6. на овој дел по корисник во зависност од условите на теренот и големината на риболовната вода, не треба да го надминат износот од:

- 30. 000,00 денари – за заштита на риболовните ревири и рекреативни зони;

- 150.000,00 денари – за заштита на риболовни зони и

- 400.000,00 денари – за заштита на риболовни подрачја.

(9) Средствата од став (1) потточка 1.7. на овој дел се наменети за надомест на прифатливи трошоци за набавка на опрема за видео надзор на риболовните води.

(10) Средствата од став (1) потточка 1.7. на овој дел по корисник во зависност од условите на теренот и големината на риболовната вода, назависно од вредноста на инвестицијата не треба да го надминат износот од 30. 000,00 денари .

(11) Средствата од став (1) потточка 1.8. на овој дел се наменети за надомест на прифатливи трошоци за изведување на акции за чистење на препреки и отстранување на цврстиот отпад од и до риболовните води.

(12) Средствата од став (1) потточка 1.8. на овој дел по корисник не треба да го надминат износот од 60.000,00 денари, назависно од вкупната вредност на направените трошоци.

(13) Средствата од став (1) потточка 1.9. на овој дел се наменети за отстранување на рибарски алат - мрежи од риболовните подрачја Охридско и Преспанско езеро согласно Програма за отстранување на рибарски алат-мрежи од риболовните подрачја Охридско и Преспанско езеро со активности во 2025 година, изработена од научна и/или образовна институција од областа на рибарството.

(14) Корисници на средствата од став (1) потточки 1.1., 1.2., 1.3., 1.4. и 1.5. на овој дел се субјекти – регистрирани репроцентри/мрестилишта за производство на репродуктивен и порибителен материјал, кои изведуваат вештачки мрест и порибуваат риболовни води со определени видови риби.

(15) Корисници на средствата од став (1) потточки 1.6. 1.7. и 1.8. на овој дел се концесионерите/корисниците на рибите и другите водни организми од рекреативните зони.

(16) Корисниците на мерката од потточка 1.6. од став (1) на овој дел може да користат средства само за еден одреден период на природен мрест и забрана за риболов.

(17) Корисници на средствата од став (1) потточка 1.9. на овој дел се научни и/или образовни институции од областа на рибарството.

III

(1) Средствата од дел I точка 2 од оваа програма наменети за финансиска поддршка во аквакултурата и преработката на риби во вкупен износ 44.000.000,00 денари ќе се користат за:

| 2. | Финансиска поддршка во аквакултурата и преработката на риби | | |
|---|---|---|---|
| | Мерки | Опис | Средства |
| 2.1. | Финансиска поддршка за инвестиции во аквакултурата | 60% од вредноста на прифатливите трошоци за инвестицијата | 13.000.000,00 |
| 2.2. | Финансиска поддршка за порибителен материјал | 50% од вредноста на набавен или сопствен подмладок | 28.000.000,00 |
| 2.3. | Финансиска поддршка за инвестиции во преработувачки капацитети | 50% од вредноста на прифатливите трошоци за инвестицијата | 3.000.000,00 |
| | Вкупно | | 44.000.000,00 |

(2) Средствата од став (1) потточка 2.1. на овој дел за инвестиции во аквакултурата се наменети за:

- изградба на нови капацитети за аквакултура и

- проширување, реконструкција, адаптација и модернизација на постоечките капацитети за аквакултура.

(3) Средствата од став (1) потточка 2.1. од овој дел за инвестиции за изградба на нови капацитети за аквакултура, како и за проширување, реконструкција, адаптација и модернизација на постојните капацитети за аквакултура можат да бидат наменети за:

- интелектуални услуги за изработка на градежен проект за обновување и/или подигнување нови капацитети за аквакултура не повеќе од 3% од вкупната прифатлива вредност на проектот за услуги за изработка на градежен проект;

- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција наменети за обновување и/или подигнување нови капацитети за аквакултура (базени, кади) матични базени, одгледувалишта и гоилишта;

- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција наменети за инкубациска сала и инкубација на икра вклучително и опрема за мрестење и инкубација на икра (инкубатори и лежници);

- набавка на кафези за кафезно одгледување на риба;

- набавка на платно за мрежи, набавка на мрежи за кафези и изработка на мрежи за кафезно одгледување;

- набавка на опрема за чување на храна и хранење на рибите;

- набавка на опрема за сортирање риба во рибници;

- набавка на опрема за складирање на риба во свежа состојба односно опрема за замрзнување на рибите опремено со систем за испуштање на јаглерод диоксид или течен азот или фрижидери;

- набавка на ледомати;

- набавка на опрема за прочистување на влезни или испусни води (пумпи, филтри и цевки);

- набавка на опрема за транспорт на свежа риба;

- набавка на опрема за автоматско или полу автоматско сортирање на риба;

- набавка на опрема наменета за заштита на производството во аквакултура од штетници (видра, корморан, мечка);

- апарати за додавање на течен кислород во водата;

- товарно возило со кабина и отворен товарен простор со носивост до 3000 kg;

- товарно моторно возило за транспорт на жива риба со носивост до 10 000 kg;

- цистерна до два тона вода, опрема за додавање на кислород во гасна состојба или течен кислород - распрскувачи, манометри, челични боци за складирање на кислородот или специјализирано комплетно опремено возило за транспорт на жива риба;

- специјализирани товарни возила опремени со систем за ладење наменети за транспорт на свежа риба и носивост до 3000 kg;

- пловен објект (чамец) со максимална должина до 6 m и ширина до 2.5 m, со јачина на мотор до 9 kw;

- набавка на опрема за праќење на хемиските карактеристики на водата (присуство на растворен кислород, јаглероден диоксид, амонијак, сулфурдиоксид, pH и др.);

- набавка и монтажа на градежни материјали и опрема за производство на обновливи извори на енергија;

- набавка на агрегат за струја до 50 kw и

- оперативни трошоци за градење, инсталирање на елементи за конструкција и опрема, вклучително и софтвер.

(4) Вкупната вредност на исплатени финансиски средства за прифатливи инвестиции од став (1) потточка 2.1. на овој дел по поединечен корисник изнесува најмногу 720.000,00 денари за поднесени барања со вкупна вредност на инвестиции до 1.200.000,00 денари.

(5) Средствата од став (1) потточка 2.2. на овој дел се наменети за набавка на подмладок или за сопствено произведен подмладок за насадување на рибниците во периодот од 10 февруари до 31 мај и од 1 јули до 31 октомври 2025 година.

(6) Висината на вредноста на поддршката од став (1) потточка 2.2. на овој дел наменета за купен или сопствен подмладок ја утврдува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (во натамошниот текст: Министерството) без разлика на набавната (фактурната) вредност на подмладокот и изнесува не повеќе од 50% од пазарната цена на подмладокот.

(7) Средствата од став (1) потточка 2.2. на овој дел се исплаќаат скалесто и тоа:

- за купен или сопствен подмладок до 3.500 kg – 100% од вредноста на утврдената цена на подмладокот;
- за купен или сопствен подмладок од 3500 kg до 7000 kg – 75% од вредноста на утврдената цена на подмладокот;
- за купен или сопствен подмладок од 7000 kg до 9000 kg – 50% од вредноста на утврдената цена на подмладокот и
- за купен или сопствен подмладок над 9000 kg – 25% од вредноста на утврдената цена на подмладокот.

(8) Средствата од став (1) потточка 2.3. на овој дел можат да бидат наменети за:

- изградба на нови капацитети за преработка на рибите и
- набавка на опрема за доработка, преработка, складирање и пакување на рибите.

(9) Средствата од став (1) потточка 2.3. на овој дел за инвестиции за изградба на нови капацитети за преработка на рибите се наменети за:

- интелектуални услуги за изработка на градежен проект за подигнување нови преработувачки капацитети не повеќе од 3% од вкупната прифатлива вредност на проектот за услуги за изработка на градежен проект;
- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција и
- оперативни трошоци за градење и инсталирање на елементи за конструкција.

(10) Средствата од став (1) потточка 2.3. на овој дел за набавка на опрема за доработка, преработка, складирање и пакување на рибите, можат да бидат наменети за:

- прием и чистење на рибата;
- обескоствување и филетирање;
- димење (топло и/или ладно) на рибата;
- пакување и вакумирање на риба;
- опрема за ладење и одржување на полуготовиот и готовиот производ и
- оперативни трошоци за инсталирање на опрема вклучително и софтвер.

(11) Вкупната вредност на исплатени финансиски средства за прифатливи инвестиции од став (1) потточка 2.3. на овој дел по поединечен корисник изнесува најмногу 1.500.000,00 денари за поднесени барања со вкупна вредност на инвестиции до 3.000.000,00 денари.

(12) Средствата од став (1) потточка 2.1. на овој дел кои се исплаќаат по принцип на ко-финансирање на реализирани инвестиции можат да се зголемат во следниве случаи:

- 55% од вредноста на одобрената инвестиција за инвестиции поднесени од носител на земјоделско стопанство од 18 години старост до 40 години старост на денот на поднесување на инвестицијата или жена носител на земјоделско стопанство;
- 60% од вредноста на одобрената инвестиција за инвестиции поднесени од носител на земјоделско стопанство кое се наоѓа во ридско-планинско рурално подрачје и
- 65% од вредноста на одобрената инвестиција за инвестиции поднесени од носител на земјоделско стопанство од 18 години старост на денот на поднесување или жена носител на земјоделско стопанство кое се наоѓа во ридско-планинско рурално подрачје.

(13) Корисници на средствата од став (1) потточка 2.1. на овој дел, наменети за изградба на нови капацитети за аквакултура се субјекти кои се регистрирани за дејност аквакултура и кои поседуваат или користат недвижен имот на кој планираат да изградат капацитет за аквакултура, или поседуваат дозвола за користење на вода за поставување на кафези во зоните предвидени за аквакултура.

(14) Корисници на средствата од став (1) потточка 2.1. на овој дел наменети за проширување, реконструкција, адаптација и модернизација на постојните капацитети за аквакултура се субјекти кои се регистрирани за дејност аквакултура и се запишани во Регистарот на одгледувачи на риби што се води во Министерството. Барателите на средства кои користеле средства од Програмата за финансиска поддршка во рибарство и аквакултура по мерката 2.1. за една намена во една од претходните пет години не можат да бидат корисници на финансиска поддршка за инвестиции од мерката 2.1 за иста намена.

(15) Корисници на средствата од став (1) потточка 2.2. на овој дел се субјекти кои поседуваат дозвола за производство на порибителен материјал од рибник наменет за промет кои немаат увезено подмладок и/или жива риба во периодот декември 2024 - декември 2025 година од видот риба за која поседуваат дозвола за производство на порибителен материјал за сопствено насадување на рибникот, како и субјекти запишани во Регистарот на одгледувачи на риби што се води во Министерството кои имаат купено подмладок од субјекти кои поседуваат дозвола за производство на порибителен материјал од рибник наменет за промет и кои немаат увезено подмладок и жива риба во периодот декември 2024 - декември 2025 година. Субјектите кои поседуваат дозвола за производство на порибителен материјал за одделен вид риба не може да користат финансиски средства за набавен подмладок, доколку имаат продадено подмладок од истиот вид риба во периодот декември 2024 - декември 2025 година.

(16) Корисници на средствата од став (1) потточка 2.3. на овој дел наменети за изградба на нови капацитети за преработка на рибите се микро, мали и средни претпријатија кои се регистрирани за дејност аквакултура и поседуваат или користат недвижен имот на кој планираат да изградат преработувачки капацитет.

(17) Корисници на средствата од став (1) потточка 2.3. на овој дел наменети за набавка на опрема за доработка, преработка, складирање и пакување на рибите се микро, мали и средни претпријатија кои поседуваат или користат објект наменет за преработка на риби.

IV

(1) Средствата од дел I точка 3 од оваа програма наменети за техничка поддршка во износ од 1.500.000, 00 денари, ќе се користат за:

| 3. | Техничка поддршка | | |
|---|---|---|---|
| | Мерки | Опис | Средства |
| 3.1. | Размена на информации, зголемување на соработката и подигнување на свеста во државата во областа на рибарството и аквакултурата | 100% од трошоците за реализација | 1.500.000,00 |
| | Вкупно | | 1.500.000,00 |

(2) Средствата од став (1) потточка 3.1 на овој дел се наменети за подготвителни, административни и технички активности, активности за следење, процена и ревизија од областа на рибарството и аквакултурата кои се однесуваат на размена на информации, зголемување на соработката и подигнување на свеста во државата, како и за мерки и активности за изработка на Повеќегодишен национален стратешки план за аквакултура.

(3) Корисник на средствата од став (1) потточка 3.1 на овој дел е Министерството.

V

(1) Средствата од дел I точка 4 од оваа програма наменети за развој на нови пазари и промотивни кампањи во износ од 2.000.000,00 денари ќе се користат за:

| 4. | Развој на нови пазари и промотивни кампањи | | |
|---|---|---|---|
| | Мерки | Опис | Средства |
| 4.1. | Финансиска поддршка за промоција на рибарството | 100% од вредноста на прифатливи трошоци | 600.000,00 |
| 4.2. | Финансиска поддршка за маркетинг и промоција на аквакултурно производство | 100% од вредноста на прифатливи трошоци | 1.400.000,00 |
| | Вкупно | | 2.000.000,00 |

(2) Средствата од став (1) потточка 4.1 на овој дел се наменети за надомест на трошоци за промоција на производи од рибарството со традиционална посебност.

(3) Средствата од став (1) потточка 4.2. на овој дел се наменети за надомест на трошоци за промоција и маркетинг на аквакултурното производство и спроведување на национални кампањи за промоција и маркетинг за производи од аквакултура.

(4) Вредноста на финансиските средства од став (1) на овој дел не може да го надмине износот од 300.000,00 денари по корисник, независно од вкупната вредност на направените трошоци.

(5) Корисници на средствата од став (1) потточка 4.1. на овој дел се рибарски и риболовни здруженија и концесионерите/корисниците на рибите.

(6) Корисници на средствата од став (1) потточка 4.2. на овој дел се субјекти кои се регистрирани за дејност аквакултура и се запишани во Регистарот на одгледувачи на риби што се води во Министерството и/или организации на производители на риби запишани во Регистарот на организации на произведители на риби кој се води во Министерството.

VI

Средствата од дел I точка 5 од оваа програма се наменети за исплата на заостанати обврски од Програмите за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата по однос на склучени договори и поднесени барања за исплата од изминантите години (2022, 2023 и 2024 година) во износ од 30.000.000,00 денари.

VII

(1) Барањата за склучување на договор за порибување на риболовното подрачје Охридско езеро од дел II став (1) потточка 1.1. од оваа програма се доставуваат до Министерството најдоцна до 31.08.2025 година. Кон барањето за склучување на договорот се доставува и Програма за изведување вештачки мрест и порибување на риболовното подрачје Охридско езеро со активности за 2025/2026 годнина од дел II став (2) од оваа програма.

(2) Барањата за склучување на договор за порибување на риболовните подрачја Дојранско и Преспанско езеро и за порибување на риболовни води без концесионер/корисник од дел II став (1) потточки 1.2. 1.3. и 1.4. од оваа програма се доставуваат до Министерството најдоцна до 30.04.2025 година. Кон барањето за склучување на договорот се доставуваат и Програмите за изведување вештачки мрест и порибување на риболовните подрачја Дојранско и Преспанско езеро во 2025 година од дел II став (3) од оваа програма.

(3) Барањата за склучување на договор за отстранување на мрежи и останат рибарски алат од риболовните подрачја Охридско и Преспанско езеро од дел II став (1) потточка 1.9 од оваа програма се доставуваат до Министерството најдоцна до 30.4.2025 година. Кон барањето за склучување на договорот се доставува и Програмата за отстранување на рибарски алат-мрежи од риболовните подрачја Охридско и Преспанско езеро со активности во 2025 година од дел II став (13) од оваа програма.

(4) Барањата за користење средства од дел II став (1) потточки 1.1., 1.2., 1.3., 1.4. и 1.9. од оваа програма се поднесуваат до Министерството најдоцна до 15.12.2025 година.

(5) Барањата за користење на средства од дел II став (1) потточки 1.5. 1.6., 1.7. и 1.8., дел III став (1) и дел V од оваа програма се поднесуваат до Агенцијата врз основа на рокови утврдени во објавен јавен повик.

VIII

(1) Исплатата на средства од дел II став (1) потточка 1.1. од оваа програма се врши по доставено известување од Министерството до Агенцијата на барање поднесено од регистрираниот репроцентар/мрестилиште и по претходно склучен Договор за изведување вештачки мрест и порибување на Охридското езеро во 2025/2026 година помеѓу Министерството и регистриран репроцентар/мрестилиште. Средствата за подготвителните активности се исплаќаат авансно во висина од 100% со потпишување на Договорот, кој Министерството го доставува до Агенцијата во прилог на известувањето.

(2) Исплатата на средства од дел II став (1) потточки 1.2. и 1.3. од оваа програма се врши по фази утврдени во Договор за порибување за потточките 1.2. и 1.3. од оваа програма, кој Министерството го склучува со барателот. Средствата предвидени за првата фаза не треба да надминат 30% од вкупните средства. Исплатата на средствата од дел II став (1) потточки 1.2. и 1.3. од оваа програма се врши врз основа на известување кое Министерството го доставува до Агенцијата.

(3) Исплатата на средства од првата фаза е авансно со потпишување на Договорот, а исплатата на финансиските средства од втората фаза се врши по нејзина целосна реализација. Министерството во прилог на известувањето до Агенцијата за првата фаза доставува Договор, а во прилог на известувањето за реализација на втората фаза доставува извештај за реализација и изјава за наменско искористување на средствата од првата и втората фаза, записник од државниот инспектор за земјоделство, сертификат за здравствена состојба на животните, издаден од ветеринарното друштво и записник за извршена контрола на здравствената состојба на подмладокот од официјален ветеринар. Во прилог на барањето за исплата на втората фаза се доставува и изјава за наменско искористување на средствата од првата и втората фаза, технички и финансиски извештај за реализација на порибувањето со прилог докази за реализирани средства.

(4) Исплатата на средствата од дел II став (1) потточка 1.4. од оваа програма се врши по извршено порибување. За исплата на средствата Министерството доставува известување до Агенцијата во чиј прилог е договор за порибување на риболовни води без концесионер/корисник, извештај за реализација на порибувањето, записник од државниот инспектор за земјоделство за извршеното порибување, сертификат за здравствена состојба на животните, издаден од ветеринарното друштво

и записник за извршена контрола на здравствената состојба на подмладокот од официјален ветеринар кои регистрираниот репроцентар/мрестилиште ги доставува до Министерството во прилог на барањето за исплата.

(5) Исплатата на средствата од дел II став (1) потточка 1.5. и дел III потточки 2.1. и 2.3 од оваа програма се реализира врз основа на одобрени барања за исплата по објавен јавен повик од Агенцијата. Агенцијата го објавува Јавниот повик не подоцна од 45 дена од денот на објавувањето на оваа програма. Финансиските средства ќе се исплаќаат авансно, за потточката 1.5. од дел II став (1) од оваа програма, најмногу до 80% од вкупната вредност на одобрениот износ, а за потточките 2.1. и 2.3. од дел II став (1) од оваа програма, најмногу до 40% од вкупната вредност на одобрениот износ.

(6) Исплатата на средствата од дел II став (1) потточки 1.6., 1.7. и 1.8, дел III потточка 2.2. и дел V од оваа програма се врши врз основа на доставено барање со потребна документација по објавен јавен повик од Агенцијата. Во Јавниот повик Агенцијата го утврдува рокот за поднесување на барањата и ја утврдува и објавува потребната документација која се приложува кон барањата за користење на средствата. Агенцијата го објавува Јавниот повик не подоцна од 45 дена од денот на објавувањето на оваа програма.

(7) Исплатата на средствата од дел II став (1) потточки 1.6., 1.7. и 1.8 од оваа програма се врши по одобрени барања за исплата и тоа за:

- вршење дополнителна физичка заштита на рибите во период од 1 ноември 2024 до 20 март 2025 година;
- вршење дополнителна физичка заштита на рибите во период од 1 април до 15 јули 2025 година;
- набавена опрема за видео надзор и
- изведени акции за чистење на препреки и отстранување на тврдиот отпад од и до риболовните води.

(8) Исплатата на средствата од дел II став (1) потточка 1.9. став (1) од оваа програма се врши врз основа на известување кое Министерството го доставува до Агенцијата. Исплатата на средства се врши авансно во висина од 100% со потпишување на Договорот за отстранување на рибарски алат-мрежи од риболовните подрачја Охридско и Преспанско езеро во 2025 година, кој Министерството го доставува до Агенцијата во прилог на известувањето.

(9) Исплатата на средствата од дел III став (1) потточка 2.2. од оваа програма за насадување на рибниците со подмладок се врши по одобрени барања за исплата и тоа:

- за насадени рибници во периодот од 10 февруари до 31 мај 2025 година и
- за насадени рибници во периодот од 1 јули до 31 октомври 2025 година.

(10) Исплатата на средствата од дел IV став (1) потточка 3.1. од оваа програма се врши врз основа на известувања за исплата кое Министерството го доставува до Агенцијата најдоцна до 20 декември 2025 година.

(11) Висината на финансиската поддршка по корисник за дел II став (1) потточки 1.1., 1.2., 1.3 и 1.4. од оваа програма се определува во зависност од планираната количина порибителен материјал наменет за порибување.

(12) Контролите на барањата за користење на средства, барањата и известувањата за исплата кои се поднесуваат до Агенцијата врз основа на рокови утврдени во објавениот јавен повик, како и контролите на лице место ги врши Агенцијата.

IX

Исплата на средствата од оваа програма по корисници ја врши Агенцијата на трансакциски или жиро сметки на барателите, согласно утврдената динамика за реализација на средствата утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година.

X

Средствата предвидени со оваа програма се неповратни.

XI

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-812/11
4 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

---

**614.**

Врз основа на член 37 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.254/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ПОДДРШКА ЗА СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ НА ЖЕНИТЕ КОИ ВРШАТ ЗЕМЈОДЕЛСКА ДЕЈНОСТ ЗА 2025 ГОДИНА

I

(1) Со оваа програма ќе се реализира мерка за финансиска поддршка на жените кои вршат земјоделска дејност и имаат статус на осигуреник-индивидуален земјоделец, со неповратни средства. Со оваа програма ќе им биде овозможено користење на надоместок за мајчинство за време на спреченост на вршење на земјоделската дејност поради раѓање, кој надоместок не е опфатен со прописите од областа на работните односи за платено породилно отсуство.

(2) Средствата за реализација на оваа програма во вкупен износ од 3.000.000,00 денари се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.254/24) раздел 140.04, програма 2, потпрограма 23, ставка 464 - разни трансфери кои од страна на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој (во натамошниот текст: Агенцијата) ќе се користат за финансиска поддршка во износ од 100.000,00 денари за деветмесечен надоместок за мајчинство на жените кои имаат статус на осигуреник-индивидуален земјоделец стекнат согласно Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

II

(1) Финансиската поддршка од делот I став (2) од оваа програма се доделува на жена за родено дете во периодот од 1.12.2024 година до 1.12.2025 година и:

- е запишана во Единствениот регистар на земјоделски стопанства како носител или член на семејното земјоделско стопанство,
- семејното земјоделско стопанство во кое членува остварило финансиска поддршка согласно Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2023 година во износ од најмалку 50.000,00 денари или има остварен приход од вршење на земјоделска дејност за 2023 и 2024 година во висина од најмалку 150.000,00 денари и
- има непрекинат статус на осигуреник-индивидуален земјоделец согласно Законот за пензиското и инвалидското осигурување во времетраење од шест месеци пред раѓање на детето.

(2) Финансиската подршка од ставот (1) на овој дел се реализира врз основа на поднесено барање до Агенцијата најдоцна до 10 декември 2025 година кон кое треба да се достави следната документација:

- извод од матична книга на родени за детето за кое се бара надоместок за мајчинство или отпусно писмо од здравствена установа каде што е извршено породувањето;
- уверение за состојба на даноци, придонеси и други јавни приходи и давачки издадено од Управата за јавни приходи по датумот на раѓање на детето;
- решение од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија за утврден статус на осигуреник-индивидуален земјоделец;
- потврда издадена од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија дека мајката не била вработена во редовен работен однос во период од шест месеци пред раѓање на детето и
- фотокопија на трансакциска сметка на мајката.

(3) Документацијата од ставот (2) алинеите 1, 2, 3 и 4 на овој дел се доставува во оригинал или фотокопија заверена на нотар.

III

Исплатата на средствата од оваа програма ја врши Агенцијата врз основа на донесено решение за исплата од страна на директорот на Агенцијата, најдоцна до 25 декември 2025 година.

IV

Директорот на Агенцијата заклучно со 31 јануари 2026 година доставува до Владата на Република Северна Македонија извештај со финансиски показатели за реализација на оваа програма и причини за отстапување.

V

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-829/10
4 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

**615.**

Врз основа член 9 став (1) од Законот за органско земјоделско производство („Службен весник на Република Македонија“ бр.146/09, 53/11, 149/15, 39/16, 132/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.150/21) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ОРГАНСКОТО ЗЕМЈОДЕЛСКО ПРОИЗВОДСТВО ЗА 2025 ГОДИНА

I

Средствата за финансиска поддршка во органското земјоделско производство за 2025 година во вкупен износ од 150.000.000,00 денари, обезбедени согласно Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.254/24), раздел 14004 – Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (во понатамошниот текст: Агенцијата), Програма 2, Потпрограма 20, Ставка 464-Разни трансфери ќе се користат според следните мерки и тоа за:

| Број на мерка | Име на мерка | Вкупен износ на мерката во денари |
|---|---|---|
| 1. | Финансиска поддршка за органско растително производство | 40.000.000,00 |
| 2. | Финансиска поддршка за органско сточарско производство | 71.000.000,00 |
| 3. | Финансиска поддршка за преработка на органски производи и органски производи во преод од домашно сточарско и растително потекло (вклучително за доработка и пакување на самоникнати видови со органско потекло) | 1.000.000,00 |
| 4. | Финансиска поддршка за трговија или маркетинг на свежи и преработени органски производи и органски производи во преод од домашно потекло | 7.500.000,00 |
| 5. | Финансиска поддршка за посебни директни плаќања за стручна контрола и сертификација | 1.000.000,00 |
| 6. | Финансиска поддршка за посебни директни плаќања за анализа на производ кај земјоделски стопанства | 1.500.000,00 |
| 7. | Заостанати обврски од Програмите за финансиска поддршка во органското земјоделско производство за 2022, 2023 и 2024 година | 28.000.000,00 |
| | Вкупно | 150.000.000,00 |

II

(1) Средствата од дел I мерка 1 од оваа програма наменети за финансиска поддршка во органското растително производство во вкупен износ од 40.000.000,00 денари ќе се користат за реализација на следните подмерки, согласно поблиските критериуми од Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2025 година (во понатамошниот текст: Уредбата):

| Број на подмерка | Име на подмерката |
|---|---|
| 1.1. | Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за сите органски и во преод поледелски култури, лековити, ароматични, зачински растенија и цвеќе |
| 1.2. | Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за органско и во преод градинарско производство на отворено и во пластеници |
| 1.3. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.2. за производство под контролирани услови на органски и во преод домати, пиперки и краставици |

| | |
|---|---|
| 1.4. | Директни плаќања по обработлива органска и во преод земјоделска површина за одржување на постоечки овошни насади |
| 1.5. | Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за одржување на постоечки органски и во преод лозови насади |

(2) Корисници на средства од подмерка 1.1. на овој дел се земјоделските стопанства кои се корисници на средства од подмерката 1.1. од Уредбата, како и земјоделски стопанства кои своето производство од пченица и јачмен го употребиле за сопствени потреби за исхрана на добиток или своето производство од пченица и јачмен го продале на сертифицирани органски и во преод регистрирани одгледувачи на добиток, со регистарски број на одгледувалиште во Регистарот на одгледувачи на животни во Агенцијата за храна и ветеринарство.

Висината на директните плаќања се зголемува за 3.000 денари по хектар во однос на утврдената висина за директните плаќања од подмерката 1.1 алинеја 4 од Уредбата, за 6.500 денари по хектар за подмерката 1.1 алинеја 5 од Уредбата и за 5.250 денари по хектар за подмерката 1.1 алинеја 6 од Уредбата.

(3) Корисници на средствата од подмерка 1.2. на овој дел се земјоделските стопанства кои се корисници на средства од подмерката 1.3. од Уредбата.

Висината на директните плаќања се зголемува за 30.000 денари по хектар во однос на утврдената висина за директните плаќања од подмерката 1.3. алинеја 3 од Уредбата и за 12.000 денари по хектар од подмерката 1.3 алинеја 4 од Уредбата.

(4) Корисници на средства од подмерка 1.3. на овој дел се земјоделските стопанства кои се корисници на средстава од подмерката 1.4. од Уредбата.

Висината на директните плаќања се зголемува за 120.000 денари по хектар во однос на утврдената висина за директните плаќања од подмерката 1.4. алинеја 2 од Уредбата.

(5) Корисници на средства од подмерка 1.4. на овој дел се земјоделските стопанства кои се корисници на средства од подмерката 1.6 од Уредбата.

Висината на директните плаќања се зголемува за 29.400 денари по хектар во однос на утврдената висина за директните плаќања од подмерката 1.6. алинеја 3 од Уредбата, за 25.900 денари по хектар од подмерката 1.6 алинеја 4 од Уредбата, за 23.800 денари по хектар од подмерката 1.6 алинеја 5 од Уредбата, за 17.500 денари по хектар од подмерката 1.6 алинеја 6 од Уредбата и за 8.400 денари по хектар од подмерката 1.6 алинеја 7 од Уредбата.

(6) Корисници на средства од подмерка 1.5. на овој дел се земјоделските стопанства кои се корисници на средства од подмерката 1.8. од Уредбата.

Висината на директните плаќања се зголемува за 29.400 денари по хектар во однос на утврдената висина за директните плаќања од подмерката 1.8. алинеја 3 од Уредбата.

III

(1) Средствата од дел I мерка 2 од оваа програма наменети за финансиска поддршка за органско сточарско производство во износ од 71.000.000,00 денари ќе се користат според следните подмерки, согласно поблиските критериуми од Уредбата:

| Број на подмерка | Име на подмерката |
|---|---|
| 2.1. | Директни плаќања за обележани органски и во преод женски грла говеда постари од 18 месеци |
| 2.2. | Директни плаќања за обележани органски и во преод женски грла говеда на возраст од 6 до 18 месеци |
| 2.3. | Директни плаќања за обележани органски и во преод грла овци постари од 12 месеци |
| 2.4. | Директни плаќања за обележани органски и во преод грла кози постари од 12 месеци |
| 2.5. | Директни плаќања за одгледани и продадени или заклани органски и во преод бројлери во регистрирани кланични капацитети |
| 2.6. | Директни плаќања за регистрирано презимено органско и во преод пчелно семејство |

(2) Корисници на средства од подмерка 2.1. на овој дел се земјоделските стопанства кои се корисници на средства од подмерката 2.1. од Уредбата.

Висината на директните плаќања се зголемува за 4.000 денари по грло во однос на утврдената висина за директните плаќања од подмерката 2.1. алинеја 4 од Уредбата.

(3) Корисници на средства од подмерка 2.2. на овој дел се земјоделските стопанства кои се корисници на средства од подмерката 2.2. од Уредбата.

Висината на директните плаќања се зголемува за 1.500 денари по грло во однос на утврдената висина за директните плаќања од подмерката 2.2. алинеја 2 од Уредбата.

(4) Корисници на средства од подмерка 2.3. на овој дел се земјоделските стопанства кои се корисници на средства од подмерката 2.6. од Уредбата.

Висината на директните плаќања се зголемува за 1.500 денари по грло во однос на утврдената висина за директните плаќања од подмерката 2.6. алинеја 4 од Уредбата.

(5) Корисници на средства од подмерка 2.4 на овој дел се земјоделските стопанства кои се корисници на средства од подмерката 2.7. од Уредбата.

Висината на директните плаќања се зголемува за 1.500 денари по грло во однос на утврдената висина за директните плаќања од подмерката 2.7. алинеја 2 од Уредбата.

(6) Корисници на средства од подмерка 2.5. на овој дел се земјоделските стопанства кои се корисници на средства од подмерката 2.11. од Уредбата.

Висината на директните плаќања се зголемува за 30 денари по пиле во однос на утврдената висина за директните плаќања од подмерката 2.11. алинеја 2 од Уредбата.

(7) Корисници на средства од подмерка 2.6. на овој дел се земјоделските стопанства кои се корисници на средства од подмерката 2.14. од Уредбата.

Висината на директните плаќања се зголемува за 400 денари по презимено пчелно семејство во однос на утврдената висина за директните плаќања од подмерката 2.14. алинеја 2 од Уредбата.

IV

(1) Средствата од дел I мерка 3 од оваа програма се наменети за финансиска поддршка за преработка на органски производи и органски производи во преод од домашно сточарско и растително потекло (вклучително за доработка и пакување на самоникнати видови со органско потекло).

(2) Корисници на мерката 3 од дел I од оваа програма се земјоделски стопанства и/или откупувачи запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи кои имаат произведено преработки од примарни земјоделски органски производи или производи во преод од домашно потекло или пак имаат извршено доработка и пакување на самоникнати видови со органско потекло и истите ги имаат продадено.

(3) Корисници на мерката 3 од дел I од оваа програма се и земјоделски стопанства – производители на органско кравјо, овчо и козјо млеко регистрирани како одгледувачи на говеда, овци и кози, вклучително и корисници кои произведуваат храна со традиционални карактеристики и во објекти кои се во започната постапка за евидентирање според традиционални методи на производство, сирење добиено од млеко од овци и кози/мандри.

(4) Висината на директните плаќања за мерката 3 од дел I од оваа програма изнесува 10% од вредноста на произведените и продадени производи, но не повеќе од 150.000 денари по оператор и 30.000 денари по сертифициран органски производ од растително и сточарско производство, за не повеќе од пет сертифицирани органски преработени производи.

V

(1) Средствата од дел I мерка 4 од оваа програма се наменети за финансиска поддршка за трговија или маркетинг на свежи и преработени органски производи и органски производи во преод од домашно потекло.

(2) Корисници на мерката 4 од дел I од оваа програма се земјоделски стопанства и/или откупувачи запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи кои вршат трговија или маркетинг на свежи и преработени органски производи и органски производи во преод од домашно потекло.

(3 ) Висината на директните плаќања за мерката 4 од дел I од оваа програма изнесува 5% од вредноста на продадените производи, но не повеќе од 150.000 денари по оператор.

VI

(1) Средствата од дел I мерка 5 од оваа програма се наменети за финансиска поддршка за посебни директни плаќања за стручна контрола и сертификација.

(2) Корисници на мерката 5 од дел I од оваа програма се земјоделски стопанства и/или откупувачи запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи од областа на органското земјоделско производство кои имаат добиено сертификат од овластено тело во 2025 година.

(3) Висината на директните плаќања за мерката 5 од дел I од оваа програма изнесува 50% од трошоците за добиен сертификат издаден од овластено тело во 2025 година.

VII

(1) Средствата од дел I мерка 6 од оваа програма се наменети за финансиска поддршка за посебни директни плаќања за анализа на производ кај земјоделски стопанства кои имаат извршено анализи на остатоци од пестициди, тешки метали и други материи на органските производи во 2025 година.

(2) Корисници на мерката 6 од дел I од оваа програма се земјоделски стопанства и/или откупувачи запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи кои имаат извршено анализи на остатоци од пестициди, тешки метали и други материи на органските производи во 2025 година.

(3) Висината на директните плаќања за мерката 6 од дел I од оваа програма изнесува 80% од трошоците за анализа без данок на додадена вредност, но не повеќе од 12.000 денари по земјоделско стопанство и/или откупувач.

VIII

(1) Корисници на дополнителните директни плаќања на подмерките од деловите II и III од оваа програма се земјоделските стопанства кои имаат сертифицирано растително и/или сточарско органско производство и/или производство во преод согласно Законот за органско земјоделско производство.

(2) Дополнителните директни плаќања од дел I мерки 1, 2, 3, 4, 5 и 6 од оваа програма ќе се реализираат со поднесување на барање за финансиска поддршка до Агенцијата, согласно Уредбата.

IX

Средствата од дел I мерка 7 од оваа програма се наменети за исплата на заостанати обврски од Програмите за финансиска поддршка во органското земјоделско производство за 2022, 2023 и 2024 година.

X

Крајните рокови за поднесување на барањата за директни плаќања во органското земјоделско производство за 2025 година за мерките 1 и 2 од дел I од оваа програма, односно подмерките од деловите II и III од оваа програма се утврдени во Уредбата.

Крајниот рок за поднесување на барањата за директни плаќања во органското земјоделско производство за 2025 година за мерките од деловите IV, V, VI и VII од оваа програма е 25 декември 2025 година.

XI

Исплата на средствата од оваа програма по корисници ја врши Агенцијата.

XII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 50-875/10 | Заменик на претседателот |
| 4 февруари 2025 година | на Владата на Република |
| Скопје | Северна Македонија, |
| | **Љупчо Димовски,** с.р. |

**616.**

Врз основа на член 16 ставови (2) и (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија” бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24, 74/24 и 170/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА РАНА ДЕТЕКЦИЈА И СКРИНИНГ НА МАЛИГНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2025 ГОДИНА**

Програмата за скрининг и рана детекција на малигни заболувања во Република Северна Македонија за 2025 година, се однесува на:

I. Скрининг и рана детекција на рак на грло на матка

II. Скрининг и рана детекција на рак на дојка

III. Скрининг и рана детекција на рак на дебело црево

IV. Скрининг и рана детекција на црн дроб

V. Национални студии за рак на дојка, рак на простата, рак на матка, рак на дебело црево, рак на црн дроб, рак на бели дробови, рак на кожа и кардиоваскуларни болести

## I. Скрининг и рана детекција на рак на грло на матка

**Вовед**

Ракот на грлото на матката во светот учествува со 10% во вкупниот број на малигни неоплазми. Тој е дванаесетти по честота и петти по смртност на рак кај жените во светот. Заболуваат околу 490. 000 новорегистрирани случаи секоја година или 16 од 100. 000 жени годишно, а околу 9 од 100. 000 жени умираат.

Организираниот скрининг за превенција и рано откривање на ракот на грлото на матката е активност што се спроведува во повеќе држави со цел да се намали инциденцата и смртноста на жените од рак на грлото на матката. Оправданоста на спроведувањето на оваа програма се потврдува со фактот што секоја година се откриваат случаи на рак на грло на матка кај жени кои немале никакви знаци на болеста.

За успешно спроведена скрининг превенција се смета доколку во период од три години се опфатат 75% од целната популација на жени. Возрасната група на жени е од 21 до 59 години кои во последните три години не направиле пап тест.

### 1. Приоритети и цели

Главна цел е да се намали инциденцата и смртноста на жените од рак на грлото на матката во Република Северна Македонија.

Специфични цели:

- Зголемување на бројот на лица опфатени со организираниот скрининг;
- Подигнување на свеста кај жените за важноста од редовни превентивни прегледи и вклученост во организираниот скрининг;
- Зголемување на бројот на гинеколози вклучени во организираниот скрининг.

### 2. Показатели за успешноста за имплементација/ согледувања (наоди):

1) скрининг опфат;
2) стапка на учество во скрининг;
3) стапка на задржување во скрининг;
4) стапка на направени ПАП тестови и на ПАП тестови незадоволителни за анализа;
5) стапка на откриени клеточни абнормалности со категоризација на наодот Бетезда систем;
6) стапка на потреба и на одговор за доиследување;
7) стапка на рак на грло на матка со дополнителна категоризација на наодот;
8) стапка на интервален наод на рак на грло на матка;
9) статус на линфни јазли и категоризација;
10) учество на скринингот во вкупен наод на рак на грло на матка;
11) просечно време од скрининг до: резултат од скрининг, финална дијагноза, прв третман;
12) просечно време од индикација до биопсија/ колпоскопија/ операција;
13) стапка на компликации поврзани со скрининг;
14) стапка на компликации поврзани со дополнителни/ упатни прегледи од скрининг;
15) стапка на жени со позитивен ПАП тест кои имале последователна колпоскопија во рок од 3, 6, 9 и 12 месеци после индексниот ПАП тест;
16) стапка на жени дијагностицирани со инвазивен сквамозен карцином на грлото на матката според времето од претходниот ПАП тест.

2.1 Показатели за успешноста за организација/ промоција:

- Број на настапи преку медиумите
- Број на организирани предавања и трибини
- Број на гинеколози вклучени во организираниот скрининг
- Број на гинеколози информирани за скринингот
- Број на гинеколошки ординации кои доставуваат извештаи
- Број на цитолошки лаборатории кои доставуваат извештаи
- Број на изготвени извештаи.

### 3. Извршители на програмата

- Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика-Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје
- Институт за патологија - Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје
- Цитолошки лаборатории во рамките на клинички болници и општи болници и приватни цитолошки лаборатории кои имаат потпишан договор со Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија за здравствена услуга читање на ПАП тест
- Матични гинеколози на ниво на цела држава
- Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство Скопје во соработка со Македонско лекарско друштво, Црвен крст на Република Северна Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и Министерство за здравство
- Управа за електронско здравство
- Фондот за население на обединети нации – УНФПА- во соработка со Министерство за здравство

Гинеколошките ординации вршат:

- поканување на жените да се вклучат во организираниот скрининг во рамки на остварување на превентивните цели
- преглед на жените со земање на материјал за ПАП тест за возрасна група од 21-59 години кои во последните три години не направиле пап тест и кои изразиле интерес во рамки на апликацијата креирана во елктронскиот систем Мој термин
- доставување на материјалот до цитолошката лабораторија
- известување на жените за резултатот од ПАП тестот.

Цитолошките лаборатории вршат:

- Припрема на материјалите (ПАП тест)
- Преглед на материјалот
- Издавање на извештај за секоја пациентка.

Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, изготвува годишна евалуација за успешност на имплементација на програмата за скрининг на рак на грло на матка и за согледувањата (наодите) преку мониторинг и анализа на клучни индикатори селектирани согласно ЕУ прописи. Селектираните клучни индикатори се однесуваат на: 1) скрининг опфат; 2) стапка на учество во скрининг; 3) стапка на задржување во скрининг; 4) стапка на направени ПАП тестови и на ПАП тестови незадоволителни за анализа; 5) стапка на откриени клеточни абнормалности со категоризација на наодот Бетезда систем; 6) стапка на потреба и на одговор за доиследување; 7) стапка на рак на грло на матка со дополнителна категоризација на наодот; 8) стапка на интервален наод на рак на грло на матка; 9) статус на лимфни јазли и категоризација; 10) учество на скринингот во вкупен наод на рак на грло на матка; 11) просечно време од скрининг до: резултат од скрининг, финална дијагноза, прв третман; 12) просечно време од индикација до биопсија/ колпо-

скопија/ операција; 13) стапка на компликации поврзани со скрининг; 14) стапка на компликации поврзани со дополнителни/ упатни прегледи од скрининг; 15) стапка на жени со позитивен ПАП тест (HSIL+/ASC-H) кои имале последователна колпоскопија во рок од 3, 6, 9 и 12 месеци после индексниот ПАП тест; и 16) стапка на жени дијагностицирани со инвазивен сквамозен карцином на грлото на матката според времето од претходниот ПАП тест - „активни“ (0,5 до 3 години), „под скринирани“ (> 3 до 5 години), и „неактивни“ (> 5 години или без историја на скрининг): Износ во денари 100.000,00 денари.

Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје изготвува и годишен извештај со анализа на селектирани клучни индикатори од скринингот за рак на грло на матка, како и утврдување на предиктивната улога на селектирани параметри за добиените наоди од истиот, преку податоците од прашалниците пополнети од жените во скринингот: Износ во денари 100.000,00 денари.

Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицинскиот факул-тет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје, годишната евалуација и годишниот извештај од програмата за скрининг на рак на грло на матка ќе го сподели во електронска форма со Националната комисија за скрининг и рана детекција на рак на грло на матка, а истата ќе биде каталогизирана во Националната установа Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ Скопје и ќе биде објавена на интернет страницата на Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје. Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје во соработка Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство Скопје , Институтот за патолошка анатомија, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје, како и професионалци од областа на хирургија и онкологија, ќе изработи предлог алгоритам за нов модул за скрининг досие за рак на грло на матка. Истиот за прв пат би овозможил целосно електронско евидентирање на секој сегмент од процесот на скрининг и надминување на досегашните проблеми со форматите на многу резултати кои се необработливи. Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје би го следел во реално време процесот на внес на податоци во базата на модулот за скрининг досие за рак на грло на матка. Износ во денари 100.000,00 денари.

Профилот на потребните податоци од спроведениот скрининг за целите на годишниот извештај и евалуацијата за скрининг на рак на грло на матка ги дефинира Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје и ги обезбедува во соработка со Управата за електронско здравство. За активностите во рамките на Модулот за скрининг досие на рак на грло на матка, Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје тесно ќе соработува со Управата за електронско здравство за потребните податоци од интерес

| Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика- Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје | | | |
|---|---|---|---|
| Р.б. | активност | Кол. | Единечна цена во денари |
| 1. | Годишен извештај за скрининг и рана детекција на рак на грло на матка<br>Евалуација на програмата за скрининг на рак на грло на матка (годишна евалуација за претходната година)<br>Модул за скрининг досие за рак на грло на матка и креирање на алгоритам | 3 | 100.000,00 |

Фондот за население на обединети нации – УНФПА- во соработка со Министерство за здравство

Изготвување на информативни/едукативни материјали, брошури или користење на социјалните мрежи ќе се врши со поддршка на Фондот за население на обединети нации – УНФПА во консулатција со Националната комисија за рана детекција и скрининг на рак на грло на матка во Република Северна Македонија.

Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство Скопје во соработка со Македонско лекарско друштво, Црвен крст на Република Северна Македонија, Министерство за здравство и Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија – мобилна гинеколошка амбуланта

За функционирање на Мобилната гинеколошка амбуланта потребно е да се обезбеди технолошка, техничка, логистичка, промотивна и медицинска екипа.

Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство Скопје ќе склучи договор за деловно техничка соработка со Македонско лекарско друштво и Црвен крст на Република Северна Македонија.

Услуги опфатени со активностите на мобилната гинеколошка амбуланта:

- партиципација за гинеколошки преглед на пациентки кои се здравствено осигурани,
- партиципација за цитолошка анализа за Цитопатолошката лабораторија од Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство Скопје за здравствената услуга читање на ПАП тест за жени кои се здравствено осигурани, гинеколошки преглед за неосигурено лице и цитолошка анализа за неосигурано лице.

Трошоци поврзани со мобилна гинеколошка амбуланта во Република Северна Македонија за 2025 година, се:

- човечки ресурси - лицата кои ќе бидат ангажирани за реализација на програмските активности);
- планирање и администрација
- сметководствени услуги, набавка на потрошен канцелариски материјал;
- режиски трошоци;
- патни трошоци (регистрација, осигурување на возило и сервис на возило, бензин/нафта/плин);

- набавка на медицински помагала и потрошен медицински материјал за корисниците на услугата;

- набавка на хигиенски материјал за корисниците на услугата и

- трошоци за реализација на програмски активности во однос на обезбедување на простор, потребни материјали и други трошоци.

Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство Скопје во соработка со Македонско лекарско друштво, Црвен крст на Република Северна Македонија изготвуваат извештаи кои ги доставуваат до Министерство за здравство.

Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство Скопје изготвува годишен извештај најдоцна до месец јуни наредната година со анализа за состојбата од претходната година. Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство Скопје, годишниот извештај претходно го доставува до Националната Комисија на разгледување.

Цена на услуга поврзани со мобилна гинеколошка амбуланта:

Табела: Мобилна гинеколошка амбуланта

| Р.б. | Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство Скопје во соработка со Македонско лекарско друштво и Црвен крст на Република Северна Македонија | Посета терен/ месечно /дневно | Бруто износ (во денари) |
|---|---|---|---|
| 1 | Доктор специјалист гинеколог | посета терен | 5.490,00 |
| 2 | Медицинска сестра/ акушерка | посета терен | 2.630,00 |
| 3 | Хигиеничарка | посета терен | 230,00 |
| 4 | Доктор цитолог | месечно | 25.000,00 |
| 5 | Техничка поддршка IT опрема | месечно | 5.000,00 |
| 6 | Координатор на доктори | месечно | 18.000,00 |
| 7 | Административна обработка за исплата на упатите од мобилните гинеколошки амбуланти во системот на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство Скопје | дневно | 300,00 |
| 8 | Координатор на медицински сестри | месечно | 9.000,00 |
| 9 | Волонтери од локална средина Промовирање на активноста на терен (делење на промотивни материјали, комуникација со локалните медиуми, општината, матичните лекари) –Црвен крст на Република Северна Македонија | дневно | 650,00 |
| 10 | Координатори од Црвен крст на Република Северна Македонија | месечно | 10.800,00 |
| 11 | Логистичка поддршка за инфраструктура на терен – Црвен крст на Република Северна Македонија | посета терен | 650,00 |
| 12 | Волонтер од локална средина Мапирање на пациенти на терен (закажување на термини на пациенти) – Црвен крст на Република Северна Македонија | дневно | 650,00 |
| 13 | Оперативен координатор Македонско лекарско друштво | месечно | 35.000,00 |
| 14 | Програмски координатор Македонско лекарско друштво | месечно | 35.000,00 |
| 15 | Македонско лекарско друштво администрација | месечно | 20.000,00 |
| 16 | Лаборант | посета терен | 1.500,00 |
| 17 | Возачи на амбулантни возила | дневно | 2.000,00 |

Управа за електронско здравство

Одредување група на жени кои според години на возраст ќе бидат дел од скрининг програмата. Овозможено е во системот на Мој термин, на секој избран лекар да ја нуди листата на пациенти со соодветната возраст предвидена за таа година за да може да ги контактира жените и доколку исполнуваат услови да ги закаже за ПАП – тест скрининг, одржување на интернет страницата www.skrining.zdravstvo.gov.mk (Пријавување на самите жени за Пап-тест), електронско внесување на Пап-анализа од страна на матичниот лекар и Пап-резултат од страна на цитолошките лаборатории ( кои досега се воделе на хартиен образец), техничка поддршка во однос на системот на Мој термин и за матичните лекари и за лабораториите доколку имаат потреба од истата, одржување на обуки за имплементација на новиот модул за Скрининг на рак на матка, одржување на обуки за презентација на нови функционалности поврзано со фактурирањето, креирање нови корисници и ажурирање на податоци на постоечките, изготвување на извештаи за број на реализирани Пап-тестови за одредени периоди (месечни, квартални, полугодишни, годишни), кои на барање на Иститутот за јавно здравје на Република Северна Македонија ќе бидат доставени за понатамошна анализа, електронски промени и надградби и нивна имплементација во системот и изготвувања на Упатства за работа и изготвување на дописи/известувања и до матичните гинеколози и до лабораториите, доколку има промени во однос на оваа програмата.

Цена на услуга за активности поврзани со организација на скрининг и рана детекција на грло на матка изнесува:

Организација на скрининг и рана детекција на рак на грло на матка

| Р.б. | Управа за електронско здравство | лица | Единечна цена во денари | Износ вкупен годишно (во денари) |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Техничко лице – администратор | 3 | 5.000,00 | 200.000,00 |

Институт за патологија - Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје

Институт за патологија - Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје, ќе врши медицинска едукација на цитоскринерите и цитотехничарите од лабораториите во кои се читаат ПАП тестови во рамки на скрининг на рак на грло на матка од сите јавни здравствени установи и приватни здравствени установи кои имаат склучено договор со Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

| Институтот за патологија - Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Р.б. | активност | Кол. | Единечна цена во денари | Вкупно износ во денари |
| 1. | Изработка на курикулум за едукација на цитоскринери и цитотехничари | 1 | 200.000,00 | 200.000,00 |

**4. Следење на реализација на скрининг и рана детекција на рак на грло на матка**

Следење на спроведувањето на скрининг и рана детекција на рак на грло на матка ја врши Министерство за здравство во соработка со Национална комисија за скрининг и рана детекција на рак на грло на матка на Република Северна Македонија и Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика - Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје.

**5. Финансирање на активностите и извршители:**

| Р.б. | Активности | Извршители | Обем на активност | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Организација на скрининг и рана детекција на рак на грло на матка | Министерство за здравство во соработка со Управата за електронско здравство – Мој термин | 1 | 200.000,00 |
| 2. | Активност на матични гинеколози (оние кои имаат потпишано договор со Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија) за дополителни трошоци за земање на ПАП тест на жени на возраст од 21-59 години кои во последните 3 години не направиле ПАП тест | Матични гинеколози | 1 | 200,00 |
| 3. | Партиципација за цитолошка анализа – активност за Цитолошките лаборатории во јавно здравствените установи и оние кои имаат потпишано договор со Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија за здравствената услуга читање на ПАП тест за жени на возраст од 21-59 години кои во последните 3 години не направиле ПАП тест | Цитолошки лаборатории во јавно здравствени установи и оние кои имаат потпишано договор со Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија | 1 | 60,00 |
| 4. | Извештај од скрининг на рак на грло на матка (годишен извештај за претходната година)<br><br>Евалуација на програмата за скрининг на рак на матка (годишна евалуација за претходната година)<br><br>Модул за скрининг досие на рак на грло на матка – креирање на алгоритам | Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика - Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје | 1 | 300.000,00 |
| 5. | Мобилна гинеколошка амбуланта | Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство Скопје во соработка со Македонско лекарско друштво и Црвен Крст на Република Северна Македонија | 1 | 2.000.000,00 |
| 6. | Изработка на курикулум за едукација на цитоскринери и цитотехничари | Институт патологија-Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје | 1 | 200.000,00 |

**II. Скрининг и рана детекција на рак на дојка**

**1. Приоритети и цели**

**Главна цел:**

Детекција на рак на дојка во ран стадиум на жените во Република Северна Македонија, преку спроведување на скринингот, а следејќи ги европските препораки за спроведување на организиран скрининг.

**Дополнителни цели:**

- Подигање на свеста на жената за значењето на редовните прегледи и раното откривање на карциномот;

- Зајакнување на капацитетот на здравствените установи за спроведување на скрининг во поглед на кадар и опрема; собирање и обработка на податоци за скринингот; контрола на квалитетот во спроведување на скринингот; континуирана едукација и обука за технолози и радиолози и континуирана анализа на вештините на технолозите и на поставените радиолошки дијагнози;

- Проширување на скрининг програмата во мамографските центри кои што ги исполнуваат критериумите за квалитет на апаратурата и стручната подготвеност на персоналот;

- Набавка на национален ПАКС систем и софтвер за контрола на квалитет.

**2. Показатели на успешност**

Индикатори на успешност на спроведување на главната цел, се:

- број на извршени снимања
- број на поканети жени во однос на вкупниот број на жени во старостниот интервал за скринининг (40– 69 год) години и ќе остане можноста жените сами да се пријавуваат на страницата без разлика на тоа дали имаат позитивна фамилијарна анамнеза
- број на жени кои се јавиле на преглед и на кои што им е направено снимање
- број на жени кои што се повикани на дополнителни медицински испитувања
- број на жени со позитивен наод
- број на жени со позитивен наод во ран стадиум
- извештај за техничкиот и дијагностичкиот квалитет на сликите и радијационата доза.

Селектираните клучни индикатори се однесуваат на: 1) скрининг опфат; 2) стапка на учество во скрининг; 3) стапка на потреба и одговор за доиследување; 4) стапка на рак на дојка со дополнителна категоризација на наодот; 5) статус на линфни јазли и категоризација; 6) стапка на интервален наод на рак на дојка; 7) учество на скрининг во наод на рак на дојка; 8) просечно време од скрининг до резултат, односно прв третман; 9) просечно време од индикација за операција и операција; 10) стапка на детекција на бенигна промена при отворена хируршка биопсија; и 11) стапка на мастектомии.

**3. Патека на жена во скрининг програма**

1. Жената добива покана со точно одреден ден, час и место на снимање - Јавна здравствена установа. На жената и е овозможено да откаже и презакаже термин за скрининг мамографија.

2. Специјалистите радиолози кои се вклучени во скринингот преку апликацијата креираат упат за мамографија РД Z12.3 Специјален скрининг преглед за неоплазма на дојка, согласно идентификацијата и мапирањето на жени од страна на управата за електронско здравство.

3. Јавните здравствени установи кои се вклучени во скрининот да обезбедат и дефинираат термини за мамографија.

4. Јавните здравствени установи кои се вклучени во скринингот да обезбедат и дефинираат термини и за дополнителни прегледи и тоа ехо, биопсија и магнет на дојка (ова се однесува на Јавни здравствени установи кои ја имаат соодветната опрема и кадар за дополнителните прегледи).

5. Јавните здравствени установи кои се вклучени во скринингот во соработка со Управата за електронско здравство и Министерство за здравство да подготват план за работа и термини за скринин.

6. Жена на која е направена скрининг мамографија ќе добие одговор на смс. Жени кои имаат суспектен наод и на кои им се потребни дополнителни испитувања ќе бидат контактирани преку смс и телефонски.

7. Јавните здравствени установи во кои ќе се вршат дополнителните иследувања од страна на специјалистите радиолози ќе креираат упати за понатамошни иследувања во однапред дефинирани термини.

Радиологот издава упат до Институт за патологија, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, за хистолошка и/или цитолошка евалуација на материјал по направена кор или тенкоиглена аспирациона биопсија на дојка. Во упатот треба да биде назначено дека материјалот е од пациентка од скрининг Z12.3.

8. Жените со потврден хистопатолошки наод за малигно заболување на дојка од биопсијата, во рок од една недела од изготвениот хистопатолошки наод се упатуваат на торакална хирургија скрининг амбуланта со упат од специјалист радиолог, за што управата за електронско здравство креира амбуланта за жена од скрининг програмата.

9. Управата за електронско здравство ја интегрира апликацијата мој термин и скрининг здравство.

10. Мамографијата е бесплатна за жената. Скрининг мамографијата се врши со радиодијагностички упат Z12.3 креиран од радиолог од скрининг програмата и Министерството за здравство ја плаќа партиципацијата за пациентот од 80,00 денари.

Радиодијагностички упат Z12.3 ќе се користи само за жени организирани во скрининг програмата.

Жените со клинички сипмтоми за промени во дојка (позитивна клиничка слика) ќе бидат упатувани согласно патеката за упатување донесена од страна на Министерството за здравство.

Министерство за здравство ќе плаќа и услуга за жени во скрининг мамографија за неосигурено лице.

Потребните понатамошни испитувања (ехо, биопсија, магнет на дојка, бележење на дојка и галактографија), се вршат со упат креиран од радиолог во Националниот систем за електронски евиденции во здравството (Мој Термин), а партиципацијата ја плаќа жената.

11. Скрининг за жени од 40 до 69 години ќе имаат можност да се пријават самостојно на интернет страницата www.skrining.zdravstvo.gov.mk и исто така ќе се овозможи и закажувањето во скрининг кабинет за дојка да го извршува и избран доктор.

Се воведува прашалник за жените опфатени во скрининг програма кој ќе биде електронски достапен на интернет страницата www.skrining.zdravstvo.gov.mk.

12. Јавните здравствени установи и матичните доктори треба да обезбедат и олеснат промоција на националната превентивна програма во своите простории со достапни комуникациски материјали и алатки кои се дел од превентивната програма. Тие треба да обезбедат најмалку 25% од просторот и инфраструктурата наменети за информирање и рекламирање во просториите на здравствените установи (рамки за постери, брошури, билборди, ЛЦД дисплеи...), да бидат наменети за бесплатна промоција на националната превентивна програма за скрининг за рана детекција на рак на дојка.

**4. Активности на извршители**

**Управа за електронско здравство**

- Управата за електронско здравство обезбедува техничка подршка на скринингот, го воспоставува системот за електронско управување со програмата за скрининг преку дефинирање, изградба, одржување и унапредување на софтверско решение. Системот е интегриран со Националниот систем за електронски евиденции во здравството (Мој Термин). Преку системот се формира т.н. мамографско досие за секоја жена

- Управата за електронско здравство ќе дава поддршка на Националната комисија за скриниг и рана детекција на рак на дојка и Министерството за здравство и во останатите сегменти, како што се уредување на интернет страница, организирање на едукации, работилници и други настани поврзани со скринингот.

- Управата за електронско здравство преку соодветно софтверско решение да овожможи автоматско закажување на дополнителните прегледи за ултразвук на дојка, во претходно креирани термини од страна на радиолозите, а согласно внесените податоци во скрининг мамографија, и тоа: за катергорија БИ РАДС 4 со приоритет и за категорија БИ РАДС 0 редоследно, според датумот на извршената скрининг мамографија, веднаш по завршено второ читање на мамографиите или по направено усогласување меѓу читачите.

- Управата за електронско здравство да доставува извештаи генерирани од системот, до секој радиолог учесник во програмата за неговата работа, на месечно ниво, број на извршени скрининг мамографии, дополнителни еха на дојка и биопсии за пациентки од скрининг програмата.

Цена на услуга за активности поврзани со организација на мамографски скрининг за рана детекција на карцином на дојка изнесува:

| Организација на скрининг и рана детекција на рак на дојка | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Р.б. | Управа за електронско здравство | лица | Единечна цена во денари | Износ вкупен годишно (во денари) |
| 1. | Техничко лице – администратор | 3 | 5.000,00 | 200.000,00 |

Мамографија - снимање и интерпретација на скрининг мамографија за жени од 40-69 години

Јавни здравствени установи- Мамографски центри

Програмата скрининг за рана детекција на рак на дојка ја спроведуваат јавни здравствени установи кои ги исполнуваат условите во однос на простор, опрема, кадар.

Проширувањето на мамографски центри за скрининг мамографија снимање зависи од исполнетоста на условите поставени од Националната комисија за скриниг и рана детекција на рак на дојка.

- Прво извршена контрола на апаратот и просторот од страна на Институт за јавно здравје на Република северна Македонија, за што се доставува извештај до Националната комисија за скриниг и рана детекција на рак на дојка,

- Завршена обука на радиолошки технолози на ЈЗУ Универзитетски Институт за радиологија – Скопје.

Одговорен и референтен центар - ЈЗУ Универзитетски Институт за радиологија - Скопје

ЈЗУ Универзитетски Институт за Радиологија – Скопје во соработка со Национална комисија за скрининг и рана детекција на рак на дојка и Министерство за здравство, а согласно насоки и план доставен од страна на Министерство за здравство, ги спроведува следните активности:

- подготвува прирачник за скрининг програмата,
- спроведува стандарди за работа на носителот на програмата, упатства и протоколи,
- составува прирачник за потребен простор за апаратура, простор за амбуланта, опрема и кадар
- составува насоки и патека за преглед на жената (дијагностички и скрининг преглед),
- изготвува план за термини за скрининг мамографски преглед, ехо, биопсија, бележење и магнет на дојка,
- во соработка со Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија континуирано ги ажурира радиолошките услуги за преглед на дојка,
- континуирано го следи спроведувањето на Програмата,
- планира и развива капацитети (персонал, опрема, простории) согласно потребите за спроведување на скрининг програмата,
- врши доедукација, едукација и обука на радиолошки технолози и специјалисти радиолози,
- врши контрола на квалитет на интерпретација на скрининг мамографијата, контрола на навремено интерпретирање на скрининг мамографија, контрола на патот на жената од скрининг мамографија до третман и составува упатство/а, протокол за квалитет на мамографска слика,
- организира промоција на скринингот,
- врши евалуација на мамограмите - според упатствата.

**Специјалисти радиолози**

Во Програмата се вклучени специјалисти радиолози со супспецијализација за радиодијагностика на дојка /последипломски студии поврзани со радиодијагностика на дојка или специјалисти радиолози со најмалку пет години работно искуство во радиодијагностика на дојка, со прочитани најмалку 500 мамографии годишно и дополнителна едукација за радодијагностика на дојка во референтен едукативен центар со времетраење од шест месеци (мамографија, ехо, биопсија). Соодветно на завршената едукација специјалистот треба да добие сертификат за завршена едукација.

Секој радиолог кој учествува во скрининг програмата, освен читање на скрининг мамографиите, треба да ги изведува и дополнителните иследувања на своите пациенти (ултразвук на дојка и биопсија на дојка), самостојно и во својата матична здравствена институција.

**Радиолошки технолози**

Во Програмата се вклучени радиолошки технолози со работно искуство од две години и помината едукација од три месеци во референтен едукативен центар. Соодветно на завршената едукација радиолошкиот технолог треба да добие сертификат за успешно завршена едукација.

Радиолошкиот технолог пополнува прашалник за жената во скрининг дојка и административно-техничка подршка на специјалистот радиолог.

Цена на услуга за активности поврзани со снимање и интерпретација на скрининг мамографија за жени од 40-69 години изнесува:

| Табела: Снимање и интерпретација на скрининг мамографија за жени од 40-69 годинии партиципација | | |
|---|---|---|
| Р.б. | Извршители | Единечна цена во денари |
| 1. | Специјалисти радиолози - интерпретација на мамографска слика | 300,00 |
| 2. | Радиолошки технолози - снимање | 100,00 |
| 3. | Министерство за здравство – партиципација | 80,00 |
| 4. | Министерство за здравство – неосигурани лица согласно референтна цена на Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија | 1.075,00 |

Министерство за здравство и Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија

Министерството за здравство од Програмата ја плаќа партиципацијата за жената во износ од 80,00 денари на јавната здравствена установа вклучена во скринингот. Скрининг мамографијата се врши со радиодијагностички упат Z12.3 креиран од радиолог.

Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, спроведува годишна евалуација на организацијата на програмата за скрининг на рак на дојка во тековната година за секоја претходна година.

Евалуацијата на програмата за скрининг на рак на дојка ги обработува динамичките промени во имплементацијата на истата во однос на: 1) промени во здравствената политика од интерес за спроведување на скринингот на рак на дојка; 2) состојба со здравствен кадар од интерес за скрининг на рак на дојка; 3) буџет – покриеност на активности и евентуални целни потреби од зголемување; 4) динамика на целна група, индицирање на потенцијални диспаритети и опфат на скринингот; 5) мамографски центри – состојба во однос на опрема, услови, кадар; 6) мамографски центри – приказ на контрола на квалитет и регистрирање на дози; 7) остварувања/препреки на патеката на жената во скрининг за рак на дојка; 8) предности/недостатоци во организацијата на скринингот (повикување, закажување, читање, чување на податоци); 9) посочувања на донесени решенија/протоколи од Националната комисија за скрининг и рана детекција на рак на дојка; 10) согледувања според БИ-РАДС класификација; и 10) согледувања и препораки со цел за доближување на скринингот кон повисоки организациони аспекти согласно меѓународно прифатени критериуми. Износ во денари 100.000,00 денари.

Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, изготвува годишен извештај за успешност на имплементација на програмата за скрининг на рак на дојка и анализа на согледувања (наоди) преку мониторинг на клучни индикатори селектирани согласно ЕУ прописи. Селектираните клучни индикатори се однесуваат на: 1) скрининг опфат; 2) стапка на учество во скрининг; 3) стапка на потреба и одговор за доиследување; 4) стапка на рак на дојка со дополнителна категоризација на наодот; 5) статус на лимфни јазли и категоризација; 6) стапка на интервален наод на рак на дојка; 7) учество на скрининг во наод на рак на дојка; 8) просечно време од скрининг до резултат, односно прв третман; 9) просечно време од индикација за операција и операција; 10) стапка на детекција на бенигна промена при отворена хируршка биопсија; и 11) стапка на мастектомии. Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје ќе направи и анализа и експертско толкување на селектирани клучни индикатори од скринингот со податоци добиени од прашалниците пополнети од жените учеснички во скринингот. Износ во денари: 100.000,00 денари

Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, годишната евалуација и годишниот извештај на програмата за скрининг на рак на дојка електронски ја споделува со Националната комисија за скрининг и рана детекција на рак на дојка и истата ја каталогизира во Националната установа Универзитетска библиотека „Свети Климент Охридски“ Скопје и ја објавува на интернет страницата на Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје.

Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје – во рамките на модулот за скрининг досие за рак на дојка во соработка со ЈЗУ Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за радиологија, Скопје, Институтот за патолошка анатомија, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, како и професионалци од областа на торакална хирургија и онкологија, ќе изработи предлог алгоритам за нов модул за скрининг досие за рак на дојка. Истиот за прв пат би овозможил целосно електронско евидентирање на секој сегмент од процесот на скрининг и надминување на досегашните проблеми со форматите на многу резултати. Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, ќе го следи во реално време процесот на внес на податоци во базата на модулот за скрининг досие за рак на дојка и ќе интервенира за надополнување на истата при согледување на неисполентост. Профилот на потребните податоци од спроведениот скрининг за целите на годишниот извештај и евалуацијата за скрининг на рак на дојка ги дефинира Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје и ги обезбедува во соработка со Управата за електронско здравство. За активностите во рамките на Модулот за скрининг досие на рак на дојка Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, тесно ќе соработува со Управата за електронско здравство за потребните податоци од интерес. Износ во денари: 100.000,00 денари

| Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика- Медицинскиот факултет , Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ - Скопје | | | |
|---|---|---|---|
| Р.б. | активност | Кол. | Единечна цена во денари |
| 1. | Годишен извештај за скрининг и рана детекција на рак на дојка Евалуација на програмата за скрининг на рак на дојка – (годишна евалуација за претходната година) Модул за скрининг досие за рак на дојка и креирање на алгоритам | 3 | 100.000,00 |

Фондот за население на обединети нации – УНФПА- во соработка со Министерство за здравство

Изготвување на информативни/едукативни материјали, брошури или користење на социјалните мрежи ќе се врши со поддршка на Фондот за население на обединети нации – УНФПА, во консулатција со Националната комисија за рана детекција и скрининг на рак на дојка во Република Северна Македонија.

Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија - Обезбедување на квалитет и контрола

Контрола на квалитет треба да обезбеди:

Мамографската апаратура да овозможи најдобра можна слика со најниски можни дози на зрачење, согласно принципите на оптимизирање на мамографската апаратура. Истата се изведува: како редовна процедура; по зафати за редовно одржување и по извршени поправки на системот за мамографија.

Се изведуваат редовни контроли на квалитет според даден протокол за тестирање на:

- квалитетот на мамографскиот апарат,

- дозата на зрачење кај пациентите,
- техниката на радиографското снимање,
- квалитетот на радиографската слика и
- контрола на квалитет на мониторите на професионалните работни станици кај радиологот.

Годишни тестирања на апаратурата во мамографските центри, процена на дозите на пациентите и контрола на квалитет на мониторите ќе бидат изведувани од страна на стручен тим од Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија, според утврден протокол за контрола на квалитет.

| Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Активност | Количина | Единечна цена во денари |
| | Обезбедување на квалитет и контрола | 1 | 5.000,00 |

Институт за патологија, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, ќе врши:

- анализа на хистолошки и/ или цитолошки материјал добиен од не-оперативни процедури (тенко-иглена аспирациона биопсија и иглена кор биопсија),
-анализа на материјал добиен од оперативни процедури,
-изготвување извештај кој ќе содржи конечна дијагноза, информации за прогностичките и предиктивните фактори,
- континуирана медицинска едукација и ќе одржува курсеви за надградба на знаењата,
- учествување во изготвување на патохистолошкиот дел од софтверски прашалник за податоците за скрининг на дојка и пополнување на делот од прашалникот кој се однесува на резултати од патохистолошка евалуација на материјал од пациентки од скрининг,
- еднаш годишно ќе врши контрола на квалитет на лабораториите за хистолошка, имунохистохемиска и молекуларна анализа.

| Цена на услуга за активности поврзани со скрининг на дојка за Институт за патологија – Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје | | | |
|---|---|---|---|
| Р.б. | Извршители | Кол. | Единечна цена во денари |
| 1. | Тим на Институт за патологија,– Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје (специјалист патолог, лаборант, администратор) – одговорен за обработка и анализа на цитолошки и на ткивен примерок и изготвување на патохистолошки извештај | 1 | 2.500,00 |
| 2. | Министерство за здравство партиципација за осигурени лица без утврдена малигна болест | 1 | 700,00 |
| 3 | Министерство за здравство за неосигурени лица без утврдена малигна болест | 1 | 7.520,00 |
| 4. | Тим на Институт за патологија,– Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје за обезбедување на контрола на квалитет на лабораторите на Институтот за патологија | 1 | 10.000,00 |

## 5. Финансирање на активностите и извршители

| Р.б. | Активности | Извршители | Обем на активност | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Организација на скрининг програма дојка | Министерство за здравство и Управа за електронско здравство | 1 | 200.000,00 |
| 2. | Евалуација на програмата за скрининг на рак на дојка за 2025 година – (годишна евалуација за претходната година) Извештај од скрининг на рак на дојка - (годишен извештај за претходната година) Модул за скрининг на рак на дојка и креирање на алгоритам | Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје | 1 | 300.000,00 |
| 3. | Мамографија интерпретација на слики скрининг за жени од 40-69 | Јавни здравствени установи вклучени во скрининг | 1 | 300,00 |
| 4. | Мамографија снимање скрининг за жени од 40-69 | Јавни здравствени установи вклучени во скрининг | 1 | 100,00 |
| 5. | Мамографија партиципација за жени од 40-69 | Јавни здравствени установи вклучени во скрининг | 1 | 80,00 |
| 6. | Обезбедување на професионална и логистичка поддршка на Националанатa комисија за скрининг и рана детекција на рак на дојка и Министерство за здравство | Референтен Центар- Јавна здравствена установа- Универзитетски Институт за радиологија - Скопје | 1 | 300.000,00 |
| 7. | Контрола на квалитет на мамографски центри во јавно здравствени установи | ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија | 1 | 5.000,00 |
| 8. | Обработка и анализа на цитолошки и на ткивен примерок и изготвување на патохистолошки извештај (Тим -патолог, лаборант, администратор) | Институт за патологија Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје | 1 | 2.500,00 |
| 9. | Партиципација за осигурени лица | Министерство за здравство | 1 | 700,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 10. | Партиципација за неосигурени лица | Министерство за здравство | 1 | 7.520,00 |
| 11. | Обезбедување на контрола на квалитет на лабораторите на Институтот за патологија | Институт за патологија Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје | 1 | 10.000,00 |

**6. Следење на реализација на Програмата**

Следење на спроведувањето на активностите ги врши Министерство за здравство во соработка со Национална комисија за рана детекција и скрининг на рак на дојка на Република Северна Македонија и Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје.

## III. Скрининг и рана детекција на рак на дебело црево

**1. Цел на активност за скрининг и рана детекција на рак на дебело црево**

Цел на активноста за скрининг и рана детекција на рак на дебело црево е намалување на морбилитетот и морталитетот на населението во Република Северна Македонија од рак на дебело црево. Стратегијата за подобрување на раното откривање на ракот на дебело црево подразбира и подобра информираност на населението за значењето на раното откривање на ракот на дебелото црево и едукација на здравствениот кадар за самата програма.

Цел на активноста за скрининг и рана детекција на рак на дебело црево е и да се намали морталитетот со колоректален карцином, да се редуцира инциденцата на колоректален карцином, да се зголеми пропорцијата на рано откриени на колоректален карцином од 14% до повеќе од 50% за 10 години, да се подобри квалитетот на живот на пациенти со колоректален карцином и да се намали трошокот за третман од заболени од колоректален карцином.

**2. Индикатори за спроведување на активноста за скрининг и рана детекција на рак на дебело црево:**

1) скрининг опфат;
2) стапка на учество;
3) стапка на задржување;
4) стапка на откриени абнормалности со категоризација на наодот;
5) стапка на потреба и на одговор за доиследување;
6) стапка на рак на дебело црево со дополнителна категоризација на наодот;
7) стапка на интервален наод на рак на дебело црево;
8) статус на линфни јазли и категоризација;
9) учество на скринингот во вкупен наод на рак на дебело црево;
10) просечно време од скрининг до: резултат од скрининг, финална дијагноза, прв третман;
11) просечно време од скрининг индикација до операција;
12) стапка на компликации поврзани со скрининг (перфорација, крварење итн);
13) индицирани денови хоспитализација после скрининг;
14) стапка на компликации поврзани со дополнителни/ упатни прегледи од скрининг;
15) стапка на дијагностицирани со бенигни промени во дебело црево и категоризација на наодот и
16) стапка дијагностицирани со карцином на дебело црево и категоризација на наодот.

**3. Извршители на скрининг и рана детекција на рак на дебело црево:**

- Министерство за здравство,
- Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија,
- Управа за електронско здравство,
- Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје,
- Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија Скопје и други
здравствени установи кои ќе бидат вклучени во скринингот,
- Матични доктори и
- Институт за патологија, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје.

**4. Спроведување на скрининг колоноскопија**

Идентификувани ќе бидат пациенти со просечен ризик за колоректален карцином кои ќе бидат опфатени со програмата на возраст од 50 до 75 години, а кај кои досега согласно достапните податоци од Националниот систем за електронска евиденција не се евидентирани следните состоби: пациенти кои веќе се вклучени во дијагностички или терапевтски третмани за колоректален карцином: полип на дебело црево (К63.5), улцеративен колитис (К51), Кронова болест (К50), малигна неоплазма на колон (С18); состојби кои можат да предизвикаат окултни крвавења и активни хемороидални крвавења, пациенти кои претходно имаат отстрането аденоми со колоноскопија, пациенти кои имаат направено колоноскопија во изминативе 3 години со доказ дека резултатите се уредни.На скрининиг ќе упатуваат матични лекари од целата држава и доколку при прегледот е утврден полип, во ист акт ќе се интервенира, без да се враќа пациентот за втора колоноскопија.Во Јавната здравствена установа каде ќе се изведува скрининиг колоноскопија да се обез-беди апарат за изработка на време на крварење ( INR) и протробинско време (PT).

**5. Цена на услуга за активности поврзани со скрининг колоноскопија за јавна здравствена установа изнесува:**

| Табела: Скрининг колоноскопија и партиципација | | |
|---|---|---|
| Р.б. | Извршители | Единечна цена во денари |
| 1. | Тим во јавна здравствена установа (спец. гастроентерохепатолог, медицинска сестра, болничар) за тимот од здравствената установа кој ќе врши скрининг колоноскопија надвор од работно време | 5.000,00 |
| 2. | Министерство за здравство - пакет за неосигурени лица | 4.500,00 |
| 3. | Министерство за здравство - партиципацијата за осигурени лица во зависност од пакетот кој се избира од страна на специјалистот гастроентерохепатолог и тоа: АИМ23, АИМ34, АГЕХ4 и АГЕХ5 | 450,00<br>700,00<br>550,00<br>20.740,00 |

**6. Министерство за здравство и Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија**

Министерството за здравство од програмата ја плаќа партиципацијата за пациентот во зависност од пакетот кој се избира од страна на специјалистот гастроентерохепатолог и тоа пакети АИМ23, АИМ34,АГЕХ4 и АГЕХ 5 за осигурени лица и цена на услуга за неосигурени лица во износ од 4.500.00 денари. Скрининг колоноскопија се врши со упат од избран лекар ОБРАЗЕЦ СУ3, дијагностичка процедура.

| Пакет | Метода | Референтна цена во денари | Партиципација во денари |
|---|---|---|---|
| АИМ 23 | Колоноскопија (тотална) | 4.500,00 | 450,00 |
| АИМ 34 | Колоноскопија со анестезија | 6.750.00 | 700,00 |
| АГЕ Х4 | Колоноскопија со биопсија | 5.620,00 | 550,00 |
| АГЕ Х5 | Колоноскопија со полипектомија | 20.740,00 | 2.200,00 |

**7. Управа за електронско здравство**

Управата за електронско здравство ќе обезбеди листа на пациенти кои треба да бидат повикани од својот избран доктор на скрининг колоноскопија. Листата ќе содржи податоци за пациентот и за неговиот избран лекар. Управа за електронско здравство ќе ги испрати до матичните лекари изготвените листи на пациенти. Управата за електронско здравство во системот на Мој термин на секој избран лекар ја нуди листата на пациенти со соодветната возраст предвидена за таа година за да може матичниот доктор да ги контактира пациентите и доколку пациентот ги исполнуваат услови да ги закаже за скрининг колоноскопија. Управата за електронско здравство треба да овозможи електронско внесување на прашалникот кој треба да се пополни од страна на матичниот лекар и упатствата за прочистување за пациентот; да овозможи прикачување на резултат и пополнување на образец дефиниран од Националната комисија за скрининг и рана детекција на рак на дебело црево; да овозможи техничка поддршка во однос на системот на Мој термин и за матичните лекари и за здравствените установи доколку имаат потреба од истата, одржување на обуки за имплементација на новиот модул за Скрининг на рак на дебело црево, да одржува обуки за презентација на нови функционалности поврзано со фактурирањето, креирање нови корисници и ажурирање на податоци на постоечките, изготвување на извештаи за реализирани скрининг колоноскопии за одредени периоди (месечни, квартални, полугодишни, годишни, кои на барање на Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, и на Министерството за здравство ќе бидат доставени за понатамошна анализа, електронски промени и надградби и нивна имплементација во системот и изготвување на Упатства за работа и изготвување на дописи/известувања и извршителите на програмата, доколку има промени во однос на Програмата за скрининг и рана детекција на рак на дебело црево рана детекција на малигни заболувања.

Цена на услуга за активности поврзани со организација на скрининг и рана детекција на дебело црево изнесува:

| Организација на скрининг и рана детекција на рак на дебело црево | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Управа за електронско здравство | лица | Единечна цена во денари | Износ вкупен годишно (во денари) |
| 1. | Техничко лице – администратор | 3 | 5.000,00 | 200.000,00 |

**8. Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика - Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје**

Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје изготвува годишна евалуација за успешност на имплементација на програмата за скрининг на рак на дебело црево и за согледувањата (наодите) преку мониторинг и анализа на клучни индикатори селектирани согласно ЕУ прописи. Селектираните клучни ин-дикатори се однесуваат на: 1) скрининг опфат; 2) стапка на учество во скрининг; 3) стапка на задржување во скрининг; 4) стапка на откриени абнормалности со категоризација на наодот; 5) стапка на потреба и на од-говор за доиследување; 6) стапка на рак на дебело црево со дополнителна категоризација на наодот; 7) стапка на интервален наод на рак на дебело црево; 8) статус на лимфни јазли и категоризација; 9) учество на скринингот во вкупен наод на рак на дебело црево; 10) просечно време од скрининг до: резултат од скрининг, финална дијагноза, прв третман; 11) просечно време од индикација до операција; 12) стапка на компликации поврзани со скрининг (перфорација, крварење итн); 13) индицирани денови хоспитализација после скрининг; 14) стапка на компликации поврзани со дополнителни/ упатни прегледи од скрининг; 15) стапка на мажи/жени дијагностицирани со бенигни промени во дебело црево и категоризација на наодот; 16) стапка на мажи/жени дијагностицирани со карцином на дебело црево и категоризација на наодот; из-нос во денари: 100.000,00 денари.

Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, ќе изготви годишен извештај со анализа на добиените резулати од скринингот, анализа на селектирани клучни индикатори од скринингот, како и утврдување на предиктивната улога на селектирани параметри за добиените наоди од истиот преку податоците од прашалниците пополнети од учесниците во скринингот. Профилот на потребните податоци од спроведениот скрининг за целите на годишниот извештај ги дефинира Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, и ги обезбедува во соработка со Управата за електронско здравство. Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, годишната евалуација и годишниот извештај од програмата за скрининг на рак на дебело црево ќе го сподели во електронска форма со Националната комисија за скрининг и рана детекција на рак на дебело црево, а истиот ќе биде каталогизиран во Националната установа Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ Скопје и ќе биде објавена на интернет страницата на Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје. Податоците од јавните здравствени установи каде се изведува скрининг колоноскопија ја образуваат основата на електронската база на релевантни податоци произлезени од програмата за скрининг на рак на дебело црево

која Управата за електронска евиденција постојано ја надградува со нови, кои во континуитет се генерираат во нив. Износ во денари: 100.000,00 денари.

Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, во рамките на модулот за скрининг досие на рак на дебело црево во соработка со ЈЗУ Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија – Скопје, Институтот за Патолошка анатомија, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, како и професионалци од областа на хирургија и онкологија ќе изработи предлог алгоритам за нов модул за скрининг досие за рак на дебело црево. Истиот за прв пат би овозможил целосно електронско евидентирање на секој сегмент од процесот на скрининг и надминување на досегашните проблеми со форматите на многу резултати. Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, би го следел во реално време процесот на внес на податоци во базата на модулот за скрининг досие на рак на дебело црево. Информатичкиот систем на Управата за електронско здравство (УЕЗ) собира и генерира специфични податоци и обезбедува сеопфатна информатичка поддршка, која е на располагање на Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика- Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, во спроведувањето на неговите активности во рамките на скрининг програмата за рак на дебело црево. Профилот на потребните податоци од спроведениот скрининг за целите на годишниот извештај и евалуацијата за скрининг на рак на дојка ги дефинира Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје и ги обезбедува во соработка со Управата за електронско здравство. За активностите во рамките на Модулот за скрининг досие за рак на дебело црево, Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје и Управата за електронско здравство тесно ќе соработуваат за потребните податоци од интерес. Податоците од програмата за скрининг на карцином на дебело црево се чуваат во модул за скрининг заснован на податоците за број на население, база на податоци за скрининг на рак на дебело црево, која собира и ажурира поединечни податоци, како што е препорачано во упатствата на ЕУ [6,15,16]. Сеопфатни податоци за целната популација се добиени од Централниот регистар на население на Република Северна Македонија, кој се ажурира секојдневно (комплетни информации за возраста, виталниот статус и местото на живеење). Дополнително, модулот за скрининг има секојдневно ажурирана е-врска со базата на податоци на Регистар за рак (информации за рак на дебело црево на Република Северна Македонија) и со Регистарот на просторни единици (комплетни информации за живеалиштето). Износ во денари: 100.000,00 денари.

| Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика- Медицинскиот факултет , Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје | | | |
|---|---|---|---|
| Р.б. | активност | кол | Единечна цена во денари |
| 1. | Годишен извештај за скрининг и рана детекција на рак на дебело црево<br>Евалуација на програмата за скрининг на рак на дебело црево за 2024 година – (годишна евалуација за претходната година)<br>Модул за скрининг досие за рак на дебело црево и креирање на алгоритам | 3 | 100.000,00 |

## 9. Матични доктори

Матичните доктори во примарната здравствена заштита, ќе ги информираат своите пациенти за можноста за скрининг колоноскопија и ќе ги советуваат да направат скрининг колоноскопија, врз основа на листата на пациенти креирана преку Националниот систем за електронска евиденција.

Матичниот доктор ќе обавува разговор телефонски и/или во лично присуство на пациентот во ординацијата на матичниот доктор, со што пациентот се информира за придобивките од скрининг колоноскопијата.

Матичниот доктор во системот ќе пополнува прашалник за одредување на нивото на ризик за колоректален карцином (цел на овој популациски-базиран скрининг се лицата со просечен/среден ризик; предлог прашалникот е креиран електронски).

Матичниот доктор ќе врши регистрација во системот на Мој термин дали пациентот прифаќа/не прифаќа скрининг колоноскопија (евиденција дека било разговарано со него и му било посочено за придобивката од скрининг колоноскопија).

Доколку пациентот се согласи: матичниот доктор ќе закаже термин во амбуланта за скрининг колоноскопија во соодветна здравствена установа во која се врши скрининг колоноскопија.

Креирање упат за колоноскопија ќе биде од страна на матичниот доктор, при што упатството за прочистување ќе се генерира веднаш со добивањето на термин за скрининг колоноскопија.

При тоа, ќе се генерираат два вида на упатства за прочистување: едно за пациенти со термин до 12 часот, и упатство за пациенти со термин по 12 часот.

Управата за електронско здравство ќе овозможи посебни термини за пациентите за скрининг колоноскопија.

Матичните доктори за секое регрутирање на пациенти за скрининг колоноскопија, а врз основа на електронски креирана фактура, извештај и изјава во националниот систем за електронска евиденција, ќе фактурираат на Министерството за здравство.

Цена на услуга изнесува 100.00 денари од пациент.

| Приватни здравствени установи – матични доктори | | | |
|---|---|---|---|
| Р.б. | Активност | Количина | Единечна цена во денари |
| 1. | Регрутирање на пациенти за скрининг колоноскопија за пациенти кои дале согласност за скрининг колоноскопија | 1 | 100.00 |
| 2. | Регрутирање на пациенти за скрининг колоноскопија за пациенти кои не дале согласност за скрининг колоноскопија | 1 | 50.00 |

**10. Јавна здравствена установа – скрининг колоноскопија**

Скрининг колоноскопија ќе се извршува, во една смена во редовно работно време од 09.00 – 15.00 часот, можат да бидат предвидени 7 термини за колоноскопија, а 5 термини во попладневна смена (дополнителна работа) од 15.00 – 20.00 часот.

Со цел поголемо учество на пациентите во скрининг програмата, ќе треба да се земе во предвид опција за свесна седација. Гастроентерологот издава упат до Институт за патологија, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, за хистолошка и/или цитолошка евалуација на материјал по направена биопсија на суспектна промена на дебелото црево. Во упатот треба да биде назначено дека материјалот е од пациент/ка од скрининг шифра Z12.2 скрининг колоноскопија.

**11. Институт за патологија – Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје**

Институт за патологија - Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје, ќе врши:

- анализа на хистолошки материјал добиен од колоноскопија,
- ќе врши анализа на материјал добиен од оперативни процедури,
- ќе изготвува извештај кој ќе содржи конечна дијагноза, информации за прогностичките и предиктивните фактори,
- ќе учествува во континуирана медицинска едукација и курсеви за надградба,
- ќе учествува во изготвување на патохистолошкиот дел од софтверски прашалник за податоците за скрининг на колоректален карцином и ќе го пополнува делот од прашалникот кој се однесува на резултати од патохистолошка евалуација на материјал од пациенти од скрининг,
- еднаш годишно ќе врши контрола на квалитет на лабораториите за хистолошка, имунохистохемиска и молекуларна анализа.

| Цена на услуга за активности поврзани со скрининг на дебело црево за Институт за патологија – Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје | | | |
|---|---|---|---|
| Р.б. | Извршители | кол | Единечна цена во денари |
| 1. | Тим на Институт за патологија, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје (специјалист патолог, лаборант, администратор) – одговорен за обработка и анализа на цитолошки и на ткивен примерок и изготвување на патохистолошки извештај | 1 | 2.500,00 |
| 2. | Министерство за здравство партиципација за осигурени лица без утврдена малигна болест | 1 | 700.00 |
| 3 | Министерство за здравство за неосигурени лица без утврдена малигна болест | 1 | 7.520,00 |
| 4. | Тим на Институт за патологија, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје за обезбедување на контрола на квалитет на лабораторите на Институтот за патологија | 1 | 10.000,00 |

**12. Финансирање на активностите и извршители;**

| Р. Б | Активности | Извршители | Обем на активност | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Организација на скрининг и рана детекција на рак на дебело црево | Управа за електронско здравство, Министерство за здравство | 1 | 200.000,00 |
| 2. | Евалуација на програмата за скрининг на рак на дебело црево за 2024 година – (годишна евалуација за претходната година)<br>Годишен извештај за скрининг на рак на дебело црево<br>Модул за скрининг досие за рак на дебело црево креирање на алгоритам | Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика-Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје | 1 | 300.000,00 |
| 3. | Тим во јавна здравствена установа (спец.гастроентерохепатолог,медицинска сестра, болничар) за тимот од здравствената установа кој ќе врши скрининг колоноскопија надвор од работно време | Јавни здравствени установи скрининг колоноскопија | 1 | 5.000,00 |
| 4. | Пакет за неосигурени лица скрининг колоноскопија | Министерство за здравство | 1 | 4.500,00 |
| 5. | Партиципацијата за осигурени лица во зависност од пакетот кој се избира од страна на специјалистот гастроентерохепатолог и тоа: АИМ23 | Министерство за здравство | 1 | 450,00 |
| 6. | Партиципацијата за осигурени лица во зависност од пакетот кој се избира од страна на специјалистот гастроентерохепатолог и тоа: АИМ34 | Министерство за здравство | 1 | 700,00 |
| 7. | Партиципацијата за осигурени лица во зависност од пакетот кој се избира од страна на специјалистот гастроентерохепатолог и тоа: АГЕХ4 | Министерство за здравство | 1 | 550,00 |
| 8. | Регрутирање на пациенти за скрининг колоноскопија за пациенти кои дале согласност за скрининг колоноскопија | Матични доктори | 1 | 100,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 9. | Регрутирање на пациенти за скрининг колоноскопија за пациенти кои не дале согласност за скрининг колоноскопија | Матични доктори | 1 | 50,00 |
| 1 0 | Тим на Институт за патологија (специјалист патолог, лаборант, администратор) – одговорен за обработка и анализа на ткивни примероци и изготвување на патохистолошки извештај | Институт за патологиј а – Медицин ски факултет, Универзи тет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје | 1 | 2.500, 00 |
| 1 1. | Тим на Институт за патологија, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје за обезбедување на контрола на квалитет на хистопатолошки примероци | Институт за патологиј а – Медицин ски факултет, Универзи тет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје | 1 | 10.000 ,00 |
| 12 | Партиципацијата за осигурени лица во зависност од пакетот кој се избира од страна на специјалистот гастроентерохепатолог и тоа: АГЕХ5 | Министе рство за здравств о | 1 | 2.000, 00 |
| 13. | Партиципација за осигурени лица без утврдена малигна болест | Министе рство за здравств о | 1 | 700,0 0 |
| 14 | Партиципација за неосигурени лица без утврдена малигна болест | Министе рство за здравств о | 1 | 7.520, 00 |

### 13. Следење на реализација на Програмата

Следење на спроведувањето на оваа програма, ја врши Министерство за здравство во соработка со Национална комисија за рана детекција и скрининг на рак на дебело црево на Република Северна Македонија и Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика,Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје и истиот се објавува на интернет страницата на Министерството за здравство.

## IV. Скрининг и рана детекција на рак на црн дроб

### 1. Цел на активност за скрининг и рана детекција на рак на црн дроб

Хепатоцелуларниот карцином (ХЦК) е најчеста примарна малигна болест на црниот дроб, шести по застапеност помеѓу сите малигни заболувања и трет најчест причинител на смртност меѓу малигните забо-лувања на глобално ниво. Во Европа, товарот од HCC продолжува да расте поради фактори како што се хро-ничен хепатитис Б (HBV), хепатитис Ц (HCV), алкохолната болест на црниот дроб и зголемување на неалко-холното замастување на црниот дроб (NAFLD). Раното откривање на ХЦЦ значително ги подобрува исходите од преживувањето; сепак, најчесто ХЦЦ се дијагностицира во напредна фаза кога куративните третмани се помалку ефективни. Национална програма за скрининг на ХЦЦ може да помогне во рано откривање на ри-зичните лица и да понуди куративни интервенции.

Цел на активноста за скрининг и рана детекција на хепатоцелуларниот карцином е намалување на морбилитетот и морталитетот на населението во Република Северна Македонија од хепатоцелуларен карцином. Стратегијата за подобрување на раното откривање на хепатоцелуларниот карцином подразбира и подобра информираност на населението за значењето на раното откривање на хепатоцелуларниот карцином и едукација на здравствениот кадар за самата програма. Дополнителни цели се да се редуцира инциденцата на хепатоцеларен карцином и да се намали морталитетот од оваа болест, да се подобри квалитетот на живот на пациенти со хепатоцелуларен карцином и да се намали трошокот за третман од заболени од хепатоцелуларен карцином.

При детекција на мал нодус во црниот дроб суспектен за хепатоцелуларен карцином, ќе се врши негова дефинитивна дијагноза и со контрастно засилена ехотомографија, како и со биопсија на соодветната промена на црн дроб. Дијагнозата ќе биде дополнета и со следење на серумските туморски маркери (AFP и PIVKA II).

Во случај на дијагностициран хепатоцелуларен карцином како терапевтски модалитет кој може да е и микробранова аблација (MWA). Врз основа на системот за стадиум на рак на црниот дроб (BCLC-Barcelona Clinic Liver Cancer), MWA се применува за третман на пациенти кои имаат многу рана (Фаза 0) и рана фаза (Фаза А) на болеста. Пациенти кои припаѓаат на„ Child-Pugh“ класа А или Б и имаат три или помалку HCC нодуси ≤3 cm се погодни за MWA. Овој модалитет на лекување може да се проектира во текот на 2025 година од страна на Унииверзитетската клиника за гастроентерохепатологија – Скопје.

### 2. Индикатори и показатели на успешност за спроведување на активноста за скрининг и рана детекција на рак на црн дроб:

1. скрининг опфат;
2. стапка на учество во скрининг;
3. стапка на задржување во скрининг;
4. стапка на откриени промени во црн дроб со ултразвчен преглед кои се со карактеристики за рак на црн дроб;
5. вид на откриени промени;
6. деографски и бихевиорален профил на лицата со промени;
7. стапка на потреба и на одговор за доиследување;
8. учество на скринингот во вкупен наод на рак на црн дроб;
9. просечно време од скрининг до: резултат од скрининг, финална дијагноза;
10. просечно време од преглед до биопсија на промената во црниот дроб;
11. стапка на компликации поврзани со дополнителни/упатни прегледи од скрининг;
12. просечно време од скрининг индикација до операција;
13. скрининг опфат;
14. стапка на учество во скрининг;
15. стапка на задржување во скрининг;
16. стапка на откриени промени во црн дроб со ултразвчен преглед кои се со карактеристики за хепа-тоцелуларен карцином;
17. стапка на потреба и на одговор за доиследување;
18. учество на скринингот во вкупен наод на рак на црн дроб
19. просечно време од скрининг до: резултат од скрининг, финална дијагноза;
20. просечно време од преглед до биопсија на промената во црниот дроб;
21. стапка на компликации поврзани со дополнителни/ упатни прегледи од скрининг;
22. просечно време од скрининг индикација до операција;

**3. Извршители на скрининг и рана детекција на рак на црн дроб**

- Министерство за здравство,
- Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија,
- Управа за електронско здравство,
- Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ ,
- Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија - Скопје и други здравствени установи кои ќе бидат вклучени во скринингот и
- матични доктори.

**4. Спроведување на скрининг на црн дроб**

Целна популација: Скринингот ќе се фокусира на лица со висок ризик за развој на рак на црн дроб и тоа: пациенти со хроничен Б хепатитис, пациенти со хроничен Ц хепатитис, пациенти со црнодробна цироза од било која етиологија, пациенти со Вилсонова болест, со автоимун хепатитис и примарна билијарна цироза, пациенти со фамилијарна историја за рак на црн дроб, пациенти со метаболен синдром неалкохолна и алкохолна масна болест на црн дроб, пациенти со дислипидемија. Преку Националниот систем за електронска евиденција ќе се обезбеди список на пациенти со дијагнози по МКБ системот хроничен Б хепатитис (B18.0, B18.1), хроничен Ц хепатитис (B18.2), црнодробна цироза (К74, k70.3), Вилсонова болест (Е83.0), со автоимун хепатитис и примарна билијарна цироза (), пациенти со метаболен синдром (??), не-алкохолна и алкохолна масна болест на црн дроб (К76.0, К70.0), пациенти со дислипидемија (Е78.5).

4.1 Патека за скрининг: Програмата за скрининг ќе следи структуриран пат кој започнува во специјализирана терциерна здравствена заштита за да се обезбеди дека пациентите со висок ризик се правилно идентификувани и следени.

Чекор 1: Преглед кај специјалист гастроентерохепатолог: Специјалистот ќе спроведат проценка за ризик за ХЦЦ, земајќи во предвид фактори како историја на HBV, HCV, употреба на алкохол, дебелина, дијабетес, дислипидемија, Вилсонова болест, цироза и фамилијарна историја за рак на црн дроб ХЦЦ. Доколку постои позитивен наод за наоброените состојби, тогаш пациентот ќе го упати на дополнителни иследувања.

Чекор 2: Консултација со гастроентероентерохепатолог: Специјалистот ќе го упати пацитот да изработи на комплетни лабораториски анализи (крвна слика, протеински статус, хепатални ензими, коагулационен статус, деградациони продукти и екетролити) како и серумски туморски маркер алфа-фето протеин (АФП).

Специјалистот понатаму ќе направи понатамошна проценка со неинвазивни маркери за фиброза (FIB-4, APRI) и ултразвук на абдоменот.

Присуството на цироза или напредна фиброза ќе иницира запишување во програмата за скрининг на ХЦЦ.

Чекор 3: Понатамошни тестови: пациентите со наод за цироза на ултразвучен преглед ќе бидат упатени на фиброскен за процена на степенот на црнодробна оштета.

Доколку ултразвучниот наод или АФП укажуваат на сомнителни лезии, пациентот ќе биде упатен на контрастена магнетна резонанца (МР) или контрастна компјутеризирана томографија (КТ) за потврда или исклучување на ХЦЦ. Зависност од наодите кај одреден број на пациенти (оние со нодуси поголеми од 2cм и неконклузивен наод на имицинг методите) ќе биде направена биопсија на црнодробната промена.

Чекор 4: во зависнот од конечниот добиен наод скринингот кај пациентите понатаму ќе се води според временскиот интервал наведен во табела бр.1.

Динамика на следење високоризични пациенти

| Наод | Следење |
|---|---|
| Цироза без суспектни јазли | Ултразвук на секои 6 месеци |
| Цироза + јазол < 1cм | Ултразвук на секој 4 месеци во првата година; потоа ако нема промена – на секои 6 месеци; по 2 години може на секои 6-12 месеци |
| Цироза + јазол 1-2 см | КТ или МР, а ако не се добие типичен наод потребна е биопсија |

**5. Цена на услуга за активности поврзани со скрининг на црн дроб за јавна здравствена установа изнесува:**

| Табела: Скрининг црн дроб и партиципација | | |
|---|---|---|
| Р.б. | Извршители | Единечна цена во денари |
| 1. | Тим во јавна здравствена установа (спец. гастроентерохепатолог, медицинска сестра, болничар) за тимот од здравствената установа кој ќе врши скрининг на црн дроб надвор од работно време | 2.000.00 |
| 2. | Министерство за здравство пакет за неосигурени лица | 1.500.00 |
| 3. | Министерство за здравство партиципацијата за осигурени лица во зависност од пакетот кој се избира од страна на специјалистот гастроентерохепатолог и тоа: АИМ19 и АИМ 35 | 40,00<br>150.00 |

**6. Министерство за здравство и Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија**

Министерството за здравство од програмата ја плаќа партиципацијата за пациентот во зависност од пакетот кој се избира од страна на специјалистот гастроентерохепатолог и тоа пакети АИМ19, АИМ35 за осигурени лица.

| Пакет | Метода | Референтна цена во денари | Партиципација во денари |
|---|---|---|---|
| АИМ 19 | ЕХО на органи во абдомен и/или граден кош | 500,00 | 40,00 |
| АИМ 35 | Ехо со еластографија на црн дроб | 1.380,00 | 150,00 |

**7. Скрининг на црн дроб се врши со упат од доктор гастроентерохепатолог ОБРАЗЕЦ СУЗ, дијагностичка процедура**

Пропратната документација ќе биде доказ за сработеното за периодот за кој ќе се доставува фактура до Министерството за здравство и фактура за пакет на извршени услуги до Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија за осигурени лица. Фактурата и извештајот електронски се генерира во Националниот систем за електронска евиденција за скрининг на црн дроб.

### 8. Управа за електронско здравство

Управата за електронско здравство ќе обезбеди листа на пациенти кои се со зголемен ризик за појава на хепатоцелуларен карцином (пациенти со хроничен Б хепатитис, пациенти со хроничен Ц хепатитис, пациенти со црнодробна цироза од било која етиологија, пациенти со Вилсонова болест, со автоимун хепатитис или примарна билијарна цироза, пациенти со фамилијарна историја за ХЦЦ, пациенти со метаболен синдром, не-алкохолна и алкохолна масна болест на црн дроб, пациенти со дислипидемија). Овие пациенти ќе бидат повикани од својот специјалист гастроентерохепатолог на скрининг. Листата ќе содржи податоци за пациентот и за неговиот избран лекар.

Управата за електронско здравство во системот на Мој термин кај секој лекар гастроентерохепатолог, ќе ја понуди листата на пациенти со соодветната дијагноза предвидена за таа година за да може докторот да ги контактира пациентите и доколку пациентот ги исполнуваат услови да го закаже за скрининг за хепатоцелуларен карцином. Управата за електронско здравство ќе овозможи прикачување на резултат и пополнување на образец дефиниран од националната комисија. Управата за електронско здравство ќе овозможи техничка поддршка во однос на системот на Мој термин и за избраните лекари и за здравствените установи доколку имаат потреба од истата, одржување на обуки за имплементација на новиот модул за Скрининг на хепатоцелуларен карцином. Управата за електронско здравство ќе одржува обуки за презентација на нови функционалности поврзано со фактурирањето, крерирање нови корисници и ажурирање на податоци на постоечките, изготвување на извештаи за реализирани скрининзи за одредени периоди (месечни, квартални, полугодишни, годишни.

Цена на услуга за активности поврзани со организација на скрининг и рана детекција на црн дроб изнесува:

| Организација на скрининг и рана детекција на рак на црн дроб | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Р.б. | Управа за електронско здравство | лица | Единечна цена во денари | Износ вкупен годишно во денари |
| 1. | Техничко лице – администратор | 3 | 5.000,00 | 200.000,00 |

### 9. Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика - Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје

Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицинскиот факул-тет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, изготвува годишна евалуација за успешност на имплемен-тација на програмата за скрининг на рак на црн дроб и анализа на согледувања (наоди) преку мониторинг на клучни индикатори селектирани согласно ЕУ прописи. Селектираните клучни индикатори се однесуваат на: 1) скрининг опфат; 2) стапка на учество во скрининг; 3) стапка на задржување во скрининг; 4) стапка на откриени абнормалности со категоризација на наодот; 5) стапка на потреба и на одговор за доиследување; 6) стапка на рак на црн дроб со дополнителна категоризација на наодот; 7) стапка на интервален наод на рак на црн дроб; 8) статус на лимфни јазли и категоризација; 9) учество на скринингот во вкупен наод на рак на црн дроб; 10) просечно време од скрининг до: резултат од скрининг, финална дијагноза, прв третман; 11) просечно време од индикација до операција; 12) стапка на компликации поврзани со скрининг 13) ин-дицирани денови хоспитализација после скрининг; 14) стапка на компликации поврзани со дополнителни/ упатни прегледи од скрининг; 15) стапка на мажи/жени дијагностицирани со бенигни промени во црн дроб и категоризација на наодот; 16) стапка на мажи/жени дијагностицирани со карцином на црн дроб. Износ во денари: 100.000,00 денари.

Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје, ќе изготви и годишен извештај со анализа и толкување на се-лектирани клучни индикатори од скринингот со податоци добиени од прашалниците пополнети од учесни-ците во скринингот.Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицин-скиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје, годишната евалуација на програмата и извештајпт за скрининг на рак на црн дроб ја доставува во електронска форма до Националната комисија за скрининг и рана детекција на рак на црн дроб. Истата ќе биде каталогизирана во Националната установа Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ Скопје и ќе биде објавена на интернет страницата на Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје. Профилот на потребните податоци од спроведениот скрининг за рак на црн дроб за целите на годишниот извештај ги дефинира Институтот за епидемиологија и биоста-тистика со медицинска информатика, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје и ги обезбедува во соработка со Управата за електронско здравство (УЕЗ). Износ во денари: 100.000,00 денари.

Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, во рамките на модулот за досие за скрининг за рак на црн дроб во соработка со ЈЗУ Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија – Скопје, Институтот за Патолошка анатомија, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“– Скопје, како и професионалци од областа на хирургија и онкологија ќе изработи предлог алгоритам за нов модул за скрининг досие за рак на црн дроб. Истиот за прв пат би овозможил целосно електронско евидентирање на секој сегмент од процесот на скрининг и надминување на досегашните проблеми со форматите на многу резултати. Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, би го следел во реално време процесот на внес на податоци во базата на модулот за скрининг досие на рак на црн дроб и би реагирал по потреба за нејзино комплетирање во однос на предвидените податоци. Износ во денари: 100.000,00 денари.

Информатичкиот систем на Управата за електронско здравство (УЕЗ) собира и генерира специфични податоци и обезбедува сеопфатна информатичка поддршка која е на располагање на Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, во спроведувањето на неговите активности во рамките на скрининг програмата за рак на црн дроб. Профилот на потребните податоци од спроведениот скрининг за целите на годишниот извештај и евалуацијата за скрининг на рак на црн дроб ги дефинира Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје. Во рамките на активностите за евалуацијата, извештајот и модулот за скрининг досие за рак на црн дроб, Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, тесно ќе соработува со Управата за електронско здравство.

| Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика- Медицинскиот факултет , Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје | | | |
|---|---|---|---|
| Р.б. | активност | кол | Единечна цена во денари |
| 1. | Годишен извештај за скрининг и рана детекција на рак на црн дроб<br>Евалуација на програмата за скрининг на рак на црн дроб<br>Модул за скрининг досие за рак на црн дроб и креирање на алгоритам | 3 | 100.000,00 |

**10. Финансирање на активностите и извршители;**

| Р.б. | Активности | Извршители | Обем на активност | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Организација на скрининг и рана детекција на рак на црн дроб | Управа за електронско здравство, Министерство за здравство | 1 | 200.000,00 |
| 2. | Евалуација на програмата за скрининг на рак на црн дроб – (годишна евалуација за претходната година)<br>Годишен извештај за скрининг на рак на црн дроб<br>Модул за досие за скрининг за рак на црн дроб и креирање на алгоритам | Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика- Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје | 1 | 300.000,00 |
| 3. | Тим во Јавна здравствена установа (спец.гастроентерохепатолог,медицинска сестра, болничар) за тимот од здравствената установа кој ќе врши скрининг на рак на црн дроб надвор од работно време | Јавни здравствени установи скрининг колоноскопија | 1 | 2.000,00 |
| 4. | Пакет за неосигурени лица скрининг црн дроб | Министерство за здравство | 1 | 1.500,00 |
| 5. | Партиципацијата за осигурени лица во зависност од пакетот кој се избира од страна на специјалистот гастроентерохепатолог и тоа: АИМ19 | Министерство за здравство | 1 | 40,00 |
| 6. | Партиципацијата за осигурени лица во зависност од пакетот кој се избира од страна на специјалистот гастроентерохепатолог и тоа: АИМ35 | Министерство за здравство | 1 | 150,00 |

**11. Следење на реализација на Програмата**

Следење на спроведувањето на оваа програма, ја врши Министерство за здравство во соработка со Национална комисија за рана детекција и скрининг на рак на црн дроб на Република Северна Македонија и Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје, истиот се објавува на интернет страницата на Министерството за здравство.

**V. Национални студии за рак на дојка, рак на простата, рак на матка, рак на дебело црево, рак на црн дроб, рак на бели дробови, рак на кожа и кардиоваскуларни болести - Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје**

1. Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицински факултет, Универзитет „Свети Кирил и Методиј“- Скопје, согласно препораките на Светската здравствена организација, Европскиот центар за контрола на болести и Европската Унија, спроведува годишни национални студии за болестите од најголем јавно здравствен интерес за населението и здравствените авторитети во Република Северна Македонија. Националните студии се однесуваат на најчестите малигни заболувања (рак на дојка, рак на простата, рак на матка, рак на дебело црево, рак на црн дроб, рак на бели дробови и рак на кожа), како и на кардиоваскуларните болести. Болестите од интерес за студиите се водечки од аспект на учеството во вкупниот морталитет и морбидитет во земјата. Според дизајнот се работи за аналитички студии на пресек кои го обработуваа морбидитетот и морталитетот на секое од горе споменатите заболувања поединечно како и нивната развојна тенденција.

Извор на податоци за Националните студии за рак на дојка, рак на простата, рак на матка, рак на дебело црево, рак на црн дроб, рак на бели дробови, рак на кожа и кардиоваскуларни болести во Република Северна Македонија, се единствените бази за морбидитетни податоци на Управата за електронско здравство и на морталитетни податоци на Државниот завод за статистика. Анализата на морбидитетот се однесува на сите лица кои во периодот 2017-2023 година, се регистрирани во системот за електронска евиденција во здравството – Мој термин со едно од селектираните заболувања. За анализата на морталитетот опфатен е периодот 2017-2023 година и за оваа цел се користат податоците добиени од потврдите за смрт регистрирани во Државниот завод на статистика во селектираниот период.

Национални студии за рак на дојка, рак на простата, рак на матка, рак на дебело црево, рак на црн дроб, рак на бели дробови, рак на кожа и кардиоваскуларни болести во Република Северна Македонија имаат за цел да обезбедат: а) увид во грубата и стандардизирана стапка на инциденција според возраст (ASIR); б) увид во грубата и стандардизирана стапка на морталитет според возраст (ASMR); в) дистрибуција на грубите и стандар-

дизирани стапки на морбидитет и морталитетот според региони, како и значајноста на утврдените разлики; г) анализа на значајност на разликите во морбидитетот/морталитетот од овие заболувања според возраст како и во однос на возрасни групи под/над 50 години; д) утврдување на просечната годишна процентуална промена и годишна процентуална промена на секое од заболувањата поединечно; ѓ) учеството на секоја од болестите во вкупниот морталитет, морталитетот од неоплазми, и морталитетот според пол; е) споредба на состојбата на морбидитетот/морталитетот од селектираните болести во Република Северна Македонија со проценките на Глобокан (GLOBOCAN) 2020 за земјите од Европскиот континент; ж) утврдување на значајност на разликите меѓу грубата стапка на морбидитет/морталитет според националност, место на живеење, образование итн. Добиените податоци од Национални студии за рак на дојка, рак на простата, рак на матка, рак на дебело црево, рак на црн дроб, рак на бели дробови, рак на кожа и кардиоваскуларни болести во Република Северна Македонија, имаат за цел градење на традиција на публикување на континуирани годишни научни истражувања за состојбата со малигномите и кардиоваскуларните заболувања. Истовремено овие студии укажуваат на податоци од непроценлива важност за јавноста и здравствените авторитети во земјата. Тие претставуваат основна алатка за креирање на превентивни стратегии и помагаат за профилирање на земјата во светските бази на научни следења што овозможува споредба со другите земји.

Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје, изготвените Национални студии ги каталогизира во Националната установа Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ Скопје и ги поднесува во електронска верзија. Со цел за достапност на овие научни студии за истражувачки, академски, здравствено-политички и информативни цели, тие се објавуваат на интернет страницата на Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје.

Управата за електронско здравство обезбедува бази на податоци за заболени лица од рак на дојка, рак на простата, рак на матка, рак на дебело црево, рак на црн дроб, рак на бели дробови и рак на кожа), како и на заболени од кардиоваскуларните болести, според селектирани параметри за периодот 2015-2023 година. Во рамките на одржувањето на интернет страницата на Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје, Управата за електронско здравство ги објавува и Националните студии.

**2. Финансирање на активностите и извршители:**

| Р.б. | Активности | Извршители | Количина | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Национална студија за рак на матка | Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје, Управа за електронско здравство | 1 | 180.000,00 |
| 2. | Национална студија за рак на дојка | Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје, Управа за електронско здравство | 1 | 180.000,00 |
| 3. | Национална студија за рак на простата | Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје, Управа за електронско здравство | 1 | 180.000,00 |
| 4. | Национална студија за рак на дебело црево | Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје, Управа за електронско здравство | 1 | 180.000,00 |
| 5. | Национална студија за рак на црн дроб | Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје, Управа за електронско здравство | 1 | 180.000,00 |
| 6. | Национална студија за рак на кожа | Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје Управа за електронско здравство | 1 | 180.000,00 |
| 7. | Национална студија за рак на бели дробови | Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје, Управа за електронско здравство | 1 | 180.000,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8. | Национална студија за кардиоваскуларни болести | Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје, Управа за електронско здравство | 1 | 180.000,00 |

**VI. Финансиски средства за Програма за рана детекција и скрининг на малигни заболувања во Република Северна Македонија за 2025 година**

Вкупните средства за реализација на оваа програма, изнесуваат 23.000.000,00 денари. Оваа програма ќе се реализира во рамките на средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година. Во Програмата предвидени се средства за неизмирени обврски по основ на остварени права согласно Програмата за рана детекција и скрининг на малигни заболувања во Република Северна Македонија за 2024 година.

**VII. Доставување на извештаи и рокови**

Распределбата на средствата од оваа програма, ќе ја врши Министерството за здравство кон извршителите на активностите, врз основа на доставени фактури изготвени според приложените формати за изготвување на фактури, со уредно пополнети наративни извештаи за имплементација на активностите, преглед на трошоци, изјава за потврда на спроведените активности и точноста на доставените податоци во извештајот, фактура, докази за извршена набавка, договори и друга документација.

**VIII. Влегување во сила**

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-944/5
4 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

**617.**

Врз основа на член 45 став (3) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19, 244/19, 275/19, 110/21, 123/22, 65/23 и 218/24), а во врска со член 37 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 254/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ПОТРОШУВАЧКА НА СВЕЖО ОВОШЈЕ ЗА 2025 ГОДИНА**

I

(1) Со оваа програма ќе се реализираат мерки за финансиска поддршка во земјоделството за поттикнување на потрошувачката на свежо овошје произведено во 2025 година во Република Северна Македонија.

(2) Средствата за реализација на оваа програма во износ од 40.000.000,00 денари обезбедени согласно Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 254/24) раздел 14004 – Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (во натамошниот текст: Агенцијата), потпрограма 22 – Поттикнување на потрошувачка на свежо овошје, млеко и млечни производи, ставка 464 – Разни трансфери ќе се користи за:

| Број на мерка | Име на мерката | Вкупен износ на мерката во денари |
|---|---|---|
| 1. | Финансиска поддршка за откуп, пакување и дистрибуција на свежо овошје | 40.000.000,00 |
| Вкупно | | 40.000.000,00 |

II

Средствата од делот I став (2) од табелата од оваа програма за мерката 1. „ Финансиска поддршка за откуп, пакување и дистрибуција на свежо овошје“, во износ од 40.000.000,00 денари се наменети за реализација на:

| Код на подмерка | Име на подмерка | Корисници на поддмерката и висина на финсиска поддршка |
|---|---|---|
| 1.1. | Финансиска поддршка за откуп, пакување и дистрибуција на органски или неоргански кајсии, праски, сливи, круши и јаболка од реколта 2025 година произведени во Република Северна Македонија | 1.Корисници на оваа подмерка се регистрираните откупувачи кои извршиле откуп, пакување и дистрибуција на органски или неоргански кајсии, праски, сливи, круши и јаболка од реколта 2025 година произведени во Република Северна Македонија и:<br>-откупот на органски или неоргански кајсии, праски, сливи, круши и јаболка го извршиле за производи од овошје од прва класа кои ги исполнуваат |

| | | |
|---|---|---|
